**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1337**

Скопје, 15 септември 2025 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1337 ОД 15 СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Ристе Волчев, м-р Никола Постолов**)........6
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Елена Крстевска, Филип Вељановски, Сара Јанческа, Верица Трендова, Виктор Милошески, Влатко Манчев, Бобан Гоцевски**)........7

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии** од **м-р Ивона Тасевска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........8-17
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Сашо Нефовски, м-р Ангела Костовска**)........18
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ана Томиќ, Матеја Јосифовска, Сузана Бошковска Златаревска, Надица Николоска, Мукбил Реџепи, Наталија Глушац, Фросина Галабовска, Дијана Крстевска, Велика Петкова, Аница Мојсоска, Александра Аврамова, Ана Жабевска, Бранкица Симевска, Христина Дабеска**)........19-21

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Векторска анализа** од авторите: **Весна Андова, Павел Димовски, Томи Димовски** и **Бојан Прангоски**........22-27

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) меѓународно приватно право, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**д-р Вангел Доковски**)........28-44
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) административно право и наука за управата, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**д-р Константин Битраков**)........45-63
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Анализа на развојот на правната регулатива за бегалци и на бегалските кризи од поновата историја** од **м-р Димитар Спасевски**, пријавена на на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје........64-68
4. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Сара Анастасовска**)........69

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научната област екологија и животна средина, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**ас. м-р Марија Чобанова**)........70-81
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Нови пулсни волтамметриски техники: теорија и примена** од **м-р Леон Стојанов**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје........82-88

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција, на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**проф. д-р Марина Ефтимоска**)........................89-103

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

**1.** Исправка на објавениот Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во наставно-научната област (дисциплина) репродукција, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1335 од 15 август 2025 година (**д-р Игор Есмеров**)..........................................................................................................104

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

**1.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.11.12.05 – технологија на финално производство, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**д-р Никола Михајловски**)..........................................................................................................105-117

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Стефан Златинов, м-р Бобан Темелковски**)..........................................................................118
**2.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Анастасија Стефановска, Ангела Вељаноска, Виолета Цуцулова**)..................................................119

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

**1.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 6.04.00.03 – заштита, конзервација и реставрација на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Маријета Сидовски**)....................120-132

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Социолошкиот профил на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ** од **м-р Емил Димитриев**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.........................................................................133-142
**2.** Исправка...........................................................................................................................143

Во објавениот Билтен број **1282 од 15.4.2023** година е направена техничка грешка, бидејќи не се објавени два прегледа. Заради направната техничка грешка се врши исправка и се објавуваат:

- Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација од кандидатката: **м-р Клаудија Велкова-Мановска**...........................................................................................144
- Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови од кандидатите: **Катерина Росикопулос, Александра Јелиќ-Исаиловска, Александра Јорданов, Никола Величковски и Филип Ицовски**...........................................................................................145

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

**1.** Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Лилјана Богоевска - Василевска**)..........................................................................................................146

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО**

**1.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научното поле (5.02) економија и бизнис, во наставно-научната област (дисциплина) (5.02.00.09) друго (економска статистика), на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје (**д-р Самоил Малчески**)........147-164

**2.** Реферат за избор на едно лице во соработничко звање – асистент/асистент истражувач во наставно-научната област економика на земјоделството, на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје (**м-р Давид Салтамарски**)..........................................................................................165-168

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“**

**1.** Реферат за избор на соработник истражувач во сите наставно-научни звања од научната област современ македонски јазик во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**д-р Марија Пандева**)..................................................................169-190

2. Реферат за повторен избор на асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија, во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**м-р Андријана Павлова**)..........................................................................................................................191-197

**3.** Реферат за повторен избор на асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија, во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**м-р Антоанета Тримчевиќ**)........................................................................................................................198-202

**4.** Реферат за преизбор на соработник истражувач/асистент истражувач во областа историја на македонскиот јазик, во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**м-р Душко Деспотовски**)..........................................................................................................203-208

**5.** Реферат за повторен избор на асистент истражувач во научната област комуникологија, во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**м-р Марија Антевска-Рисафова**)..........................................................................................209-214

**6.** Реферат за повторен избор на асистент истражувач во областа ономастика, во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**м-р Мирјана Вељаноска-Томовска**)...................................................................................................................215-219

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

на 556. СЕДНИЦА НА ННС 27.8..2025

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | м-р Ристе Волчев | пределување на проектни параметр онструкции со торзиона нерегуларн | Determination of Design Parameters for Structures with Torsional Irregularity | проф. д-р Љупчо Лазаров | 4.9.2025 02/109-183 |
| 2 | м-р Никола Постолов | дентификација на гранични состојб штети кај двојни армиранобетонск системи | Identification of damage limit states in RC dual systems | проф. д-р Љупчо Лазаров | 4.9.2025 02/109-182 |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Скопје, УКИМ - 556. СЕДНИЦА НА ННС ОД 27.8.2025Г.

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Елена Крстевска дипл. град. инж. | *Методи на санација на опожарени објекти од високоградба* | *Methods for rehabilitation of fire-damaged structures from highrise construction* | Проф. д-р Мери Цветковска | 10.9.2025 02/109-190 |
| 2 | Филип Велјановски, дипл. геод. инж. | *Планирање и реализација на примарна инфраструктура кај градски населби* | *Planning and implementation of primary infrastructure in new urban settlements* | Проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев | 10.9.2025 02/109-189 |
| 3 | Сара Јанческа, дипл. град. инж. | *Споредбена анализа на техничко-економски аспекти при стабилизација на долен строј на експресен пат* | *Comparative analysis of techno-economic aspects in subgrade stabilization of expressways* | Проф. д-р Златко Зафировски | 10.9.2025 02/109-188 |
| 4 | Верица Трендова, дипл. град. инж. | *Анализа на периодот на врќање на инвестицијата од мерки за енергетска ефикасност во јавни образовни институции* | *Payback period analysis of energy efficiency interventions in public educational institutions* | Проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 10.9.2025 02/109-187 |
| 5 | Виктор Милошески, дипл. град. инж | *Анализа на економска оправданост на различни типови потпорни конструкции* | *Analysis of the economic justification of different types of retaining structures”* | Доц. д-р Сеад Абази | 10.9.2025 02/109-186 |
| 6 | Влатко Манчев, дипл. град. инж. | *Споредба на европската и македонската регулатива за противпожарна заштита на објектите и нивна практична примена на постоечки објект* | *Comparison of European and Macedonian regulations for fire protection of buildings and their practical implementation on an existing building* | Проф. д-р Мери Цветковска | 10.9.2025 02/109-185 |
| 7 | Бобан Гоцевски, дипл. геод. инж. | *Анализа на промените на Земјината покривка кај површински копови со користење на сателитски снимки(* | *Analysis of land cover changes in open-pit mines using satellite images* | Проф. д-р Лазо Димов | 10.9.2025 02/109-184 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД „БИХЕЈВИОРИСТИЧКИТЕ ФИНАНСИИ КАКО АЛТЕРНАТИВЕН ПРИСТАП ВО ТЕОРИСКИТЕ И ЕМПИРИСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ФИНАНСИИ“ ОД М-Р ИВОНА ТАСЕВСКА, ПРИЈАВЕН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на 17.6.2025 година, донесе Одлука бр. 02-1203/14 за формирање Комисија за оцена на докторскиот труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска со наслов: **БИХЕЈВИОРИСТИЧКИТЕ ФИНАНСИИ КАКО АЛТЕРНАТИВЕН ПРИСТАП ВО ТЕОРИСКИТЕ И ЕМПИРИСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ФИНАНСИИ**, во состав: проф. д-р Ѓорѓи Гоцков (претседател), проф. д-р Владимир Филиповски (ментор), проф. д-р Сашо Арсов (член), проф. д-р Кирил Јовановски (член) и проф. д-р Елена Наумовска (член).

Комисијата во наведениот состав со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска со наслов: „Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии“ содржи вкупно 307 страници компјутерски обработен текст. Главниот текст на докторскиот труд, кој се состои од Вовед, пет глави и Заклучни согледувања, има 269 страници. Трудот содржи и два апстракта, на македонски и на англиски јазик, преглед на содржината, како и список на референци кој содржи 352 ставки (на 17 страници), и тоа: книги, статии во научни списанија, релевантни стручни извештаи и интернет-ресурси. Во докторскиот труд има 67 табели, 26 графикони и 2 посебни прилога.

Содржината на докторскиот труд, покрај *Вовед* и *Заклучни согледувања*, е структурирана во следниве пет глави:

Глава 1. Традиционални (неокласични) наспроти бихејвиористички финансии.
Глава 2. Хипотеза за ефикасни пазари – информациска ефикасност на пазари со рационални инвеститори.
Глава 3. Бихејвиористички финансии – систематизација на теориските и емпириските истражувања.
Глава 4. Импликации на бихејвиористичките финансии врз регулацијата на пазарите на хартии од вредност.
Глава 5. Емпириска анализа на бихејвиористичките аспекти на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија и во земјите од Југоисточна Европа.

Во Воведот се презентирани предметот и целта на истражувањето, планот на презентација на истражувањето во докторскиот труд, како и очекуваниот научен придонес.

**Првата глава** на докторскиот труд дава детален преглед на разликите помеѓу традиционалните и бихејвиористичките финансии. Традиционалниот (неокласичен) пристап се базира на претпоставката дека инвеститорите се рационални актери кои ги максимизираат своите корисности врз основа на целосни информации. Во оваа рамка,

модели како што се Моделот за вреднување на капитални средства (Capital Asset Pricing Model) и Хипотезата за ефикасни пазари (Efficient Market Hypothesis) се користат за објаснување на ценовната динамика и инвестициското однесување. Сепак, емпириските тестирања и идентификуваното влијание на психолошки фактори (претераната самодоверба, прекумерното реагирање, однесување на стадо и др.) ја доведуваат во прашање претпоставката за рационално однесување. Имајќи ги предвид ваквите истражувања, бихејвиористичките финансии вклучуваат психолошки фактори кои водат кон ограничена рационалност како што се емоциите, хеуристиките (менталните кратенки) и когнитивни пристрасности, објаснувајќи дека инвеститорите често прават систематски грешки. Овој пристап се потпира на трудовите на Хенри Сајмон, Даниел Канеман и Амос Тверски и предлага дека финансиските одлуки се резултат на психолошки обрасци на однесување и влијанија од социјалното окружување, а не само на пресметана логика. Главата понатаму се осврнува и на новите насоки во бихејвиористичката економија, вклучувајќи ја втората генерација бихејвиористички финансии, која не само што идентификува отстапувања од рационалноста, туку ги вклучува и адаптивните и еволутивните аспекти на инвеститорското однесување. Во оваа насока, се разработува и невроекономијата како интердисциплинарно поле што ги поврзува економијата, когнитивната психологија и невронауката, со цел да се разбере како навистина функционира човечкиот мозок при носење одлуки под ризик и неизвесност. Преку техники, како што е функционалната магнетна резонанца (fMRI), се истражува како областите на мозокот поврзани со емоции, награда и страв, влијаат на финансиското расудување. Така, современите финансии преминуваат од чисто рационален модел кон модел кој го опишува реалното, често ирационално, но психолошки конзистентно човечко однесување. Главата заклучува дека интегрирањето на економска логика со психолошка и невролошка реалност води кон пореалистични и применливи модели на инвестирање.

Во **втората глава** на докторскиот труд детално се анализира *Хипотезата за ефикасни пазари*, како централна идеја на неокласичната финансиска теорија според која цените на хартии од вредност брзо и целосно ги одразуваат сите достапни информации. Преку анализа на концепти како случајна патека и фер игра, се разгледуваат трите степени на информациска ефикасност: слаба, полусилна и силна форма, во зависност од типот на информации кои ги рефлектираат пазарните цени на хартиите од вредност. Теоријата на Јуџин Фама (Eugene Fama) се комбинира со погледите на Роберт Шилер (Robert Shiller), Зви Боди (Zvi Bodie) и други автори, а преку примери, како компанијата eToys и пазарните настани од 1987 година, се покажуваат и ограничувањата на Хипотезата за информациски ефикасни пазари, особено во ситуации на прекумерна пазарна реакција и формирање ценовни шпекулативни меури. Исто така, се дискутираат техничката и фундаменталната анализа и нивната ограничена вредност во контекст на ефикасните пазари. Голем дел од главата е посветен на резултатите од емпириските тестови за информациската ефикасност, со фокус на тестовите за слаба форма на ефикасност, вклучувајќи сериска корелација, филтер тестови и тестови за моментум и реверзија на приносите. Истражувањата покажуваат дека, иако краткорочните приноси понекогаш се предвидливи (што е информациона неефикасност), сепак, на долг рок се забележува приспособување на цените околу нивните фундаментални вредности кај развиените пазари на хартии од вредност. Разгледани се и импликациите на хипотезата на ефикасни пазари врз инвестициските стратегии, особено преферирањето на пасивно управување со портфолио, инвестирање во индексни фондови, како и улогата на регулацијата на пазарите на хартии од вредност во подобрување на транспарентноста, а со тоа и на информациската ефикасност на пазарите. Заклучно, се истакнуваат границите на хипотезата за ефикасни пазари, особено во контекст на бихејвиористичките отстапувања и променливата пазарна рационалност.

**Третата глава** на докторскиот труд се фокусира на основните принципи на бихејвиористичките финансии како алтернатива на традиционалната рационална теорија на пазарите. Психолошките девијации во однесувањето на инвеститорите, односно психолошките механизми како што се: когнитивна дисонанца, пристрасности во перцепцијата и меморијата, како и употребата на хеуристики, се објаснети преку бројни примери и резултати од експериментални истражувања. Дополнително, разработена е и Теоријата на перспектива (Prospect Theory), предложена од Канеман (Kahneman) и Тверски (Tversky), која покажува дека инвеститорите не ја проценуваат добивката и загубата на ист начин – тие се многу почувствителни на загуби отколку на еквивалентни добивки, што резултира со различно однесување во различни ситуации на извесност и неизвесност. Понатаму, посебно внимание е посветено на хеуристиките (менталните кратенки) како што се: достапност, репрезентативност и засидрување, кои често доведуваат до ирационални одлуки на инвеститорите. Илустрирани се некои од ефектите на бихејвиористичките пристрасности како што се: т.н. „жешка рака“, „коцкарска заблуда“ и расудување преку наративи, наместо квантитативна анализа. Развиена е и дискусија за шпекулативните меури, односно ситуациите кога пазарните цени значително и долготрајно отстапуваат од фундаменталните вредности поради масовна психолошка возбуда, однесување стадо и прекумерна доверба во одредени трендови. Овие ментални кратенки, иако корисни во секојдневието, често резултираат со погрешни финансиски одлуки. Заклучно, главата поставува основа за понатамошна дискусија за тоа како овие бихејвиористички девијации може да се адресираат преку подобрена финансиска регулација и поквалитетна финансиска едукација.

Во **четвртата глава** на докторскиот труд, посветена на импликациите на бихејвиористичките финансии за регулацијата на пазарите на хартиите од вредност, се анализира како сознанијата од бихејвиористичките финансии можат да се интегрираат во регулацијата на пазарите на хартии од вредност, со цел да се подобри заштитата на инвеститорите и ефикасноста на финансиските системи. Преку преглед на релевантни истражувања се покажува дека инвеститорите често одлучуваат под влијание на хеуристики и пристрасности, што доведува до погрешно вреднување, прекумерно тргување и слаба диверзификација. Оттаму, се предлагаат подобрени модели на обелоденување на ризиците, поадекватни образовни програми и редизајнирање на финансиските производи. Во овој контекст, дополнително се анализираат регулациските промени после Глобалната финансиска криза 2007-2009 год., особено воведувањето на институции како што е Бирото за финансиска заштита на потрошувачите во САД и регулациските реформи содржани во Директивата на ЕУ за финансиски пазари MiFID. Посебно место е посветено на истражувањата и препораките на Меѓународната организација на комисии од вредност (IOSCO) насочени кон примена на сознанијата на бихејвиористичките финансии при дизајнирање на регулацијата на хартиите од вредност, посебно од аспект на заштитата на малите инвеститори, а се во врска со дизајнот на обелоденувањето на информациите за финансиските инструменти, делувањето на онлајн интерфејсите за финансиско советување и сл. Истакнати се препораки за балансирана регулација што ќе ги адресира реалните ограничувања на инвеститорите, без да се наруши пазарната динамика. Исто така, истакнати се предлозите за повеќеслојна регулациска рамка што комбинира традиционални и бихејвиористички пристапи, со акцент на транспарентноста, надзорот и приспособувањето на регулациите според специфичностите на развиените пазари од една страна и на младите, растечки пазари на хартии од вредност од друга страна.

**Во петтата глава** на докторскиот труд е содржана примената на одредени методи и модели на емпириска анализа на бихејвиористичките елементи во функционирањето на македонскиот пазар на хартии од вредност. Дел од ваквата емпириска анализа има компаративна природа, бидејќи, покрај Македонската берза, опфатени се и пет берзи од регионот на Југоисточна Европа, и тоа: Белградската берза,

Бугарската берза, Загрепската берза, Љубљанска берза и Сараевската берза. Во петтата глава се извршени следниве четири посебни емпириски истражувања:

1. Примена на моделот на нобеловецот Роберт Шилер за анализа на евентуално присуство на феноменот на „прекумерна волатилност“ на македонскиот пазар на акции (Excess Volatility Hypothesis).
2. Анализа на нивото на информациската ефикасност на шесте берзански пазари на акции од регионот на Југоисточна Европа, и тоа преку примена на следниве статистичко-економетриски тестирања: (1) тест на автокорелација (Autocorrelation Test); (2) тест на коефициентот на варијансите (Variance Ratio Test); (3) тест за промени на знакот на истонасочни движења на цените (Runs Test) и (4) тестот на Колмогоров и Смирнов за отстапување на фактичкиот распоред на веројатностите на приносите од теорискиот нормален распоред на веројатностите (Kolmogorov-Smirnov Test of Normality).
3. Анализа на отстапувањата на пазарните цени од фундаменталните вредности, одредени со модели на вреднување со пазарни мултипликатори, за група на македонски акции.
4. Анализа на факторите на влијание врз инвеститорите на македонскиот берзански пазар преку спроведена анкета.

Докторскиот труд завршува со Заклучни согледувања. Во тој дел, кандидатката ги сумира основните резултати од теориската и емпириската анализа, како и заклучоците кои можат да бидат релевантни од аспект на регулациските политики на пазарот на хартии од вредност, вклучително и аспектите на финансиската писменост и едукација.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на докторскиот труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска со наслов: „Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии“ претставуваат теориските и емпириските аспекти на бихејвиористичките финансии, како една нова гранка во современите финансии која нуди алтернативен пристап во однос на стандардните неокласични финании. Во докторскиот труд систематски се истражуваат теориските и емпириските придонеси на бихејвиористичките финансии во анализата на функционирањето на современите развиени финансиски пазари. При тоа, докторскиот труд вклучува и емпириска анализа на бихејвиористичките аспекти на функционирањето на пазарите на хартии од вредност во регионот на Југоисточна Европа, со посебен акцент на македонскиот пазар на хартии од вредност.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд**

Почетоците на бихејвиористичките финансии како нова гранка во науката на современите финансии можат да се лоцираат во 1970-тите и во 1980-тите, кога се појавуваат финансиски-емпириски анализи кои ја проблематизираат применливоста на Хипотезата за ефикасни пазари. На теориски план, еден од главните придонеси е оној на Канеман и Тверски од 1979 година и нивната Теорија на перспективата, која претставува примена на психологијата во објаснување на економското однесување генерално. Клучниот придонес во бихејвиористичките финансии доаѓа од Роберт Шилер, којшто во периодот 1980-2000 год., прави фундаментални научни анализи на прекумерната волатилност (т.е. флуктуирање) на цените на акциите и влијанието на т.н. ирационални фактори (фактори од психолошка природа) врз однесувањето на инвеститорите на финансиските пазари, за што ја добива Нобеловата награда за економија во 2013 година. Бихејвиористичките финансии денес се етаблирана гранка во науката на современите финансии, со анализи и истражувања на влијанието на

когнитивните пристрасности, емоциите и пазарните аномалии врз движењата на цените и приносите на финансиските пазари.

**Краток опис на применетите методи**

Методологијата на истражувањата во докторскиот труд вклучува примена на теориска и емпириска анализа.

Теориска анализа претставува анализа на релевантните научни придонеси во финансиската и економската теорија поврзани со бихејвиористичките финансии. Во трудот е вклучена анализа на теориските претпоставки на бихејвиористичките финансии поврзани со критички елаборации на стандардната неокласична финансиска теорија. Понатаму, преку анализа на широк спектар на теориски и емпириски истражувања за функционирањето на модерните, развиени финансиски пазари, елаборирани се клучните типови на отстапувања од моделот на перфектно рационален инвеститор, кои се резултат на влијанието на когнитивни ограничености и психолошки фактори. Исто така, анализирани се импликациите од бихејвиористичките фактори врз процесот на финансиско инвестирање и врз дизајнот на финансиската регулација.

Емпириската анализа во трудот е изработена со примена на квантитативни методи на научно истражување. Емпириската анализа вклучува неколку статистички и економетриски модели. Најпрво, во рамките на анализата на прекумерната волатилност на пазарните цени на акциите според пристапот на Роберт Шилер, применети се моделот на дисконтирање на дивидендите и Гордоновиот модел за вреднување на акциите, за да се одредат фундаменталните вредности на пет акции од индексот МБИ10. Потоа е направена споредба на варијансите на фактичките пазарни цени со варијансите на фундаменталните вредности на секоја од петте акции, со цел тестирање на хипотезата за прекумерна волатилност на цените. Понатаму, применети се четири статистичко-економетриски тестирања на нивото на информациска ефикасност на шест регионални берзански индекси (вклучително и македонскиот) и тоа: (1) тест на автокорелација (со временски задоцнувања од 1 до 10 дена); (2) тест на коефициентот на варијансите (за периоди од 2, 4, 8 и 16 дена); (3) тест за промени на знакот на истонасочни движења на цените (Runs Test) и (4) тест на Колмогоров и Смирнов за отстапување на фактичкиот распоред на веројатностите на приносите од теорискиот нормален распоред на веројатностите. Целта е да се тестира отстапувањето од моделот на т.н. „случајна патека“ во движењето на приносите на шесте берзански индекси, кој се смета како модел за информационо ефикасен пазар. Дополнително, со примена на модел за вреднување на акции, базиран на пазарните мултипликатори P/E (соднос: пазарна цена/нето добивка по акција) и P/B (соднос: пазарна цена/книговодствена вредност по акција), проценети се отстапувањата на просечните пазарни цени од фундаменталните вредности на десет акции кои го сочинуваат македонскиот берзански индекс МБИ10. Таквите отстапувања се индикација за степенот во кој инвеститорите на македонскиот пазар на акции отстапуваат од рационалниот модел при вреднување на акциите.

Исто така, во емпириската анализа е применет методот на анкета, спроведена помеѓу инвеститорите на македонскиот пазар на хартии од вредност. Анкетните прашања се формулирани на таков начин што би овозможил да се открие присуството на бихејвиористички елементи во однесувањето на инвеститорите. Применета е Ликертовата скала на оценување, а за проценка на интерната конзистентност на анкетните прашалници е применет коефициентот Кронбах-алфа. Потоа, изработена е дескриптивна статистичка анализа на одговорите на испитаниците, систематизирани според неколку бихејвиористички хеуристики: преголема самодоверба, засидрување, однесување на стадо, изразена аверзија или толеранција кон ризикот, ниво на информациска и аналитичка заснованост на инвестициските одлуки, како и степенот на

диверсифицираност на портфолијата на испитаниците. Понатаму, применет е Колмогоров-Смирнов тест за нормалноста на дистрибуцијата на одговорите, модифициран за мали примероци, како и анализа на индикаторите за асиметричност и сплоснатост на дистрибуциите на одговорите во прашалниците. Исто така, употребена е и Бајесова статистичка анализа за тестирање дали постои конзистентност во однесувањето кај инвеститорите, групирани според демографските и економските карактеристики.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Овде ќе бидат синтетизирани резултатите од четирите модели на емпириска анализа, т.е од квантитативни научни истражувања кои се содржани во докторскиот труд.

Во рамки на Шилеровиот модел за прекумерна волатилност, истражувањето на петте македонски акции покажува дека волатилноста на пазарните цени на акциите е во просек 3,6 пати поголема во споредба со волатилноста на нивните фундаментални вредности.

Резултатите од тестовите на автокорелацијата покажуваат дека пет од шесте регионални берзански пазари покажуваат значајно присуство на автокорелација на приносите, што укажува на предвидливост на приносите и оттаму, отстапување од хипотезата за ниска информациска ефикасност на пазарите.

Резулатите од тестовите на коефициентот на варијансите покажува дека со многу мали исклучоци, шесте регионални пазари пројавуваат коефициенти со вредност над 1,00, посебно за 16-дневни периоди, што укажува на значителни отстапувања од хипотезата за информациска ефикасност на пазарите.

Во однос на тестовите за промена на знакот на секвенци на истонасочни движења на приносите, резултатите од истражувањето покажуваат дека дел од регионалните берзи (четири од нив), генерално, се информациски ефикасни, додека останатите две берзи се информациски неефикасни пазари.

При користењето на пазарните мултипликатори за одредување на фундаменталната вредност на акциите од индексот МБИ10, резултатите од истражувањето покажуваат дека кај сите акции постои значително отстапување на пазарните цени од фундаменталните вредности, при што доминираат негативните отстапувања (дисконти). Во просек, отстапувањето изнесува 35 % во однос на пазарната (фундаменталната) вредност на акцијата.

Од аспект на спроведената анкета на инвеститорите, резултатите од истражувањето индицираат постоење на одредени бихејвиористички пристрасности кај анкетираните инвеститори. При тоа, релативно најизразени бихејвиористички пристрасности се оние поврзани со преголемата самодоверба, како и со засидрувањето, кое што е блиску поврзано со ефектот на диспозиција, т.е. одбегнување на реализација на загубата. Одговорите на анкетните прашања за диверсифицираноста на портфолијата индицираат отсуството на поголем степен на диверсификација на портфолијата, заедно со изразеното третирање на секоја акција како посебна инвестиција, што може да биде индиција и за постоењето на бихејвиористичката пристрасност „ментално сметководство“.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Врз основа на внимателна анализа на поднесениот докторски труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска со наслов: „Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии“, Комисијата за оценка на трудот констатира дека поднесениот труд ги содржи сите потребни елементи на еден квалитетен докторски труд, изработен врз основа на примена на соодветна научноистражувачка методологија.

**Главни научни придонеси на кандидатот**

Кандидатката м-р Тасевска, преку анализа на обемна теориска и емпириска литература, прави детално споредбено разгледување на неокласичниот и бихејвиористичкиот пристап во модерните финансии. Преку критичкото преиспитување на постулатите на рационалноста на неокласичните финансии, кандидатката изработила квалитетна ситематизација на клучните придонеси на бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап кој го истакнува влијанието на когнитивните процеси, како и психолошките и социјалните фактори, врз инвеститорското однесување. Во овој контекст, кандидатката ги елаборира и придонесите на т.н. втора генерација на бихејвиористички финансии, која ја вклучува невроекономијата, како интердисциплинарна област која ги поврзува економијата, психологијата и невронауката и која овозможува потемелно разбирање на процесот на одлучување во услови на ризик и неизвесност.

Исто така, кандидатката успеала да ги поврзе сознанијата од теориската анализа на бихејвиористичките финансии со нивните импликации врз дизајнирање на финансиската регулација. Тоа значи дека при дизајнирањето на финансиската регулација би требало да се земат предвид отстапувањата од идеалот на перфектно рационалното користење на перфектни информациите од страна на инвеститорите и прифаќање на фактот за постоење на бихејвиористички пристрасности и лимити на капацитетот за аналитичко процесуирање на информациите кај инвеститорите во реалниот свет. Кандидатката ги презентира контурите на регулацијата која ги инкорпорира сознанијата на бихејвиористичките финансии и која може да биде поефективна во обезбедување стабилност во функционирањето на финансиските пазари. Во овој контекст, кандидатката го истакнува значењето на унапредувањето на програмите за финансиска писменост и образование на инвеститорите, со цел подигнување на свеста за постоењето на бихејвиористичките аспекти при донесувањето на инвестициските одлуки.

Натамошените придонеси на докторскиот труд на м-р Тасевска се лоцирани во емпириските истражувања инкорпорирани во трудот. Имено, кандидатката изработила емпириски анализи на функционирањето на македонскиот пазар на хартии од вредност кои можат да се сметаат како научен придонес во рамките на македонската научна и стручна литература од областа на финансиите. Во трудот е применет моделот на прекумерна волатилност на нобеловецот по економија Роберт Шилер за анализа на постоењето на таквиот феномен кај акциите на македонските компании. Своевиден придонес претставува и примената на четири модели на емпириска анализа за тестирање на нивото на информациска ефикасност на македонскиот пазар на акции во компаративен контекст со уште пет пазари од регионот на Југоисточна Европа. Исто така, спроведеното анкетно истражување со примена на соодветни тестови за оцена на статистичката сигнификантност и конзистентноста на добиените резултати, може да се смета за своевиден придонес во квантитативната анализа на однесувањето на инвеститорите.

**Подрачје на примена и ограничувања**

Сознанијата и заклучоците од истражувањата во докторскиот труд можат да имаат апликативна вредност во научните и стручни анализи на функционирањето на македонските финансиски пазари и однесувањето на инвеститорите на тие пазари. Исто така, сознанијата на трудот можат да бидат корисни при дизајнирањето и унапредувањето на регулацијата на финансиските пазари, во насока на нејзино унапредување преку инкорпорирање на бихејвиористичките аспекти. Во овој контекст, ограничувањата на трудот се поврзани со брзите промени во технолошките и институционалните фактори кои влијаат на финансиските пазари, што бара натамошни

интензивни истражувања, во кои ќе бидат вклучени значително поголем број на варијабли и модели, како и анкети со поширок опфат на инвеститори. Исто така, ограничувањата се однесуваат на ограничениот опфат на земји при меѓународната компаративна анализа на пазарите на хартии од вредност.

**Можни натамошни истражувања**

Истражувањата во докторскиот труд на м-р Ивона Тасевска можат да иницираат натамошни истражувања во неколку правци.

Еден од нив е подлабока емпириска анализа на однесувањето на инвеститорите на македонскиот пазар на хартии од вредност, со поширок опфат на инвеститори, кој не би бил ограничен само на индивидуалните инвеститори. Понатаму, идни релевантни истражувања би се однесувале на влијанието на макроекономските шокови, како домашни, така и меѓународни, врз перцепциите и однесувањето на инвеститорите.

Се разбира, истражувањата за бихејвиористичките импликации од дигитализацијата и воведувањето на вештачката интелегенција, како и соодветното приспособување на финансиската регулација, би можеле да бидат можни правци за идни истражувања.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови во меѓународни научни списанија:

1. Tasevska, I., (2022), „Deviations from rational investment decisions of the Macedonian investors“, *Economic Development- Journal of the Institute of Economics - Skopje*, 24 (4/2022). pp. 148-159. ISSN 1857-7741.

2. Tasevska, I., (2023), „Empirical Research on the Information Efficiency of the Macedonian Stock Exchange“, *Asian Journal of Social Science and Management Technology*, Volume 5, Issue 1, January-February, 2023, ISSN: 2313-7410.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска претставува истражувачка студија на една значајна проблематика во областа на современите финансии, а тоа се теориските и емпириските аспекти на бихејвиористичките финансии, како алтернатива на стандардната, неокласична парадигма во финансиите. Кандидатката м-р Тасевска ја обработила темата на систематски и методолошки конзистентен начин, со примена на соодветни научни методи на квантитативна и квалитативна анализа. Во докторскиот труд се објаснети релеватните придонеси во финансиско-економската теорија, а тоа е комплетирано со соодветни сопствени емпириски, т.е. статистичко-економетриски истражувања на бихејвиористичките аспекти на инвестирањето на македонскиот пазар на хартии од вредност, со вклучени елементи на компаративна анализа со пазарите од регионот. Тоа ѝ овозможило на кандидатката да дојде до научно засновани сознанија и заклучоци релевантни за регулацијата на финансиските пазари.

Резултатите од научната анализа во докторскиот труд можат да бидат релевантни за научната и стручната јавност, од аспект на стимулирање на натамошни истражувања во областа на бихејвиористичките финансии, област која во својата суштина е мултидисциплинарна и ги синтетизира придонесите на економијата, финансиите, психологијата, социологијата и невронауката. Исто така, резултатите од овој докоторски труд имаат своја релевантност и од аспект на дизајнирањето и унапредувањето на регулацијата на финансиските пазари во Република Северна Македонија, во насока на обезбедување на нивно ефикасно и стабилно функционирање, како и подигнување на свеста за значењето на програмите за финансиска писменост и образование, насочени кон инвеститорите на пазарите на хартии од вредност.

Врз основа на претходно презентирана анализа на докторскиот труд и изнесените оценки за квалитетот на трудот, Комисијата за оцена на докторскиот труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска со наслов: „Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии“ му предлага на Наставно-научниот совет на Економски факултет – Скопје:

- Да ја прифати позитивната оцена на докторскиот труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска со наслов: „Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии“.
- Да одобри јавна одбрана на докторскиот труд на кандидатката м-р Ивона Тасевска со наслов: „Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии“.

**Скопје, 9.9.2025 г.** **Комисија за оцена на докторскиот труд**

**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Арсов, член, с.р.**
**Проф. д-р Кирил Јовановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Елена Наумовска, член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕН ПРЕДЛОГ ДОКТОРСКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**

| Ред Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **м-р Сашо Нефовски** | **„Анализа на потрошувачките ставови и однесување за намалување на отпадот од храна во ХоРека“** | **„Analysis of Consumer Attitudes and Behavior for Reducing Food Waste in the XoPeka sector“** | **Проф.д-р Ежени Брзовска** | **5.9.2025 година бр.02-1557/4** |
| 2. | **м-р Ангела Костовска** | **„Дали патувањето кон Европската Унија е поважно од дестинацијата? Пет есеи за конвергенцијата на земјите од Западен Балкан на патот кон членството во Европската Унија “** | **„Is the Journey to the European union more important than the destination? Five essays on the convergence of western Balkan countries on the path toward EU Mmbership“** | **Проф.д-р Ѓорѓи Гоцков** | **2.9.2025 година бр.02-1557/45** |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ана Томиќ | „Економија базирана на знаење и иновации во финансискиот сектор“ | “Knowledge based economy and innovation in the finance sector“ | проф. д-р Борче Треновски | 4.9.2025 година Бр.02-1557/28 |
| 2. | Матеја Јосифовска | „Влијанието на промените на каматните стапки врз нето каматниот приход и перформансите на македонските банки – апликативни и регулаторни аспекти“ | „The effect of interest rate changes on Macedonian Banks’ net interest income and performance: application and regulatory aspects“ | проф. д-р Елена Наумовска | 4.9.2025 година Бр.02-1557/29 |
| 3. | Сузана Бошковска Златаревска | „Финансиска и еколошка одржливост на пензиските системи во услови на климатски предизвици – компаративна анализа и перспективи за Република Северна Македонија“ | „Financial and environmental sustainability of pension systems under climate challenges – a comparative analysis and perspectives for the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Елена Наумовска | 4.9.2025 година Бр.02-1557/30 |
| 4. | Надица Николоска | „Примената на ADKAR моделот за менаџирање со промените во функција на корпоративното ребрендирање и одржливо обновување на компаниските вредности: емпириски практики од FMCG индустријата“ | „Application of the ADKAR model for change management in the context of corporate rebranding and sustainable renewal of company values: Empirical practices from the FMCG industry“ | проф. д-р Леонид Наков | 4.9.2025 година Бр.02-155731 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Мукбил Реџепи | „Кризен менаџмент и организациско комуницирање“ | „Crises management and organizational communications “ | проф. д-р Кирил Постолов | 4.9.2025 година Бр.02-1557/32 |
| 6. | Наталија Глушац | „Пренесување на организациската култура преку франшиза: предизвици и можности во хотелскиот сектор“ | „Transferring organizational culture through franchising: challenges and opportunities in the hotel sector“ | проф. д-р Александра Јанеска Илиев | 4.9.2025 година Бр.02-1557/33 |
| 7. | Фросина Галабовска | „Стапката на флуктуацијата на вработените во здравствениот сектор во Северна Македонија: Може ли менаџментот на човечки ресурси да помогне“ | „The employee turnover rate in the healthcare industry in North Macedonia: Can Human Resource Management help?“ | проф. д-р Љупчо Ефтимов | 4.9.2025 година Бр.02-1557/34 |
| 8. | Дијана Крстевска | „Како внатрешната комуникација го поттикнува задоволството од работата и организациските перформанси“ | „How internal communication drives job satisfaction and organizational performance“ | проф. д-р Никола Левков | 4.9.2025 година Бр.02-1557/35 |
| 9. | Велика Петкова | „Трендови на зелено финансирање и улогата на банкарскиот сектор при зелено финансирање во Република Северна Македонија“ | „Green financing trends and the role of the banking sector in green financing in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Александар Наумоски | 4.9.2025 година Бр.02-1557/36 |
| 10. | Аница Мојсоска | „Конкурентска стратегија во ерата на дигитална трансформација на македонските банки“ | „Competitive strategy in the era of digital transformation of Macedonian banks“ | проф. д-р Александар Наумоски | 4.9.2025 година Бр.02-1557/37 |
| 11. | Александра Аврамова | „Влијанието на електронската трговија врз конкурентската предност на компаниите“ | „The impact of electronic commerce on competitive advantage of companies“ | проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска | 4.9.2025 година Бр.02-1557/38 |
| 12. | Ана Жабевска | „Политика за управување со отпад во ЕУ со посебен осврт на Западен Балкан “ | „Waste management policy in the EU with a special focus on the Western Balkans“ | проф. д-р Ирена Кикеркова | 4.9.2025 година Бр.02-1557/39 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Бранкица Симевска | „Како дигитализацијата на менаџментот на човечките ресурси влијае на балансот помеѓу приватниот и професионалниот живот“ | „How digitalization of human resource management affectc the balance between professional and private life“ | проф. д-р Никола Левков | 4.9.2025 година Бр.02-1557/40 |
| 14. | Христина Дабеска | „Антикорупциски предизвици на одговорните национални институции за подобрување на ефикасноста на јавниот сектор и креирање на поволно бизнис опкружување во Република Северна Македонија“ | „Anti- corruption challenges of the responsible national institutions for improving the efficiency of the public sector and creating a favorable business environment in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Предраг Трпески | 4.9.2025 година Бр.02-1557/41 |

***Прилоī бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ВЕКТОРСКА АНАЛИЗА“ ОД АВТОРИТЕ ВЕСНА АНДОВА, ПАВЕЛ ДИМОВСКИ, ТОМИ ДИМОВСКИ И БОЈАН ПРАНГОСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на 4.9.2025 година, бр. 02-1120/2, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот *Векторска анализа* од авторите: проф. д-р Весна Андова, проф. д-р Павел Димовски, доцент д-р Томи Димовски и проф. д-р Бојан Прангоски, наменет за студентите на Машинскиот факултет, за предметот Линеарна алгебра и векторска анализа, избрани се: проф. д-р Сања Атанасова, проф. д-р Даниел Велинов и проф. д-р Алекса Малчески.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. ОПШТ ДЕЛ**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Векторска анализа |
| **Назив на предметната програма:** | Линеарна алгебра и векторска анализа |
| **Назив на студиската програма:** | Материјали, процеси и иновации;<br>Моторни возила, транспорт и механизација;<br>Производно инженерство. |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Неделен фонд на часови: 2+2.**<br>**ЕКТС-кредити: 6.** |
| Предметот Линеарна алгебра и векторска анализа на Машински факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во трет семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 187 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 53 слики и 0 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Сања Атанасова, с.р.**
**Проф. д-р Даниел Велинов, с.р.**
**Проф. д-р Алекса Малчески, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р САЊА АТАНАСОВА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот *Векторска анализа* е наменет за студентите од додипломски студии на инженерските факултети: Машински факултет, Факултет за електротехника и информациски технологии и Технолошко-металуршки факултет, но може да го користат и студенти на другите технички факултети или на математика. Ракописот е организиран во пет глави: површини, криви, скаларни и векторски полиња, линиски интеграли и површински интеграли. Методолошки е јасно напишан и ги објаснува поимите и теоремите на разбирлив начин, приспособен на целната публика. Секое поглавје содржи теоретски дел поддржан со решени примери и задачи за самостојна работа, со што студентите имаат можност да ја зацврстат својата теоретска и практична подготовка. Текстот е дополнет и со слики за подобра визуелизација на обработуваните теми, таму каде што е потребно. Ова овозможува полесно разбирање на материјалот. Задачите за самостојна работа овозможуваат студентот да го провери разбирањето на теоретските делови. Книгата е одлично подготвена за електронско издание со обезбедени врски (hyperlinks) до повиканите слики, резултати и задачи. Во воведниот дел, Површини, се презентираат стандардни површини и нивните својства. Подробно се обработува концептот на тангентни рамнини, со примери кои овозможуваат практично разбирање на апстрактниот материјал. Втората глава, Криви, најпрво ги дефинира рамнинските и просторните криви преку траекторија на тело во движење. Потоа се воведува дефиниција на брзина и забрзување, како и концептот на репараметризација и природна параметризација. Особено корисни се примерите на различни видови криви (рамнински, просторни, како и пресек на површини). На крајот на оваа глава, јасно и детално, се обработуваат поимите тангентен, нормален и бинормален вектор, закривеност и торзија, што претставува значаен дел за инженерските примени. Третата глава, јасно ги дефинира и разграничува скаларните и векторските полиња, и дава многу примери од практиката. Систематски се објаснети операторите градиент, дивергенција и ротор, како и операторот $\nabla$. Се разработува концептот на конзервативни полиња и потенцијал. Во четвртата глава се дефинираат линиски интеграли од скаларни и векторски полиња. |

| | |
|---|---|
| | Теоријата е поддржана со практични примери, како на пример пресметка на работа на сила по зададена патека. Особено внимание е посветено на теоремата на Грин, која е еден од најзначајните резултати во векторската анализа. Концептот на конзервативни полиња повторно се разгледува во контекст на линиски интеграли.<br>И конечно, во последната, петта глава, материјалот се проширува кон површински интеграли од скаларни и векторски полиња. Со јасен стил се разработуваат теоремата на Стокс и теоремата на Гаус–Остроградски, кои слично како и теоремата на Грин, се меѓу најзначајните резултати во векторската анализа. Се обработува и концептот на скаларен потенцијал за конзервативно поле.<br>Ракописот *Векторска анализа* е еден модерен учебник кој не само што ја покрива основната материја туку ги охрабрува студентите кон аналитичко размислување и практична примена. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината е усогласена со барањата на предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е одлично структуриран и одлично ги балансира теоријата, решените примери и задачите за самостојна работа. Начинот на изложување е јасен и достапен, што го прави погоден за студенти на техничките факултети. Посебно значајно е тоа што авторите не се задржуваат само на апстрактна теорија, туку постојано вклучуваат решени примери и слики кои ја олеснуваат апстракцијата и создаваат мост кон инженерските примени. Посебно внимание е посветено на примената на разработените теми во инженерските науки. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 187 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 53 слики и 0 табели.<br>Ракописот е целосно подобен за учебник по горенаведениот предмет. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Линеарна алгебра и векторска анализа, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет.

Во Скопје, 9.9.2025 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Сања Атанасова, с.р.**

## III. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Даниел Велинов

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е вовед во теоријата на криви и површини во простор, како и вовед во скаларните и векторските полиња и основните аналитички алати за нивно проучување. Ракописот има 5 глави. Во секоја глава, покрај образложувањето на теоретскиот дел има повеќе решени примери и завршува со листа од нерешени задачи.<br>Првата глава е посветена на основните површини и определувањето на тангентна рамнина и нормален вектор во дадена точка.<br>Во втората глава се воведени кривите во простор со посебно внимание на нивната физичка интерпретација како траектории на движење на тело. Образложена е нивната репараметризација, како и параметризацијата по должина на лак. Воведени се поимите за тангентен, нормален и бинормален вектор, како и скаларните карактеристики за закривеноста и торзијата.<br>Во третата глава се воведени поимите за скаларни и векторски полиња. Образложени се трите главни аналитички алати за нивно проучување: градиент, дивергенција и ротор.<br>Четвртата глава е посветена на линиските интеграли од скаларни и векторски полиња, додека во петтата глава се воведени и образложени површинските интеграли од скаларни и векторски полиња. На крајот од петтата глава се дадени и трите основни теореми во векторската анализа: теоремата на Грин, теоремата на Стокс и теоремата на Гаус-Остроградски. Нивната примена е образложена преку повеќе решени примери. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на ракописот е усогласена со барањата на предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е одлично структуриран и е со висок квалитет. Содржината е јасно и коректно изнесена. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 187 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 53 слики и 0 табели.<br>Ракописот заслужува негово објавување како учебник по горенаведениот предмет. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Линеарна алгебра и векторска анализа, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет.

Во Скопје, 9.9.2025 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Даниел Велинов, с.р.**

## IV. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Алекса Малчески

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Овој ракопис обезбедува систематски вовед во теоријата за криви и површини во просторот, како и скаларните и векторските полиња, преку нивните физички толкувања. Ракописот се состои од 5 глави. Во рамките на секоја глава е даден краток преглед и образложување на теориските основи, дадени се детални решенија на голем број примери, како и примери за самостојна работа поврзани со материјалот што се обработува. Голем дел од примерите се илустрирани со цртежи, што дава дополнителна нагледност во процесот на учење.<br>Во првата глава се обработуваат основните површини и методите за определување на тангентна рамнина и нормален вектор во дадена точка.<br>Во втората глава се разгледуваат кривите во просторот, со акцент на нивното физичко толкување како траекторија на движење на тело. Дополнително, се објаснуваат репараметризацијата и природната параметризација на крива. Воведени се поимите тангентен, нормален и бинормален вектор, како и закривеност и торзија.<br>Во третата глава се разгледуваат скаларните и векторските полиња. Образложени се трите клучни алатки на векторската анализа: градиент, дивергенција и ротор.<br>Во четвртата глава се разгледуваат линиските интеграли од скаларни и векторски полиња и нивното физичко значење.<br>Во петтата глава се воведени и образложени површинските интеграли од скаларни и векторски полиња. Дополнително, дадени се и трите основни теореми во векторската анализа: теоремата на Грин, теоремата на Стокс и теоремата на Гаус-Остроградски. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината е усогласена со барањата на предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Ракописот содржи сè што е потребно за перфектно да се совлада содржината на предметот и **не се потребни никакви корекции.** |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е со одличен квалитет. Начинот на изложување е јасен и достапен за студентите на техничките факултети. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 187 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 |

| | |
|---|---|
| | поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 53 слики и 0 табели.<br>Ракописот е со исклучителен квалитет и заслужува да биде објавен како учебник по горенаведениот предмет. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и **посебно** задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Линеарна алгебра и векторска анализа, примарно наменет за студентите на Машински факултет.

Во Скопје, 9.9.2025 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Алекса Малчески, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 28. VII 2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно приватно право, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-971/4, донесена на 3. IX 2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Тони Дескоски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Марко Јовановиќ, редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија и д-р Арсен Јаневски, редовен професор во пензија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.[1]

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) меѓународно приватно право, во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот д-р Вангел Доковски. Кон пријавата, кандидатот достави доказ за стекнат соодветен степен на образование – доктор на науки, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор, CV, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите и други докази за исполнување на професионалните референци.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Вангел Доковски е роден на 9. III 1986 година, во Скопје. Средно образование завршил во ДСЕПУ „Васил Антевски Дрен“ во 2004 година. Со високо образование се стекнал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 6. III 2009 година, со просечен успех 9,38.

Во учебната 2008/2009 се запишал на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2011 година, со просечен успех 9,86. На 5. X 2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Избрана меѓународна судска надлежност (*prorogatio iurisdictionis*)“.

Докторска дисертација пријавил во 2011 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Автономијата на волја како точка на врзувањето кај вондоговорната одговорност за штета во правото на Република Македонија и во правото на Европската унија“ ја одбранил на 21. XII 2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Поликсена Гавроска, проф. д-р Горан Коевски, проф. д-р Тони Дескоски (ментор), проф. д-р Аслан Билали и проф д-р Татјана Зороска Камиловска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на правни науки.

Кандидатот има остварено повеќе студиски престои во странство, помеѓу кои и на Хашката академија за меѓународно право – на летната сесија за меѓународно приватно право, Академијата за меѓународна трговска и инвестициска арбитража во Париз, Фондацијата за компаративно граѓанско право во Париз, Колеџот Карло Алберто во Торино, Институтот за европски студии во Торино и Академијата за меѓународно право во Шамен, Кина.

Во учебните 2008/09, 2009/10, 2011/12, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во учебните 2012/13 и 2013/14, кандидатот е ангажиран како соработник на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во учебната 2014/15, кандидатот бил волонтер на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

[1] Извештајот е напишан на македонски јазик, кој го познаваат сите членови на Комисијата.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на 27. V 2016 година, кандидатот е избран за насловен доцент на научната област меѓународно приватно право. На седницата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 22. XII 2017 кандидатот е избран за доцент на научната област меѓународно приватно право. На седницата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 29. I 2021 кандидатот е избран за вонреден професор на научната област меѓународно приватно право. Во моментот, кандидатот работи како вонреден професор на научната област меѓународно приватно право. Последниот реферат за избор на кандидатот е објавен во Билтенот бр. 1228, од 15. XII 2020 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. Исто така, има познавања од компјутерските техники и интернет-пребарувањата.

Извештајот ги оценува активностите на кандидатот во периодот од јануари 2021. Научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатот од претходниот период се објавени во рефератите на горенаведените билтени. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во универзитетските билтени, како и вкупните научни, стручни и педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот д-р Вангел Доковски учествува во изведувањето на настава на првиот, вториот и третиот циклус студии по предметите: Меѓународно приватно право, Меѓународно арбитражно право, Меѓународно приватно право на Европска Унија – општ дел, Меѓународно приватно право – применета програма, Европско меѓународно приватно право за облигациони односи, инвестициono право, применета програма (moot court) арбитражно решавање на спорови и признавање и извршување на странски судски одлуки.

Кандидатот е коавтор со проф. д-р Тони Дескоски на рецензиран учебник по меѓународно приватно право издаден во 2021 година, како и на рецензирани учебни помагала под наслов: Практикум по меѓународно приватно право, Скопје, 2014 година, Практикум по меѓународно приватно право, трето изменето и дополнето издание, Скопје, 2015 година, Практикум по меѓународно приватно право, четврто изменето и дополнето издание, Скопје, 2019 година.

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, учествувал и како член во комисии за оцена и одбрана на вкупно 17 магистерски трудови, а бил ментор на 20 кандидати кои успешно го одбраниле магистерскиот труд. Како составен дел од активностите во рамките на наставно-образовната дејност, за одбележување се и повеќето значајни учества на кандидатот во школи и семинари од областа на меѓународното приватно право. Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, наведени се во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Вангел Доковски има објавено вкупно 13 научни труда од областа меѓународно приватно право, од кои 2 труда, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал „Математика“ или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, 8 труда со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во

кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, 2 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во рецензирана книга издадена во држава члена на Европската Унија.

Сите пријавени и доставени научни и стручни трудови се соодветно прикачени и евидентирани во Ризницата (репозиториумот) на трудови на УКИМ.

Д-р Вангел Доковски учествувал на поголем број домашни и меѓународни научни конференции, од кои за овој избор селектирани се следниве: Меѓународна конференција: European Private International Law: Is Improvement Needed?, 7-8. VI 2025 година, Рига, Латвија; Меѓународна конференција: Трудовото право и промените во светот на работата: лекции за унапредување на македонското работно законодавство и неговата примена во практиката, 29-30. V 2025, Охрид, Северна Македонија; Меѓународна конференција: Technology transfer and investment law 10. III 2025 година, Будимпешта, Унгарија; Меѓународна конференција: Challenges of Legal Systems, 8 XI 2024, Скопје, Северна Македонија, Меѓународна конференција: Technology transfer and investment law, 24. X 2024 (online), Деветнаесетта конференција за меѓународно приватно право на тема: Application of General Legal Principles in the Contemporary Private International Law, 19-21 IX 2024 година, Пале, Босна и Херцеговина; Осумнаесеттата конференција за меѓународно приватно право на тема: Private International Law and International Organizations-achievements and challenges -, 16-18 XI 2023, Ниш, Србија; Меѓународна конференција: The prospects of the European Integration in Time of Geopolitical Challenges, 3. XI 2023, Скопје, Северна Македонија; Меѓународна конференција: На преминот помеѓу постоечкото и новото работно законодавство во Северна Македонија – премногу рано или премногу доцна за нов закон за работните односи?, 31 V – 1 VI 2023, Охрид, Северна Македонија; Меѓународна конференција, Pravna zaštita životne sredine, 11-12 V 2023 година, Подгорица, Црна Гора; Загрепско-Скопски колоквиум, Law and Modern Technologies, 5 XII 2022, Загреб, Хрватска, Workshop on International Investment Policies and Investor-State Dispute resolution, 24 XII 2022, Сараево, Босна и Херцеговина, Меѓународна конференција: The prospects for Mediation for the Resolution of Investment Disputes in the Western Balkans, 13-14 IX 2022, Сараево, Босна и Херцеговина; Меѓународна конференција: Law, Socio-Economics and Politics in Troubled Times, 5 XI 2021, Скопје, Северна Македонија; Меѓународна конференција: Правни положај и заштита међународно расељених лица, избеглица, тражилаца азила и правно невидљивих лица, 28. V 2021 година, Ниш, Србија; Меѓународна конференција: Business and Arbitration in an Era of Globalization: Challenges and Perspectives, 11-12 V 2021, Скопје, Северна Македонија.

Во периодот од изборот во претходното звање вонреден професор, д-р Вангел Доковски бил ментор на дваесет кандидати со успешно одбранет магистерски труд. Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, податоците за објавените трудови, за проектите во кои учествувал кандидатот и за одржаните предавања, се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Вангел Доковски заедно со проф. д-р Тони Дескоски е тренер на тимот на Правниот факултет за меѓународно арбитражно право кој учествува на меѓународниот натпревар Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot.

Д-р Вангел Доковски на 27. V 2025 година е именуван за в.д. претседател на Постојаниот избран суд Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија.

д-р Вангел Доковски учествувал во изработката на нов модел билатерален Договор за заштита и унапредување на инвестициите на Република Северна Македонија за потребите на Министерството за финансии, како и во изработката на водич за рано превенирање на инвестициони спорови.

Д-р Вангел Доковски, зел учества и во промотивните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“, а бил член и на неколку факултетски комисии и работни групи. Активностите кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес, подетално се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Вангел Доковски, во учебните 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Правниот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Вангел Доковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Вангел Доковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област меѓународно приватно право.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Вангел Доковски да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област меѓународно приватно право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тони Дескоски, с.р.**
**Проф. д-р Марко Јовановиќ, с.р.**
**Проф. д-р Арсен Јаневски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Вангел Славко Доковски
**Институција:**
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
**Научна област:** ***МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | / |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: меѓународно приватно право, поле: правни науки, подрачје: општествени науки. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА (детално во образец 2)** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | **ДА (детално во образец 2)** |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | **ДА (детално во образец 2)** |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | / |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | **ДА (детално во образец 2)** |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | **ДА (детално во образец 2)** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност | / |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** | **ДА (детално во образец 2)** |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 29.1.2021 година, Билтен на УКИМ бр. 1228 од 15.12.2020 година. | **ДА** |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | **ДА** |

* На лицата кои имаат засниван работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тони Дескоски, с.р.**
**Проф. д-р Марко Јовановиќ, с.р.**
**Проф. д-р Арсен Јаневски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: ВАНГЕЛ СЛАВКО ДОКОВСКИ**
(име, татково име и презиме)
**Институција: ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава (прв циклус студии)**<br><br>***Меѓународно приватно право***<br><br>Академска 2020/2021 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2021/2022 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2022/2023 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2023/2024 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2024/2025 година 2*15*0,04=1,20<br><br>**Вкупно (прв циклус студии): 6 поени**<br><br>**Одржување настава (втор циклус студии)**<br><br>***Меѓународно арбитражно право***<br><br>Академска 2021/2022 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2022/2023 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2023/2024 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2024/2025 година 2*15*0,05=1,5<br><br>***Меѓународно приватно право – применета програма***<br><br>Академска 2021/2022 година 1,5*15*0,05=1,125<br>Академска 2022/2023 година 1,5*15*0,05=1,125<br>Академска 2023/2024 година 1,5*15*0,05=1,125<br>Академска 2024/2025 година 1,5*15*0,05=1,125<br><br>***Меѓународно приватно право на ЕУ – општ дел***<br><br>Академска 2021/2022 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2022/2023 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2023/2024 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2024/2025 година 2*15*0,05=1,5<br><br>***Европско меѓународно приватно право за облигациони односи***<br><br>Академска 2021/2022 година 2*15*0,05=1,5 | **45** |

| | | |
|---|---|---|
| | Академска 2022/2023 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2023/2024 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2024/2025 година 2*15*0,05=1,5<br><br>***Применета програма (moot court) – арбитражно решавање на спорови***<br><br>Академска 2021/2022 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2022/2013 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2023/2024 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2024/2025 година 2*15*0,05=1,5<br><br>***Признавање и извршување на странски судски одлуки***<br><br>Академска 2021/2022 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2022/2013 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2023/2024 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2024/2025 година 2*15*0,05=1,5<br><br>***Инвестиционо право***<br><br>Академска 2021/2022 година 1*15*0,05=0,75<br>Академска 2022/2023 година 1*15*0,05=0,75<br>Академска 2023/2024 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2024/2025 година 2*15*0,05=1,5<br><br>**Вкупно (втор циклус студии): 39** | |
| 2. | **Настава во школи и работилници**<br><br>2.1. Раководител на национална работилница за дефинирање препораки за измени и дополнувања на Законот за младинско учество и младински политики, 30-31. X 2024 година, Охрид и online; [1,5 поен]<br>2.2. Предавач на тренинг за студентски претставници во органите, телата и единиците на Универзитетот, 25. IV 2024 година, Скопје, Северна Македонија; [1 поен]<br>2.3. Предавач на тренинг за студентски претставници, 22. V 2023 година, Скопје, Северна Македонија; [1 поен]<br>2.4. Предавач на работилница: The Prospects for Mediation for the Resolution of Investment Disputes in the Western Balkans, 13-14 IX 2022 година, Сараево, Босна и Херцеговина; [1 поен]<br>2.5. Предавач на работилница: Едукативен модул за борба против дискриминација и подигнување на нивото на студентските права - втора сесија, 13. XI 2021, Скопје, Северна Македонија; [1 поен] | **6,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.6. Предавач на летна школа: 5th Summer University in the Balkans 2021, 15. IX 2021 година, предавање на тема: „Europeanization of Private International Law of Third Countries – an Attempt to Get Back to Unity“, Тирана, Албанија. [1 поен] | |
| 3. | **Подготовка на нов предмет**<br><br>3.1. Европско меѓународно приватно право за облигациони односи. [1 поен]<br>3.2. Применета програма (moot court) – арбитражно решавање на спорови. [1 поен] | **2** |
| **4.** | **Консултации со студенти**<br><br>Академска 2020/2021 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2021/2022 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2022/2023 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2023/2024 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2024/2025 година 200*0,002=0,4 | **2** |
| **5.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд**<br><br>17*0.3 = 5,1 поен | **5,1** |
| **6.** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br><br>- Меѓународно приватно право, Скопје, 2021 година, коавтор со проф. д-р Тони Дескоски. [6 поени] | **6** |
| | **Вкупно** | **66,6** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерски труд**<br><br>1.1. Ментор на дваесет кандидати за магистрирање (одбранети магистерски тези) [20*2 = 40 поени] | **40** |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект**<br><br>2.1. Мегапроект „Евроинтеграцијата на општествениот, правниот и политичкиот систем во Република Северна Македонија“. [3 поени]<br>2.2. Учесник во научноистражувачки проект финансиран од средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2022/2023 година, под наслов: „ Усогласување со Европското acquis во Поглавје 23 – материјални и процесни права на детето и Поглавје 24 – Судска соработка во граѓанската материја (брачни спорови, | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | родителски одговорности и меѓународно киднапирање на деца) [3 поени] | |
| **3.** | **Учесник во меѓународен научен проект**<br><br>3.3. Учесник во меѓународен научен проект: „Investors State Dispute Prevention“ (2022/2024) во рамките на Програмата за техничка помош на Германската влада (ГИЗ). [5 поени]<br>3.4. Учесник во меѓународен научен проект финансиран од мрежата SEELS за 2019-2022 година, под наслов: Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and 'Invisible' Persons without IDs" (the Forced Migrations Project). [5 поени] | **10** |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал „Математика“ или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br><br>4.1. Deskoski, T., Dokovski, V., Integrating Sustainable Development Goals into Model Bilateral Investment Treaties, Iustinianus Primus Law Review, 2025, 62-72; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>4.2. Deskoski, T., Dokovski, V., Kocev, Lj., (De)Localization of Arbitration – online v. offline arbitration – E-arbitration in time of Covid 19-, Iustinianus Primus Law Review, 2021; [5*0,8= 4 поени] | **8.5** |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br><br>5.1. Дескоски, Т., Доковски, В. „Молкумен избор на меродавно право за вондоговорни обврски со странски елемент“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Гзиме Старова, 615-623, Скопје, 2025. [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.2. Дескоски, Т., Доковски, В., „Традиционални точки на врзувањето кај вондоговорната одговорност – | **31,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | помеѓу потребата и реалноста“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Арсен Јаневски, 657-674, Скопје, 2023; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.3. Дескоски, Т., Доковски, В., „Новата конфликтна (р)еволуција за вондоговорна одговорност за надомест на штета“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Димитар Бајалџиев, 193-213; Скопје 2022; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.4. Дескоски, Т., Доковски, В., „Автономијата на волјата на странките во меѓународното приватно процесно право“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Гале Галев, 575-589, Скопје 2021; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.5. Deskoski, T., Dokovski, V., Arbitrating Disputes in North Macedonia, Foreign Law Journal, 675-689, Belgrade, 2024; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.6. Deskoski, T., Dokovski, V., „Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and 'Invisible' Persons without IDs – PIL aspects in North Macedonia“, SEE Law Journal, 2022; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.7. Дескоски, Т.,, Доковски, В., „Заштитата на работникот како послаба страна кај договор за вработување со странски елемент“, Свет на работата, 77-92, Скопје 2023; [5*0,9 = 4,5 поени] | |
| 6. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br><br>6.1. Deskoski, T., Dokovski, V. Kocev, Lj., „Exploring the impact of new generation model BITs on technology transfer and sustainable development“, Techology Transfer and Investment Law, 46-72, Budapest, 2024 [5*0,8 = 4 поени]<br>6.2. Deskoski, T., Dokovski, V., Current Environmental Protection Trends in the New Model of the Bilateral Investment Agreements, Legal aspects of the environmental protection“, 257-275, Podgorica, 2024; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>6.3. Deskoski, T., Dokovski, V., Pravni položaj i zaštita međunarodno raseljenih lica, izbeglica, tražilaca azila i pravno nevidljivih lica – Sjeverna Makedonija, 501-511, Ниш, 2022; [5*0,9 = 4,5 поени] | **13** |
| 7. | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД** | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | 7.1. Deskoski, T., Dokovski, V., „Investment Protection and Investor-State Dispute Resolution in North Macedonia“, in International Investment Law and Dispute Resolution in the Western Balkans, 417-442, Brill, The Netherlands, 2025. [1*6 = 6] | |
| 8. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>8.1. „Europeanization of Private International Law of Third Countries - How the EU can benefit from PIL Codification“, реферат поднесен на меѓународна конференција: European Private International Law: Is Improvement Needed?, Рига, Латвија, 7-8. VI 2025 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.2. „Примена на нормите со непосредна примена кај индивидуалните договори за вработување со странски елемент“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Трудовото право и промените во светот на работата: лекции за унапредување на македонското работно законодавство и неговата примена во практиката, Охрид, Северна Македонија, 29-30. V 2025 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.3. „Investment disputes and the challenges of technology transfer“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Technology transfer and investment law, Будимпешта, Унгарија, 10. III 2025, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски и доц. д-р Љубен Коцев (усна презентација). [3 поени]<br>8.4. „Exploring the impact of new generation model BITs on technology transfer and sustainable development“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Technology transfer and investment law, Будимпешта и online, 24. X 2024 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски I доц. д-р Љубен Коцев (усна презентација). [3 поени]<br>8.5. „Temporal Application Challenges of Private International Law: A Judicial Perspective“ , реферат поднесен на Деветнаесеттата регионална конференција за меѓународно приватно право на тема: „Application of General Legal Principles in the Contemporary Private International Law, Пале, Босна и Херцеговина, 19-21. IX 2024 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.6. „Embracing the States’ Positive Obligation to Recognize and Enforce under the Hague Judgments | **30** |

| | | |
|---|---|---|
| | Convention“, реферат поднесен осумнаесетата регионална конференција за меѓународно приватно право на тема: The prospects of the European Integration in Time of Geopolitical Challenges“, Ниш, Србија, 16-18. XI 2023, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.7. „Заштитата на работникот како послаба страна кај договор за вработување со странски елемент“, реферат поднесен на меѓународна конференција: На преминот помеѓу постоечкото и новото работно законодавство во Северна Македонија – премногу рано или премногу доцна за нов закон за работните односи?, Охрид, Северна Македонија, 31. V – 1. VI 2023, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација). [3 поени]<br>8.8. „Current Environmental Protection Trends in the New Model of the Bilateral Investment Agreements, Legal aspects of the environmental protection“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Pravna zaštita životne sredine, Подгорица, Црна Гора, 11-12. V 2023 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација) [3 поени]<br>8.9. „Е-арбитража: фокус на виртуелните сослушувања“, реферат поднесен на Загрепско-скопски колоквиум: Law and Modern Technologies, Загреб, Хрватска, 5. XII 2022 година, (усна презентација). [3 поени]<br>8.10. „Recognition and Enforcement of Foreing Awards in North Macedonia“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Business and Arbitration in an Era of Globalization: Challenges and Perspectives, online, 11-12. V 2021 година, (усна презентација). [3 поени] | |
| 9. | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>9.1. „Integrating Sustainable Development Goals into Model Bilateral Investment Treaties“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Challenges of Legal Systems, Скопје, Северна Македонија, 8. XI 2024 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација) [2 поена]<br>9.2. „Europeanisation of Macedonian Private International Law in Family Related Matters – Focus on Children’s“, реферат поднесен на меѓународна конференција: The prospects of the European Integration in Time of Geopolitical Challenges, Скопје, Северна Македонија, 3. XI 2023 година, | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| | заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација) [2 поена]<br>9.3. „The effects of COVID 19 on Arbitral Proceedings“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Law, Socio-Economics and Politics in Troubled Times, Скопје, Северна Македонија, 5. XI 2021 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација) [2 поена]<br>9.4. „The effects of COVID 19 on Arbitral Proceedings“, реферат поднесен на меѓународна конференција: Правни положај и заштита међународно расељених лица, избеглица, тражилаца азила и правно невидљивих лица, Ниш, Србија и online, 28. V 2021 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација) [2 поена] | |
| 10. | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција**<br><br>10.1. Дескоски, Т., Доковски, В., .,Примена на нормите со непосредна примена кај индивидуалните договори за вработување со странски елемент“, Зборник на апстракти на меѓународната конференција: Трудовото право и промените во светот на работата: лекции за унапредување на македонското работно законодавство и неговата примена во практиката, Охрид, Северна Македонија, 29-30. V 2025 година. [1 поен]<br>10.2. Deskoski, T., Dokovski, V., „Embracing the States' Positive Obligation to Recognize and Enforce under the Hague Judgments Convention“, Зборник на апстракти на меѓународната конференција: Осумнаесетта регионална конференција за меѓународно приватно право на тема: The prospects of the European Integration in Time of Geopolitical Challenges “, Ниш, Србија, 16-18.XI 2013. [1 поен] | **2** |
| | **Вкупно** | **155** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**<br><br>1.1. Член на Организационен одбор за меѓународна конференција Technology transfer and investment law, Будимпешта, Унгарија, 2025 година. [1 поен]<br>1.2. Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2025 година. [1 поен] | **10** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1.3. Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2024 година. [1 поен]<br>1.4. Член на Организационен одбор за меѓународна конференција Technology transfer and investment law, Будимпешта, Унгарија, 2024 година. [1 поен]<br>1.5. Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2023 година. [1 поен]<br>1.6. Член на Организационен одбор за меѓународна конференција Law and Digital Age, Будимпешта, Унгарија и online, 2023 година. [1 поен]<br>1.7. Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2022 година. [1 поен]<br>1.8. Член на Организационен одбор на Седумнаесеттата регионална конференција за меѓународно приватно право, Скопје, 2022 година. [1 поен]<br>1.9. Секретар на петтата летна школа - *Itinerant Summer University in the Balkans,* организирана во соработка помеѓу Franco-German University, Université Paris Ouest-Nanterre-La Défense (Франција), Universität Münster (Германија) и Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 5-6. V 2022 година. [1 поен]<br>1.10. Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2021 година. [1 поен] | |
| 2. | **Член на факултетска комисија**<br><br>2.1. Член на Координативна работна група за подготовка на документација за повторно акредитирање на постојната студиска програма на правни студии прв циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2022 година. [0,5 поени]<br>2.2. Член на Комисијата за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје за период јануари 2021- јануари 2025 година. [0,5 поени]<br>2.3. Еразмус+ координатор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје – во тек. [0,5 поени]<br>2.4. Член на постојана работна група за организација на настани на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (2022 година). [0,5 поени] | **2** |
| 3. | **Член на комисија за избор во звање**<br><br>3.1 Член на комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународно приватно право, 2022 година. [0,2 поени] | **0,2** |
| | **Вкупно** | **12,2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 66,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 155 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 12,2 |
| **Вкупно** | 233,8 |

**Членови на комисијата**

**Проф. д-р Тони Дескоски, претседател**
**Проф. д-р Марко Јовановиќ, член**
**Проф. д-р Арсен Јаневски, член**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО И НАУКА ЗА УПРАВАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 28.7.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) административно право и наука за управата, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-971/5, донесена на 3.9.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Борче Давитковски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, д-р Ана Павловска-Данева, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје и д-р Ивана Шумановска Спасовска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) административно право и наука за управата, во предвидениот рок се пријави д-р Константин Битраков.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Константин Битраков е роден на 20.12.1993 г. во Охрид. Средно образование завршил во училиштето Едмонд Меморијал, Едмонд, Оклахома, Соединетите Американски Држави во 2011 година. Со високо образование (180 ЕКТС-кредити) се стекнал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Правни студии. Дипломирал на 15.9.2014 година, со просечен успех 9.92, со што се стекнал со називот дипломиран правник – Bachelor of Laws (LL.B.)

Во учебната 2014/2015 година, кандидатот се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Студиите на насоката административно право и јавна администрација ги завршил во 2016 година, со просечен успех 10,00. На 2.12.2016 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Теоретско разграничување помеѓу судскиот прекршок и административниот престап*. Со тоа кандидатот се здобил со 300 ЕКТС-кредити и го стекнал називот магистер по право од областа – насока административно право и јавна администрација – Master of Laws (LL.M.)

Кандидатот, всушност, детално го анализира процесот на создавање на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија, односно дава една детална историска ретроспектива за тоа како се одвива создавањето на овој систем и воедно ги анализира и причините и целите за создавање на таков еден систем, Кандидатот во овој дел воедно дава и еден подетален историски осврт на развојот на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија и прави една длабинска анализа на предизвиците пред кои овој систем стои исправен, а, исто така, посебно внимание посветува и на процесот на реформирање на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија.

Во **ТРЕТИОТ ДЕЛ,** кандидатот го анализира Меѓународниот режим за право на бегалци. Овој дел се состои од четири точки, и тоа: 3. Структура на меѓународниот режим за право на бегалци, 3.1. Историски развој на меѓународниот режим за бегалци, 3.2. Предизвици на меѓународниот режим за бегалци и 3.3. Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации – УНХЦР.

Во овој дел, кандидатот ја анализира во детали структурата на Меѓународниот режим за бегалци и прави една детална историска анализа на процесот на создавање на Меѓународниот режим за бегалци, односно дава една хронолошка ретроспектива на процесот на создавање на меѓународниот режим за бегалци и ги анализира причините и потребата за негово создавање. Во овој дел, кандидатот м-р Димитар Спасевски прави анализа и на развојот на Меѓународниот режим за бегалци низ историјата. Кандидатот во овој дел, исто така, посветува исклучително внимание и на предизвици со кои се соочува Меѓународниот режим за бегалци и темелно го анализира и Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации – УНХЦР како исклучително значајно тело кое е задолжено за грижа за бегалската популација.

Во **ЧЕТВРТИОТ ДЕЛ,** насловен „Анализа на бегалските кризи од поновата историја”, кандидатот м-р Димитар Спасевски посветува внимание на Косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година. Овој дел се состои од следниве точки: 4. Косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година и косовската бегалска криза, 4.1. Историска ретроспектива на косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година, 4.2 Историска и правна анализа на воената интервенција на НАТО-алијансата врз Сојузна Република Југославија и 4.3. Историска и правна анализа на косовската бегалска криза.

Во овој дел, кандидатот во подробност го анализира косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година. Тој дава една хронолошка историска ретроспектива и анализа на косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година. Во овој дел, кандидатот дава и една историска, како и правна анализа на воената интервенција на НАТО-алијансата врз СР Југославија. Во овој дел, кандидатот дава детална анализа на косовската бегалска криза, односно на бегалските движења кои настапуваат како резултат на овој конфликт.

Во заклучните согледувања се сумирани сознанијата од докторското истражување и се дадени препораки за подобрување на правната регулатива за бегалци, каде што кандидатот ја потврдува поставената хипотеза заедно со изведените помали хипотези, а кои се образложени подолу во оваа рецензија.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа преглед на користената библиографија.

**2. Предмет на истражувањето**

Предмет на истражување во докторската дисертација претставуваат правната регулатива за бегалци и бегалските кризи од поновата историја и една од примарните цели на оваа докторска дисертација е преку темелно научно истражување да се даде оригинален придонес во науката,

односно да се дадат препораки за подобрување на правната регулатива за бегалци, како и препораки за подобро управување на бегалските кризи. Практично, во епицентарот на истражувањето на овој докторски труд се Меѓународниот режим за бегалци, како и Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Кандидатот ги анализира нив сѐ со цел да процени, односно да утврди дали тие нудат соодветна заштита на бегалската популација, како и со цел да утврди дали тие би требало да имаат одредени измени сѐ со цел да понудат една подобра и поефикасна заштита на оние лица кои спаѓаат во категоријата на бегалци. Исто така, предмет на овој докторски труд се и бегалските кризи од поновата историја кои оставиле своја трага, односно свој печат во поновата историја, односно во модерната историографија. Во таа насока, кандидатот подробно го истражува косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година, како и бегалските движења кои произлегуваат од него. Практично, целта на кандидатот е, меѓу другото, да утврди кои индикатори придонесуваат за појава на бегалски кризи, како и да утврди на кој начин тие кризи биле управувани и дали е неопходно подобрување на начинот на кој се управува со нив.

**3. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација**

На научно ниво, во Република Северна Македонија, темата не е обработувана и не постои доволно литература која е достапна на македонски јазик поради што кандидатот во голема мера се потпира на литература на англиски јазик. Во тој контекст, кандидатот истакнува дека изработката на докторската дисертација претставувала сериозен предизвик, имајќи предвид дека било потребно и да употреби голем број извори на странски јазик и да преведе стручна терминологија. Научната оправданост лежи токму во актуелноста на самата тема. Имено, темата која се обработува со овој докторски труд претставува еден од најкомплексните предизвици што историјата ги познава, како и е еден од најкомплексните и актуелни предизвици со кои државите се соочуваат денес.

**4. Краток опис на применетите методи**

**Методолошката рамка** на трудот се состои од интердисциплинарен пристап преку примена на повеќе научни методи. Во овој докторски труд, кандидатот употребил повеќе научни методи. Имено, еден од клучните научни методи кои се употребени во овој докторски труд се историскиот метод, пред сѐ, поради тоа што станува збор за тематика и проблематика којашто опфаќа бројни историски аспекти. Покрај историскиот метод, кандидатот во своето истражување ги користи и компаративниот метод, методот на анализа на содржина, квантитативниот метод на истражување и квалитативниот метод на истражување.

**5. Краток опис на резултатите од истражувањето**

Поставената хипотеза на докторската дисертација од страна на кандидатот м-р Димитар Спасевски е: Целокупниот правен режим за заштита на бегалците е неопходно да се усоврши и реформира со цел тој биде во можност да даде адекватен одговор на сериозните предизвици што ги носат модерните времиња, како што се големите бегалски бранови, односно бегалските кризи. Од истата хипотеза произлегле следните помали хипотези: Неопходна е солидарност и тесна соработка помеѓу државите за справување со предизвиците кои што произлегуваат од бегалските движења; Државите е неопходно да го подобрат управувањето, како и да ги зајакнат сопствените капацитети за справување со бегалски кризи; Неопходно е да се делува на причинителите за појава на бегалски кризи, како што се воените конфликти, кршењето на човековите права, климатските промени и прогонот по расна, верска, политичка и социјална основа, со цел во иднина да не се создаваат нови бегалски кризи. Помалите хипотези со нивното потврдување водеа и кон потврда на главната хипотеза.

Во однос на првата хипотеза, односно на централната хипотеза, која гласи: Целокупниот правен режим за заштита на бегалците е неопходно да се усоврши и реформира со цел тој биде во можност да даде адекватен одговор на сериозните предизвици што ги носат модерните времиња, како што се големите бегалски бранови, односно бегалските кризи, кандидатот ја

потврдува и наведува дека тековниот систем или режим нуди солидна заштита, но тој може да претрпи одредени мали измени или да биде реформиран сè со цел тој да понуди една уште подобра и поефикасна заштита за бегалската популација и да биде во состојба да одговори на предизвиците кои ги носат модерните времиња.

Во однос на правата помала хипотеза, која гласи: Неопходна е солидарност и тесна соработка помеѓу државите за справување со предизвиците кои произлегуваат од бегалските движења, кандидатот ја потврдува и констатира дека е неопходна поголема солидарност помеѓу државите за справување со предизвиците поврзани со бегалците.

Во однос на втората помала хипотеза: Државите е неопходно да го подобрат управувањето, како и да ги зајакнат сопствените капацитети за справување со бегалски кризи, кандидатот ја потврдува и наведува дека државите мораат да работат на подобрување на начинот на кој се справуваат или ги управуваат бегалските кризи, а доказ за тоа е последната голема бегалска криза од средината на втората деценија од 21 век, која демонстрира дека е неопходно подобрување на начинот на кој државите ги раководат бегалските кризи.

И во однос на последната помала хипотеза, која гласи: Неопходно е да се делува на причинителите за појава на бегалски кризи, како што се воените конфликти, кршењето на човековите права, климатските промени и прогонот по расна, верска, политичка и социјална основа, со цел во иднина да не се создаваат нови бегалски кризи, кандидатот ја потврдува и наведува дека од суштинска важност е да се делува на причинителите кои доведуваат до појава на бегалски кризи бидејќи без активно делување на причинителите и во иднина светот ќе биде соочен со бегалски кризи кои претставуваат еден поприлично голем предизвик за државите денес.

**6. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатот го има исполнето условот да има објавено 2 (два) труда во референтна научна публикација пред одбраната на докторската дисертација, и тоа:

1. Spasevski, D. (2021). REFUGEE INTEGRATION: A NEW ESSENTIAL CHALLENGE FOR DEVELOPED SOCIETIES. Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 1(8), 190-204. https://doi.org/10.46763/SCGW21190s
2. Spasevski, D. (2022). HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS OF THE GREEK CIVIL WAR AND OF THE REFUGEE MOVEMENTS ARISING FROM IT. Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 1(9), 201-214. https://doi.org/10.46763/SCGW22201s

Претходно наведените 2 (два) труда се објавени во Зборникот на трудови: Секција млади истражувачи, од Осмата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, во организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и Зборникот на трудови: Секција млади истражувачи, од Деветтата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, во организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Овие претходно споменати зборници на трудови спаѓаат во категоријата на зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји, што, согласно Законот за високото образование, претставува референтна научна публикација.

Кандидатот има реализирано и меѓународна мобилност на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, Република Србија, во траење од 7 работни дена, во периодот од 10 до 18.10.2024 година.

**7. Заклучок и оценка на трудот**

Кандидатот м-р **Димитар Спасевски** за предмет на својот докторски труд избрал исклучително сложена и актуелна тематика, а која на научно ниво во Република Северна Македонија не е обработувана и не постои доволно достапна научна литература на македонски јазик. Согласно со претходно наведеното, докторската дисертација ќе има големо значење,

односно таа ќе даде значен научен придонес и ќе има огромно значење, теоретско и практично. Докторскиот труд на кандидатот **м-р Димитар Спасевски** претставува самостоен научен труд, со кој за првпат се остварува ваква длабинска, подробна анализа и со еден интердисциплинарен методолошки пристап. Во поглед на научната елаборација, докторскиот труд претставува значаен придонес за развојот на историјата на правото не само во Република Северна Македонија, туку и на меѓународно ниво, имајќи предвид дека докторската дисертација опфаќа многу аспекти и бројни држави кои се засегнати со конкретната тематика, преку употреба на различни пристапи за анализа на добиени резултати од научното истражување. Во направеното истражување, кандидатот се служела со релевантна литература од сферата на историја на право, што му овозможило сеопфатно да го анализира предметот на неговото проучување и да имплементира иновативен пристап при подготвувањето на докторскиот труд. Комисијата смета дека докторската теза на **кандидатот м-р Димитар Спасевски** од методолошки аспект, со употреба на интердисциплинарен пристап и употреба на различни научни методи, како историскиот метод, компаративниот метод, методот на анализа на содржина, квантитативниот метод на истражување и квалитативниот метод на истражување, претставува самостоен и заокружен научен труд, што е доказ дека тој успешно ја владее истражувачката проблематика и дека успешно ги имплементирала иновативните методолошки пристапи и техники на научноистражувачката работа. Исто така, кандидатот демонстрира одлична способност за критичка опсервација и анализа, како и умешност за елаборација на сопствените ставови во поглед на предметната истражувачка проблематика. На овој начин, со својата докторска дисертација, кандидатот директно придонесува кон зголемени теоретски и практични познавања за конкретната тематика и проблематика, што, според Комисијата, претставува најзначаен научен придонес на докторскиот труд.

**Предлог**

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека докторскиот труд на **кандидатот** под наслов: **Анализа на развојот на правната регулатива за бегалци и на бегалските кризи од поновата историја,** ги задоволува воспоставените стандарди за изготвување на трудови од ваков вид и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да му овозможи на кандидатот Димитар Спасевски да го брани својот докторски труд.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА**

**Проф. д-р Иванка Всилевска, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо, с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, с.р.**
**Проф. д-р Сами Мехмети, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Наставно-научен совет – 03.09.2025 година**

| Ред. број | Кандидат | Тема (на македонски јазик) | Тема (на англиски јазик) | Комисија | Број и датум на одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | м-р Сара Анастасовска | „Перењето пари и други приноси од казниво дело и проблематиката на предикативното дело“ | „The Money laundering and other proceeds of crime and the problem of the predicate offence)“ | 1. проф. д-р Никола Тупанчески,<br>2. проф.д-р Гордан Калајџиев и<br>3. проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова (менторка) | 02-971/19 04.09.2025 |

Скопје, 05.09.2025 година

**Декан,**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

Изработил Мелиса Кубур Соработник за магистерски и докторски студии

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА, НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.6.2025 година, донесе Одлука (бр. 02-1296/3 од 27.6.2025 година) за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научната област екологија и животна средина, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На конкурсот за избор/повторен избор на еден асистент од наставно-научна област: екологија и животна средина, објавен во јавните гласила „Слободен печат“ и „Коха“ од 20.5.2025 година, во определениот рок се пријави само кандидатката м-р Марија Чобанова, асистент на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија во состав: д-р Славчо Христовски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Рената Ќуштеревска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Даниела Јовановска, доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, има чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Биографски податоци**

М-р Марија Чобанова е родена на 20.2.1994 година во Скопје, Република Македонија. Основното образование го завршила во ОУ „Блаже Конески“, а средното образование како првенец на генерацијата во СУГС „Никола Карев“ во Скопје. На прв циклус студии се запишала во учебната 2013/2014 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, студии по биологија, еколошка насока. Студиите ги завршила во јуни 2019 година со одбрана на дипломската работа под наслов: „Флористички состав, биомаса и минерален состав на тресетиштата во централните делови на Шар Планина“ со просечен успех 9,69. Вториот циклус студии ги завршила во октомври 2021 година, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, со одбрана на магистерска теза со наслов: „Основни еколошки карактеристики на високопланинските тресетишта на Шар Планина“ со просечен успех 10,00. Во 2022 година се запишала на трет циклус студии на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во текот на студирањето била активен член на Истражувачкото друштво на студенти биолози и 3 години по ред била дел од Претседателството. Учествувала на многубројни научноистражувачки активности и голем број едукативно-популарни настани организирани од страна на Друштвото. Во 2017 година ја вршела функцијата претседател, при што била и раководител на проектот „Organizing a biodiversity related summer camp and supporting the process of developing and implementing the biodiversity related smartphone application”, финансиран од Германското друштво за интернационална соработка – Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ). Со активноста во Друштвото остварила контакти со регионалните друштва на студенти биолози и учествувала во теренска размена на научноистражувачки експедиции.

М-р Марија Чобанова е активен, повеќегодишен член и волонтер во национални и интернационални организации каде што учествува во реализација и поддршка на повеќе активности и проекти. За истакнување е нејзината функција како член на Собранието и координатор на Секцијата за млади екolози при Македонското еколошко друштво, дел од основниот национален тим во организацијата Ecosystem Services Partnership, функцијата на офицер за комуникации во европското поглавје на светската организација Society of Wetland Scientists и најскоро, улогата на национален координатор во поглавјето за Западен Блакан во

престижната светска организација Global Youth Biodiversity Network. Дополнително, таа членува во меѓународната организација Young Ecosystem Services Specialists, додека од 2024 е член на организацијата International Mire Conservation Group.

Во моментот е вработена како асистент на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, каде што учествува во изведувањето на практичната настава и научноистражувачката работа на Одделението за екологија на растенија со заштита на животната средина.

**Наставно-образовна дејност**

Од септември 2019 година до денес, м-р Марија Чобанова е ангажирана во изведувањето на практичната настава на Одделението за екологија на растенијата при Институтот за биологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Кандидатката м-р Марија Чобанова е вклучена во изведувањето на практичната настава по предметите *Екологија на растенијата* (наставна насока), *Екологија на терестрични екосистеми* (еколошка насока), *Абиотички фактори* (еколошка насока), *Растителна и анимална екофизиологија* (биохемиско-физиолошка насока), *Заштита на животната средина* (еколошка насока, наставна и биохемиско-физиолошка насока), *Пределна екологија* (еколошка насока). Покрај тоа, м-р Марија Чобанова учествувала во изведувањето на практичната настава по предметот *Хистологија* (насоки: Нутриционизам и Молекуларна биологија).

Исто така, м-р Марија Чобанова активно учествувала во спроведувањето теренска настава (*Екологија на растенијата* и *Екологија на терестрични екосистеми*), како и во изработката на експерименталниот дел од дипломските работи и магистерските трудови на студентите од прв и втор циклус студии на Институтот за биологија.

**Научноистражувачка дејност**

Покрај ангажираноста во изведувањето на практичната настава, м-р Марија Чобанова активно учествува и во научноистражувачката работа на Одделението за екологија на растенија со заштита на животната средина при Институтот за биологија. Главното подрачје на нејзиниот научен интерес е од областа на екосистемската екологија, особено функционирањето на влажните екосистеми. Нејзините научни истражувања се фокусирани на определувањето на основните еколошки параметри (биомаса, продукција, педолошки карактеристики), следење на хидролошкиот циклус, определување на антропогеното влијание и различни конзервациски аспекти. За успешно спроведување на научните истражувања фокусирани на екологијата на влажни екосистеми била добитник и успешно реализирала четири научноистражувачки проекти:

1. Март 2020 – декември 2020: Мал истражувачки грант: „Екосистемско истражување на шумски тресетишта во срцето на Шар Планина: врски меѓу биомасата, флористичкиот состав, трансформациите на азот во почвите и почвените микроорганизми“. Проектот е финансиран од програмата за поддршка на млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“.
2. Март 2021 – декември 2022: Среден истражувачки грант: „Шар Планина: рефугиум на Балканските тресетишта“. Проектот е финансиран од програмата за поддршка на млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“.
3. Јуни 2021 – јули 2022: Награда на секцијата за тресетишта и студентски грант од Европското поглавје на Друштвото на научници за влажни екосистеми: “Ecological traits of rare mountain ecosystems in North Macedonia: assessment of water levels and water chemistry in relation to plant species diversity”, финансиран од Society of Wetland Scientists.
4. Август 2023 – јуни 2024: Истражувачки престој во рамки на проектот: “Science in favor of successful conservation of fen ecosystems in North Macedonia” финансиран од Deutsche Bundesstiftung Umwelt, спроведен во Greifswald Mire Centar (GMC)

во Greifswald, Германија. GMC е чадор-институција помеѓу University of Greifswald, Michael Succow Foundation и Institute of Sustainable Development of Landscapes of the Earth.

Во фокусот на нејзината научноистражувачка работа е и проценка на екосистемските услуги. Притоа, учествувала во неколку истражувачки и апликативни проекти од оваа област, каде што имала координативна или кокоординативна улога:

1. Октомври 2022: Шести национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност: „Case study on national assessment of ecosystem condition and ecosystem services“.
2. Септември 2018 – декември 2020: Програма за зачувување на природата во Македонија, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка, **фаза I**. Активности: воспоставување на концептот за екосистемски услуги во Северна Македонија (координација на национален и меѓународен тим на експерти; концептуализација и развој на цели за воспоставување на концептот за екосистемски услуги во Северна Македонија; идентификација, проценка и картирање на состојбата на екосистемите на национално ниво; проценка и картирање на состојбата на екосистемите во заштитени подрачја; проценка и картирање на екосистемските услуги на национално ниво; биофизичка проценка на локално ниво: Студија на случај „Вевчански Извори“).
3. Јануари 2021 – август 2021: Програма за зачувување на природата во Македонија, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка**, фаза II**. Активности: развој и тестирање на механизам за плаќање на екосистемски услуги (економска проценка на екосистемски услуги на локално ниво: Студија на случај „Вевчански Извори“; квалитативна и квантитативна студија на перцепцијата на локалните чинители за екосистемски услуги вклучувајќи метод на партиципативно картирање: Студија на случај „Вевчански Извори“; Физибилити-студија за воспоставување на шема за плаќање на екосистемски услуги во заштитено подрачје „Вевчански Извори“)
4. Март 2022 – декември 2022: Програма за зачувување на природата во Македонија, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка, **излезна фаза**. Активности: соработка на засегнати чинители и програма за јакнење на капацитети за интегрирање на пристапот на екосистемски услуги во креирање на политики и процеси на носење на одлуки (идентификација на чинители; развој на план за јакнење на капацитети; комуникација и соработка со меѓународни експерти; организација и спроведување на осум модули за јакнење на националните капацитети; основање на национална мрежа за екосистемски услуги во Северна Македонија).
5. Март 2022 – декември 2023. Проект: Promoting Sustainable Land Management (SLM) Through Strengthening Legal and Institutional Framework, Capacity Building and Restoration of Most Vulnerable Mountain Landscapes, Improving management of protected areas, Output 1.1.3. “Land utilization and ecosystem services valuation for forest and grasslands ecosystems in the pilot sites in the north-western part of North Macedonia” финансиран од програма Star 6 - United Nations Environment Programme Активности: проценка на состојбата на екосистемите; проценка на екосистемските услуги; економска проценка и вреднување; развој на сценарија; организација и спроведување на работилници со засегнати чинители.

Резултатите од своите истражувања, како и соработките во други научноистражувачки проекти ги претставува во 10 оригинални научни трудови, од кои во 4 е водечки автор и 12 соопштенија презентирани на научни собири, од кои во шест е водечки автор.

**Список на објавени научни трудови**

- **Trencheva M.**, Kamchev P., Bozhinovska E., Melovski D., (2020). Conservation-important butterflies in an under-researched part of Macedonia: Plachkovica, Vlaina and Maleshevski Mountains. Bull.Bio.Stu.Res.Soc.Vol. 5, No. 1, pp: 87-96

- Veapi, E., Jovanovska, D., **Trenčeva, M.**, Velkovski, N., Hristovski, S. (2020a). Down dead wood in a montane beech forest stands on Deshat Mountain. 1. Down dead wood biomass. Forest Review. Vol. 49, No. 2, pp: 49–55.
- Veapi, E., Jovanovska, D., **Trenčeva, M.**, Velkovski, N., Hristovski, S. (2020b). Down dead wood in a montane beech forest stands on Deshat mountain. 2. Carbon sequestration. Forest Review Vol. 49, No. 2, pp: 56–60.
- Hristovski, S., Ćušterevska, R. and **Trenčeva, M.**, (2022). *Traunsteinera globosa* (L.) Rchb.(Orchidaceae), a new species for the flora of the Republic of North Macedonia. Acta Musei Macedonici Scientiarum Naturalium, Vol. 25, No.1, pp: 79-82.
- Veapi, E., Jovanovska, D., **Chobanova, M.,** Velkovski, N. and Hristovski, S. (2023a). Down dead wood in a montane beech forest stands on Deshat mountain. 3. Mineral composition." Macedonian Journal of Ecology and Environment Vol. 25, No. 1, pp: 27-33
- Veapi, E., Jovanovska, D., **Chobanova, M.,** Velkovski, N. and Hristovski, S. (2023b). Down dead wood in a montane beech forest stands on Deshat mountain. 4. Decomposition of down dead wood. Macedonian Journal of Ecology and Environment Vol. 25, No. 1, pp: 35-41.
- **Chobanova, M**., Avukatov, V., Atanasovska, K., Melovska, N., Brajanoska, R., Shushlevska, M., Jovanovska, D., Trpeski, V., Jordanov, S., Gicevski, B., Sterijovski, B., Nikolov, L., Velevski, M., Velkovski, N., Petrovski, S., Najdovski, B., Slavevska-Stamenkovikj, V., Stavrikj, V., Gjorgjievski, S., Djabirski, V., Ćušterevska, R., Levkov, Z., Kitanova, D., Stojanov, A., Blinkov, I., Markoski, M., Hinić Jordanovska, J., Mitic Kopanja, D., Stojchevska, C., V. Cvetanoska, S., Minchev, I., Campange, S., Hristovski S. (2024). Mapping and national assessment of ecosystems and their condition in North Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, Vol. 26, No.1, pp: 83-116
- **Chobanova, M**., Nikolov, L., Jovanovska, D. and Hristovski, S. (2025) Ecological traits of wet meadows in Prespa watershed (North Macedonia) and their potential in management activities, Wetland ecology and conservation. Wetlands Ecology and Management Vol. 33 No. 2, pp: 1-12. IF= 1.5
- Hinić-Jordanovska J., Slavevska-Stamenković V., Mitić-Kopanja D., Ibrahimi H., Kučinić M., Rušiti-Dauti A., Jovanovska D., and **Chobanova M**. (2025) The caddisfly fauna (Insecta: Trichoptera) of Shar Planina mountain (Republic of North Macedonia). Macedonian Journal of Ecology and Environment, Vol. 27, No.1, pp: 39-50
- **Chobanova, M.**, Jovanovska, D., Tanneberger, F., Barthelmes, A., and Hristovski, S. (2025) Exploring the heterogeneity and conservation status of mires and other wetlands in North Macedonia (SE Europe): Insights from mapping efforts. Mires and Peat, Vol 32, No.1, 23 pp. IF= 1.6

**Список на соопштенија презентирани на научни собири:**

- **Trencheva, M.**, Kamchev, P., Bozhinovska, E., Melovski, D. Conservation-important butterflies in an under-researched part of Macedonia, Plachkovitsa and Maleshevo Mountains. Abstract book, p. 207. 5$^{th}$ Congress of Ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation. Biology student’s symposium. Ohrid, North Macedonia 19$^{th}$-22$^{nd}$ October 2016.
- **Trencheva, M.**, Supporting conservation of rare mountain ecosystems: assessing ecological traits of Shar Planina’s mires. First Student Section Virtual Conference of the Student Section of Society of Wetland Scientists, 10$^{th}$-11$^{th}$ June 2020
- **Trencheva, M.**, Atanasovska, K., Avukatov, V., Melovska, N., Campagne, S. C., Burkhard, B. Hristovski, S. Two-scale approach of ecosystem services assessment and perspectives on implementation in North Macedonia. 3$^{rd}$ ESP Europe Conference: Ecosystem Services Sciences, Policy and Practice in the face of Global Changes. Tartu, Estonia, 7$^{th}$-10$^{th}$ June 2021
- Atanasovska, K., Melovska, N., **Trencheva, M.**, Trpeski, V., Jordanov, S. Multi-stakeholder collaboration and capacity building programme on integrating ecosystem services approach

in policy and decision-making: A case study in North Macedonia. 4th ESP Europe Conference: Ecosystem services empowering people and societies in times of crises. Heraklion, Greece, 10th-14th October 2022

- Stojanovska, A., **Trencheva, M.**, Jovanovska, D., Hristovski, S. Assessment of highway heavy metals pollution: analyses of soils and plants (alfalfa, wheat and rapeseed). Abstract book, p. 26. 6th Congress of Ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation., Ohrid, North Macedonia October 15th-18th 2022
- **Trencheva, M.**, Dedov, I., Jovanovska, D., Hristovski, S. Can groundwater chemistry be an explanatory variable for gradients in snails diversity in fens? Small-scale study from Shar Planina, North Macedonia. Abstract book, p. 141. 6th Congress of Ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation., Ohrid, North Macedonia October 15th-18th 2022
- Pelikudovska, D., Jovanovska, S., Dochovska, M., **Trencheva, M.**, Hristovski, S. Wet meadows in Prespa: Lake Prespa’s buffer from artificial fertilizers. Abstract book, p. 191. 6th Congress of Ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation., Ohrid, North Macedonia October 15th-18th 2022
- **Trencheva, M.**, Dinova, D., Jovanovska, D., Angelovska, A., Boshkovska, V., Krstevska, S., Hristovski, S. From theory to practice: Fens’ monitoring in Protected Landscape “Osogovski Planini” in North Macedonia. Abstract book, p. 195. 6th Congress of Ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation., Ohrid, North Macedonia October 15th-18th 2022
- Nikolov, L., **Trencheva, M.**, Pelikudovska, D., Jovanovska, D., Zaec, D., Hristovski, S. Biomass and chemical composition of wet meadows in Prespa watershed (North Macedonia). Abstract book, p. 218. 6th Congress of Ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation., Ohrid, North Macedonia October 15th-18th 2022
- Melovska, N., **Trencheva, M.**, Atanasovska, K., Avukatov, V., Nakev, S., Nikolov, L., Sterijovski, B., Campaign, S. Use of ecosystem services concept for improving the management and financing mechanisms of protected areas in Macedonia. Case study of Vevcanski Izvori Monument of Nature. Abstract book, p. 225. 6th Congress of Ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation., Ohrid, North Macedonia October 15th-18th 2022
- **Chobanova, M.,** Jovanovska, D., Hristovski, S. Wetland area assessment in North Macedonia. 19th Society of Wetland Society Europe Chapter Conference, Goniadz, Poland June 24th-26th 2024
- Kostandinovska, S., **Chobanova, M.,** Hristovski, S., Kungulovski, Dz., Atanasov-Pancevska, N. Ecology of soil species of the genus *Bacillus* and the influence of environmental factors on their biologically active compounds, 27th Congress of SCTM, Ohrid, North Macedonia, Sept. 25-28 2024

Покрај оргиналните научни трудови и соопштенија, резултатите од научната и апликативната работа м-р Марија Чобанова ги претставува во многубројни научни и стручни извештаи:

## Коавтор на научни и стручни извештаи

- **Trencheva, M.** (2017). “Organizing a biodiversity related summer camp and supporting the process of developing and implementing the biodiversity related smartphone application”, Завршен извештај за проектот: “Organizing a biodiversity related summer camp and supporting the process of developing and implementing the biodiversity related smartphone application”, финансиран од German Development Agency - Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ)), 103 стр.

- Меловски, Д., **Тренчева, М**., (2019). Извештај за оценка на биодиверзитетски карактеристики на истражување „Плавица” – таксономска група дневни пеперутки, Проект: Студија за оценка на влијанието врз животната средина – Плавица, Општина Кратово, Еколошки консалтинг Maneko Solutions DOOEL, Скопје, 11 стр.
- **Тренчева, М**., Меловски, Д. (2019). Финален експертски извештај, Група: Дневни пеперутки (Lepidoptera – Rhopalocera), Диверзитет на дневните пепрутки на Суви Дол. Проект: Програма за закрепнување на балканскиот рис – фаза 4 Компоненета: Прогласување на заштитени подрачја, Македонско еколошко друштво, 10 стр.
- Христовски, С., Јовановска, Д., **Тренчева, М.,** Младенова, М. (2019). Студија за одржливо искористување на трската во Преспанскиот регион. Проект: LESS WASTE II –CN1-SO 2.2 SC 008. Општина Ресен и Фармахем ДООЕЛ Скопје, 71 стр.
- Христовски, С., **Тренчева, М.**, Левков, З., Авукатов, В., (2020) Тип екосистем: Блатни екосистеми во Република Северна Македонија, Проект: Процес на картирање и анализа на екосистемите на национално ниво како дел од Потцел 1.1. Воспоставување и тестирање на механизам за плаќање на екосистемски услуги, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка, 21 стр.
- **Тренчева, М.,** Гичевски, Б., Најдовски, Б., Славевска-Стаменковиќ, В., и др. (2020). Картирање на екосистемите и проценка на нивната состојба. Проект: Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, Македонско еколошко друштво, 193 стр.
- **Тренчева, М.**, Гичевски, Б., Стеријовски, Б., Најдовски, Б., и др. (2020). Селекција на екосистемски услуги, проценка и картирање на капацитетот за нивно обезбедување. Проект: Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, Македонско еколошко друштво, 224 стр.
- **Тренчева, М.**, Христовски, С., Атанасовска, К., Стеријовски, Б., Авукатов, В., Николов, Л., Меловска, Н., Накев, С., Пандурска – Драмиќанин, Ф., Милевски, И., Campagne, C., (2020). Проценка и картирање на екосистемски услуги на локално ниво Студија на случај: споменик на природа „Вевчански Извори“. Проект: Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, Македонско еколошко друштво, 62 стр.
- Христовски, С., **Тренчева, М**., Стеријовски, Б., Авукатов, В., Велевски, М., Ќуштеревска, Р., Меловска, Н., Левков, З., Атанасовска, К. (2020). Проценка на состојбата на екосистемите во заштитени подрачја. Проект: Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, Македонско еколошко друштво, 61 стр.
- **Тренчева, М.**, Меловски, Д., (2020) Видови од Директива за хабитати во сливот на река Брегалница, Финален експертски извештај Група: Дневни пеперутки (Lepidoptera: Papilionoidea). Проект: Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, Македонско еколошко друштво, 11 стр.
- Николов, Л., Христовски, С., Костадиновски, М., Ќуштеревска, Р., **Тренчева, М.**, и др. (2020). Estimation of biomass and recommendation for management of wet meadow in Prespa, Проект: Компонента „Конзервација и управување со влажните ливади во Преспанскиот Регион“, Conservation trust fund Prespa Ohrid Nature Trust – PONT, Македонско еколошко друштво, 76 стр.
- **Тренчева М**. (2020). Завршен наративен извештај, Проект: Екосистемско истражување на шумски тресетишта во срцето на Шар Планина: врски помеѓу биомасата, флористичкиот состав, трансформациите на азот во почвите и почвените микроорганизми, Програма за поддршка на млади еколози „Д-р. Љупчо Меловски“, 19 стр.
- **Trencheva, M.**, (2021). Завршен извештај за проект: Ecological traits of rare mountain mire ecosystems in North Macedonia: assessment of water levels and water chemistry in relation to plant species diversity, Society of wetland scientists, 39 стр.
- **Тренчева, М.** (2022). Дневни пеперутки (Lepidoptera: Rhopalocera) на Белчишко Блато. Проект: Зачувување на Белчишко Блато со ангажирање на општина Дебрца и локалните

чинители, Здружение за екологија и туризам Екотуризам 2016, Општина Дебрца, Critical Ecosystem Partnership Fund, 28 стр.

- Христовски, С., Цветковска-Ѓоргиевска, А., Комненов, М., **Тренчева, М.**, Митев, Т. (2022). Инвертебратите во рамките на ГУП на градот Скопје. Проект: REP 156/2021 Изработка на карта на биотопи за Скопската агломерација. Унига Стил, Град Скопје, UNDP, 70 стр.
- **Trencheva, M.** (2022). Assessment of ecosystem services. Проект: Gap Analysis and Safeguard Documentation: Category A Project CORRIDOR VIII Railway - Section 3 Kriva Palanka-border with the Republic of Bulgaria, North Macedonia, Емпириа ЕМС Дооел Скопје, 9 стр.
- **Тренчева, М.**, Христовски, С., Динова, Д., Бошковска, В., Јовановска, Д., Крстеска, С., Ангеловска, А., Георгиевска, Н., Ѓорѓиевска, А., Ајтовски, С., Димитровски, Ј., Трајанов, Б. (2022) Мониторинг на планински тресетишта во заштитен предел „Осоговски Планини“, завршен извештај, Програма за зачувување на природата, 86 стр.
- **Чобанова, М.**, Христовски, С., Бошковска, В., Динова, Д., Крстеска, С., Ајтовски, Ј., Лесански, Д., Ајтовски, Г., Стоиловски, Ѓ. (2023). Мониторинг на планински тресетишта во заштитен предел „Малешевски Планини“, завршен извештај, Програма за зачувување на природата, 26 pp.
- **Чобанова, М.**, Христовски, С., Бошковска, В., Динова, Д., Крстеска, С., Ајтовски, С., Димитровски, Ј. (2023) Мониторинг на планински тресетишта во заштитен предел „Осоговски Планини“ 2023, завршен извештај, Програма за зачувување на природата, 43 pp.,
- **Чобанова, М.**, Цонев, Р., Христовски, С. (2023) Влажни екосистеми, завршен експертски извештај во: Студија за ревалоризација на природните вредности во Национален Парк „Маврово“, Македонско еколошко друштво, 31 pp.
- **Чобанова, М.**, Николов, Л., Христовски, С., Јовановска. Д., Пеликудовска Трајчевска, Д., Ѓорѓиевски, С., Велевски, М., Узунова, Д., Стојанов, А., Арсовски, Д., Авукатов, В. (2023) Management of wet meadows in Prespa (North Macedonia) through stakeholder engagement and fulfilling knowledge gaps regarding their ecology and biodiversity, Project report, Prespa Ohrid Nature Trust, Aage V. Jensen Charity Foundation, Македонско еколошко друштво, 114 pp.
- Меловска, N., Атанасовска, К., **Чобанова, М.**, Јовановска, Д., де Грот, Д., van't Hoff, V., Аврамовски, С. и Панова, С. (2024) Integrative ecosystem services assessment for forest and grasslands ecosystems in six pilot sites in the north-western part of North Macedonia, завршен извештај, Global Environmental Facility, 146 pp.
- Христовски, С., Левков, З., Јовановска, Д., **Чобанова, М.**, Заова, Д. 2023. Inland surface waters and wetland habitats in: Maneko Solutions (уредник) Завршен извештај: Habitat map of North Macedonia. European Bank for Reconstruction and Development (EBRD) 89 pp.
- Koutseri, I., Papanousi, F., Fotiadis, G., Sakellarakis, F.-N., Pejovijk, S., Catsadorakis, G., **Chobanova, M.,** Hristovski, S., Malakou, M., Nezaj, M., Nikolov, L., Roumeliotou, V. & I. Shyti. (2024). Conservation of wetland habitats across the Transboundary Prespa basin: a concise report. Society for the Protection of Prespa, Macedonian Ecological Society, Protection and Preservation of Natural Environment in Albania, 21 pp.

Од 2016 година до денес, м-р Марија Чобанова учествувала во реализација на поголем број меѓународни и домашни проекти од областа на заштитата на природата и биолошката разновидност, како што се: студии за валоризација на заштитени подрачја, студии за проценка на влијание врз животната средина, мониторинг во заштитени подрачја итн.:

- Јануари 2016 – декември 2016: „Spring alive - Macedonia“ платформа, поддржана од Bird Life International, локален координатор: Македонско еколошко друштво, улога: **соработник.**

- Јануари 2017 – декември 2017: проект „Organizing a biodiversity related summer camp and supporting the process of developing and implementing the biodiversity related smartphone application”, финансиран од Германското друштво за соработка (German Development Agency - Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ)), улога: **координатор на проект.**
- Септември 2018 – Мај 2020: Програма за зачувување на природата во Северна Македонија финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка, Фаза II: Активности: идентификација и картирање на екосистемите во Северна Македонија и проценка на нивната состојба; подактивност: проценка и картирање на состојбата на блатните екосистеми во Северна Македонија, улога: **помлад соработник** .
- 2019: Студија за оценка на влијанието врз животната средина – Плавица, Општина Кратово, Еколошки консалтинг Maneko Solutions DOOEL, Скопје, улога: **соработник** (дневни пеперутки).
- Јуни 2019: Студија за валоризација на подрачјето Суви Дол, иницијатива за заштита поддржана од Македонско еколошко друштво, позиција: **помлад соработник** (дневни пеперутки)
- Јуни 2019 – декември 2020: Идентификација на шуми со високи природни вредности, имплементиран од United Nations Environment Programme (UNEP) Star 5, финансиран од GEF, координатор: Македонско еколошко друштво, улога: **помлад соработник** (дневни пеперутки).
- Октомври 2019: „Студија за одржливо искористување на трската во Преспанскиот Регион” како дел од проектот: “Development of an action plan for the management of bio-wastes at the cross-border region LESS WASTE II –CN1-SO 2.2 SC 008”, координатор: Општина Ресен, улога: **соработник.**
- 2020 – Шести национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност на Обединети Нации (Sixth National Report to the United Nations Convention on Biological Diversity), DEKONS – EMA, улога: **развој и елаборација на национални индикатори за влажни екосистеми.**
- Септември 2019 – декември 2021: Институт за биологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, улога: **демонстратор.**
- Јуни 2020 – септември 2020: Програма за зачувување на природата во Северна Македонија, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка, Фаза II, Output 2.1 Заштитени подрачја: Проценка на три потенцијални Natura 2000 подрачја во Брегалничкиот Регион, улога: **соработник** (дневни пеперутки).
- Мај 2020 – јуни 2021: Студија за статусот и социо-економското значење на Белчишко Блато, координатор: Друштво за екологија и туризам ЕКОТУРИЗАМ-2016, Охрид, дел од проект: „Improving the management of the protected areas” финансиран од Uniited Nations Development Program (UNDP), улога: **соработник** (дневни пеперутки).
- Јуни 2022: Развој на карта на биотопи на Скопска Агломерација, Унига Стил Тања ДООЕЛ, Скопје, финансиран од Програма за развој на обединети нации (UNDP), улога: **соработник** (дневни пеперутки).
- Јуни 2019 – декември 2020: Конзервација и управување со влажните ливади во Преспанскиот Регион, Conservation Trust fond PONT, улога: **соработник** (проценка на биомаса и статус на минерали, мониторинг на дневни пеперутки).
- Декември 2021 – декември 2022. Проект: „Урбани градини како потенцијал за зголемување на зеленилото во скопската бетонска џунгла“, Македонско друштво на ботаничари, Скопје, финансиран од GEF улога: **соработник.**
- Јануари 2021 – декември 2023. Компонента: „Конзервација и управување со влажните ливади во Преспанскиот Регион“, Conservation trust fond Prespa Ohrid Nature Trust - PONT, улога**: координатор на компонента.**

- Декември 2021 – декември 2023: Воспоставување план и мониторинг-активности на тресетишта во заштитен предел Осоговски Планини и Малешевски Планини како дел од иницијални активности од плановите за управување, улога: **соработник** (влажни екосистеми).
- Февруари 2022 – декември 2023: North Macedonia: Biodiversity and Natural Habitats Mapping for TEN-T Skopje-Kosovo Border A4 Motorway, финансиран од Европска банка за реконструкција и развој (European Bank for Reconstruction and Development - EBRD, улога: **соработник** (влажни екосистеми).
- Април 2022 – мај 2022 Проект: Gap Analysis and Safeguard Documentation: Category A Project CORRIDOR VIII Railway “CONNECTA-TRA-INFR-MKD-ESIA-04 Environmental, Social and Technical Assessment for EBRD and EIB of the Corridor VIII Railway – section 3 Kriva Palanka-Border with the Republic of Bulgaria, North Macedonia”. Активности: спроведување на теренски прашалник за перцепција на екосистемските услуги на локалните чинители; анализа на капацитетот за обезбедување екосистемски услуги и размена на бенефити, улога: **помлад соработник** (екосистемски услуги).
- Октомври 2022 – ноември 2024: Improving Capacities for Natura 2000 and CITES; Sector Operational Program for Environment and Climate Action (2014 – 2020), имплементиран од конзорциум предводен од NIRAS, улога: **помлад соработник** (дневни и ноќни пеперутки).
- Септември 2024 – декември 2025: Воспоставување план и мониторинг-активности на тресетишта во Национален парк Шар Планина како дел од мониторинг-активностите од планот за управување, улога: **соработник** (влажни екосистеми).
- Јуни 2024 – ноември 2026. Проект: BioMonitor4CAP („Advanced biodiversity monitoring for results-based and effective agricultural policy and transformation”, online at: https://biomonitor4cap.eu/en/), Biodiversity and ecosystem services (HORIZON-CL6-2022-BIODIV-01), Grant agreement: No 101081964, улога: **соработник** (WP1, WP2 и WP3).
- Ноември 2024 – декември 2026. Меѓународен научен проект: „Between Laurasia and Gondwana – origin, formation and dispersal of the Balkan terrestrial fauna: model group Arthropoda“, финансиран од Bulgarian Scientific Fund, улога: **соработник** (еколошки анализи).

М-р Марија Чобанова континуирано ги надградува своите знаења, вештини и мрежа на соработници преку учество на работилници, обуки, летни школи и друг тип на настани. За истакнување е нејзиното активно учество како национален претставник во активностите на Меѓувладината платформа за биолошка разновидност и екосистемски услуги IPBES.

- Јуни – септември 2015 и мај – октомври 2016: Work and Travel in USA Students Program, United States Government Programme, **учесник.**
- октомври 2016: претседавач на сесија и **организатор** на 3. Симпозиум на Истражувачкото друштво на студенти биолози, Охрид.
- 5 ноември – 12 ноември 2016: Тренинг за “Open standards methodology and adaptive management“ Conservation Coaches of Europe network, Хрватска, **учесник.**
- 26 ноември – 5 декември 2016: Partnership Building Activity, Erasmus +, GAIA Kosovo, Косово, **учесник.**
- 2016 – 2021: **учесник** во студентски истражувачки кампови во Македонија.
- Септември 2016 и септември 2017: **учесник** во студентски истражувачки кампови организирани од Студентското друштво на биолози во Хрватска – БИУС, проект: Мура-Драва и Дуги Оток, Хрватска.
- Август 2017: **учесник** во студентски истражувачки камп „Планина Цер“, организиран од Истражувачкото друштво на студенти биолози „Јосиф Панчич“ од Нови Сад, Србија.

- Јули 2020: Прекугранична летна школа на тема “Wetland management and monitoring”, Society for Protection of Prespa (SPP) Грција, учесник.
- 2020 – 2023: Модули за јакнење на националните капацитети за концептот за екосистемски услуги кон различни чинители, Програма за зачувување на природата во Македонија, **организатор, презентер и учесник.**
- 2020: Билтен на Истражувачкото друштво на студенти биолози, Том 5, Институт за биологија, Природно-математички факултет, Архимедова 3, 1000 Скопје, коуредник.
- 12 – 14 септември 2022: Студиска посета во Шведска како дел од проектот „Supporting North Macedonia in EU accession in the Environmental field”, финансиран од Swedish International Development Cooperation Agency (SIDA) и Шведската агенција за заштита на животната средина (SwEPA), **учесник.**
- 2022: 6. Конгрес на еколози на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Северна Македонија, **член на организациски одбор.**
- 10 – 14 октомври 2022. Обука “Accounting for Ecosystem Services: theoretical basis and practical applications using the QGIS plug-in INCA tools” Хераклион, Грција, **учесник.**
- 25 – 26 октомври 2022. Национална IPBES-работилница за јакнење на капацитети, организирана и поддржана од Германското федерално министерство за животна средина, заштита на природа, нуклеарна безбедност и заштита на потрошувачи, Umwelt Bundesamt, Institute for Biodiversity Science and Business Experts Network, **учесник и презентер.**
- 27 – 29 октомври 2022: Регионална IPBES-работилница за јакнење на капацитети, организирана и поддржана од Германското федерално министерство за животна средина, заштита на природа, нуклеарна безбедност и заштита на потрошувачи, Umwelt Bundesamt, Institute for Biodiversity Science and Business Experts Network, **учесник и презентер.**
- 3 – 5 јули 2023: 7. Паневропска средба на засегнати чинители за Меѓувладината платформа за биолошка разновидност и екосистемски услуги, Кастамону, Турција, **национален претставник.**
- 6 – 10 ноември 2023: Регионална младинска работилница за IPBES за Европа и Централна Азија, остров Вилм, Германија, **национален претставник и презентер**
- 26 јуни – 2 јули 2024: Летна школа „Wetland summer school“, организирана од Wetlands Conservation Centre, Полска, финансирана од The Climate Fund of the Federal Ministry of Foreign Affairs of the Federal Republic of Germany, **учесник**
- 10 – 13 март 2025: 8. Паневропска средба на засегнати чинители за IPBES, Брисел, Белгија, **национален претставник.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија е едногласна на мислењето дека м-р Марија Чобанова во својата досегашна работа покажала исклучителни резултати, како во полето на наставно-образовната, така и во полето на научноистражувачката дејност. Во изминатиот период, м-р Марија Чобанова совесно ги извршувала поставените задачи и постојано стручно и научно се усовршувала.

За одбележување е и нејзиното ангажирање во подготовката и спроведувањето на практичната и теренската настава по предметите на Одделението за екологија на растенија со заштита на животната средина со воведување нов и модерен пристап. Посебно треба да се истакне нејзиниот ангажман во раководење на четири научноистражувачки проекти кои се во врска со нејзината главна научна преокупација – екологија на влажни екосистеми. До денес, м-р Марија Чобанова учествувала во реализација на поголем број меѓународни и домашни проекти од областа на заштита на природата и биолошката разновидност, а резултатите од научноистражувачката работа ги презентирала во 12 соопштенија на научни собири од меѓународен карактер, како и ги објавила во 10 оригинални научни трудови.

Поради тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Марија Чобанова да биде повторно избрана за асистент по група предмети од наставно-научната област екологија и животна средина на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Славчо Христовски,**
**редовен професор, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Рената Ќуштеревска,**
**редовен професор, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Даниела Јовановска,**
**доцент, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.**

Скопје, 2.9.2025 година

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Марија Љупчо Тренчева
**Институција:** Природно-математички факултет, Институт за биологија
**Научна област:** ***ЕКОЛОГИЈА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **ДА** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: **екологија.** | **ДА** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,69.**<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00.** | **ДА** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: **англиски**<br>2. Назив на документот: **First Certificate in English Council of Europe Level B2**<br>3. Издавач на документот: **University of Cambridge ESOL Ecaminations (Cambridge Assessment English)**<br>4. Датум на издавање на документот: **3.2.2012.** | **ДА** |

**Членови на Комисијата**

**Д-р Славчо Христовски, претседател,**
**редовен професор, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Рената Ќуштеревска,**
**вонреден професор, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Даниела Јовановска,**
**доцент, Институт за биологија, ПМФ – Скопје, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАММЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА“ ОД М-Р ЛЕОН СТОЈАНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ НАУЧНА ОБЛАСТ: ЕЛЕКТРОХЕМИЈА

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.5.2025 година, со Одлука бр. 02-638/11, избра Рецензентска комисија за оцена на изработената докторска дисертација на кандидатот м-р Леон Стојанов со наслов: НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАММЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА, во состав: проф. д-р Слоботка Алексовска (претседател), проф. д-р Рубин Гулабоски (член), проф. д-р Љупчо Пејов (член), проф. д-р Владимир Ивановски (член) и проф. д-р Валентин Мирчески (ментор). Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Леон Стојанов, со наслов: НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАММЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА, содржи вкупно 208 страници А4-формат, компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, напишани со единечен проред и со големина на текстот од 12 точки. Трудот содржи 109 слики, 178 математички и хемиски равенки и 3 табели. Во дисертацијата се цитирани 185 библиографски единици, од кои 21 книга, а останатите се референци на научни трудови.

Материјалот во докторската дисертација е структуриран во следните глави: Вовед, каде што влегуваат поглавјата Вовед во електрохемијата, Електрохемиски техники и Алтернативни пулсни волтамметриски техники; Теоретски дел, со поглавја: Основни својства кај новите техники, Пресметување на капацитетната струја, Електродни механизми и Електричен отпор во волтамметрија; Експериментален дел, со поглавја: Користени хемикалии и електроди, Подготовка на експериментите, Инструменти и софтвери; Резултати и дискусија, каде што влегуваат поглавјата Начин на мерење на струјата кај инструментите и софтверите, DSSWV, DSWV, EFS, MAEFS, MFEFS; Заклучок и Користена литература. Структурата на материјалот овозможува јасно и прегледно следење на дисертацијата.

Во главата **ВОВЕД**, во поглавјето **Вовед во електрохемијата**, накратко се спомнати првите историски сознанија и истражувања кои довеле до развој на електрохемијата. Во продолжение, детално се објаснети основните физички величини и нивната математичка поврзаност, како и другите поими и феномени кои се важни за разбирање на електрохемијата. Електрохемиските реакции, како главен двигател на електрохемиските ќелии, се објаснети и поврзани со хемиската рамнотежа и со основните поими од термохемијата. Електричните потенцијали на електрохемиските реакции се поврзани со хемиските потенцијали, од каде што се изведени формулите за Нернстовата равенка и равенката на Батлер и Фолмер која е поврзана со кинетиката на електродните

реакции. Двете равенки се едни од најважните во електрохемијата и се користат во целата докторска дисертација.

Во поглавјето **Електрохемиски техники**, претставена е основната поделба на електрохемиските техники, со значителен осврт на волтамметријата како најмоќна техника и соодветниот експеримент во волтамметријата со сите негови компоненти. Изведена е и Котреловата равенка, која ја дава основната зависност на Фарадеевата струја од времето при константен потенцијал за електрохемиски реверзибилна реакција на планарна електрода, а претставува основа понатаму и за пресметувањето на струјата во волтамметрија. Кандидатот ја потенцира улогата на капацитетната струја во електрохемиските експерименти како главен проблем во електроаналитиката што ги лимитира електрохемиските техники при квантитативното определување на електроактивните супстанции. Оттука, јасна е предноста на пулсните волтамметриски техники преку кои значително се намалува уделот на капацитетната струја. Од познатите пулсни волтамметриски техники, квадратно-брановата волтамметрија (SWV) се потенцира како супериорна и таа е подетално објаснета.

Покрај многуте предности на квадратно-брановата волтамметрија, очигледно е дека и оваа техника, во одредени експериментални системи или потреби на аналитичарот, има недостатоци. Всушност, ова е главниот мотив на оваа докторската дисертација, во која се предлагаат и анализираат нови пулсни волтамметриски техники кои се очекува да надминат некои од недостатоците на SWV.

Во поглавјето **Алтернативни пулсни волтамметриски техники**, потенцирани се литературни податоци за претходни обиди за подобрување на пулсните волтамметриски техники, од кои дел се во насока на создавање целосно нови техники, а дел се во насока на адаптација на веќе постојните техники. И покрај сите сознанија во литературата, очигледно е дека широката примена на волтамметријата доведува до зголемување на сознанијата за разновидноста на можните реакциски механизми на електроактивните супстанции, па затоа е пожелен континуиран методолошки развој на нови волтамметриски техники кои ќе бидат супериорни при изучувањето на електродните реакциски механизми и нивната кинетика, како и во смисла на нивната аналитичка применливост. Важно е да се спомне дека кај сите волтамметриски техники се врши динамичка контрола на надворешно применетиот електричен потенција на работната електрода, што резултира со проток на електрична струја, која е извор на сите информации за електродната реакција. Оттука, од исклучителна важност е начинот на кој се менува потенцијалот во текот на времето и начинот на кој се мери струјата како резултат на одвивање на електродната реакција. Тоа значи дека модификацијата на постојните техники или, пак, развој на целосно нови пулсни волтамметриски техники има важен придонес за волтамметријата воопшто како најважна експериментална алатка во електрохемијата.

Во главата **ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**, во поглавјето **Основни својства на новите техники**, кандидатот ги објаснува петте нови пулсни техники предложени во докторската дисертација: квадратно-бранова волтамметрија со двојно мерење на струјата (анг. назив double sampled square-wave voltammetry, DSSWV); диференцијална квадратно-бранова волтамметрија (анг. назив differential square-wave voltammetry, DSWV); електрохемиска Фарадеева спектроскопија (анг. назив electrochemical Faradaic spectroscopy, EFS); електрохемиска Фарадеева спектроскопија со симултано менување на амплитудата (анг. назив multi-amplitude electrochemical Faradaic spectroscopy,

MAEFS) и електрохемиска Фарадеева спектроскопија со симултано менување на фреквенцијата (анг. назив multi-frequency electrochemical Faradaic spectroscopy MFEFS). Кај сите техники е објаснет начинот на менување на потенцијалот во текот на времето, заедно со специфичните параметри на техниката и соодветните струјни компоненти. Во истата глава, во делот **Пресметување на капацитетната струја**, изведени се математички изрази за пресметување на капацитетната струја во квадратно-брановата волтамметрија, од перспектива на физиката на реален кондензатор. Овој концепт е применет кај сите останати техники за проценка на уделот на капацитетната струја во текот на експерименталната примена.

Во делот **Електродни механизми**, кандидатот дава целосна математичко нумеричко пресметување за теоретската бездимензионалната струја за едноставна квазиреверзибилна електродна реакција без атсорпција (Е механизам). Другите 6 изучувани електродни механизми се: електродна реакција со претходен хемиска хомогена реакција (CE), електродна реакција со последователен хемиска хомогена реакција (EC), каталитичи регенеративен механизам (EC’), двостепена електродна реакција (EE), сложен електроден двостепен електроден механизам со регенеративна и последователна хемиска реакција (EC’EC) и едноставна површинска електродна реакција без пренос на маса (E(ads)).

Во поглавјето **Електричен отпор во волтамметрија**, накратко е објаснето генералното влијание на отпорот при нанесувањето на потенцијалот. Кај пулсните техники, особено квадратно-брановата волтамметрија, отпорот најчесто станува значителен само на високи фреквенции, кои и онака малку се користат во оваа докторска работа, па затоа тој не е земен предвид при пресметката на Фарадеевата струја. Сепак, важно е да се спомне дека пресметката на капацитетната струја, сепак, го вклучува и електричниот отпор.

Во главата **ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ**, во делот **Користени хемикалии и електроди**, кандидатот ги наведува сите хемикалии кои се користени во експериментите, наведувајќи ја нивната чистота, производител и сл. Дадени се и карактеристиките на користените електроди, вклучително и површината на работните електроди. За сите експерименти накратко е опишана нивната подготовка, чистењето на електродите, експерименталните услови, како и начинот на акумулација на електроактивната компонента при експериментите со азобензен. Во делот **Инструменти и софтвери**, дадени се информации за инструментите за дестилирана вода и користените потенциостати, заедно со софтверите кои ги контролираат. Дополнително, дадени се информации и за компјутерската програма која се користи во теоретските симулации, како и за апроксимативната вредност и вредноста на толеранцијата за конвергенција на нумеричките решенија во текот на симулациите.

Главата **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА** е најобемниот дел од дисертацијата. Во поглавјето **Начин на мерење на струјата кај инструментите и софтверите**, кандидатот го објаснува принципот на мерење на струјата кај познатите и кај новите пулсни техники. Во останатите поглавја, именувани според петте нови техники, систематски се обработуваат волтамметриските особини на сите реакциски електродни механизми во услови на секоја поодделна техника, вклучувајќи ја и анализата на капацитетната струја. Теоретските волтаммограми се испитувани при менување на инструменталните параметри, како и при менување на специфичните кинетички параметри на секоја реакција, како што се константите на брзина на пренос на електрони, константите на брзина на хемиските реакции,

дифузиските коефициенти на пренос на масата итн. Добиените резултати се компаративно анализирани во однос на квадратно-бранова волтамметрија, како и со други познати волтамметриски техники, со цел критички да се оцени за кои електродни механизми и при кои услови новите пулсни техники имаат предности.

Кандидатот покажува дека кај Е-механизмот во услови на квадратно-бранова волтамметрија со двојно мерење на струјата (DSSWV), а често и кај другите механизми, струите на директната и повратната компонента на крајот од волтамметрскиот одговор (које е во форма на врв (пик), од анг. *peak*), секогаш се спуштаат до базната линија. Со тоа, многу подобро се формира пикот, што е многу значајно при мерењето на пик-струјата, особено при одредувањето на вредноста за стандардната константа на брзина на пренос на електрони кај спори електродни реакции. Од експериментите изведени со $K_4[Fe(CN)_6]$, кои се во согласност со теоретските предвидувања, потврдено е дека измерената струја во DSSWV е значително помала во споредба со конвенционалната SWV, што има предност при изучување на механизмите и кинетиката, но има и потенцијални недостатоци.

Преку теоретските симулации е утврдено дека во услови на диференцијална квадратно-бранова волтамметрија (DSWV), морфологијата на диференцијалните волтамметриски компоненти е исклучително поволна и овозможува прецизно мерење на нивната положба и интензитет. За разлика од DSSWV, измерените струи по апсолутна вредност не се мали во услови на DSWV, што укажува на нејзина важна примена за електроаналитички цели. Деталната теоретска анализа укажува дека оваа техника е супериорна и при определување на електродната кинетика во споредба со конвенционалната SWV. Дополнителна предност кај DSWV е постоењето на сумарна компонента, која истовремено рефлектира три струјни компоненти, и таа е многу осетлива на кинетичките параметри на електродната реакција. Оваа техника експериментално е применета за анализа на сложениот електроден механизам на електрохемиска оксидација на аскорбинска киселина.

Во поглавјето за електрохемиска Фарадеева спектроскопија (EFS), која може да се третира и како хроноамперометриска техника, кандидатот јасно докажува дека капацитетната струја е помала во споредба со другите волтамметриски техники. Начинот на менување на потенцијалот кај оваа техника овозможува поголема репродуцибилност, а со тоа се очекува и подобра граница на детекција при аналитичките мерења во споредба со SWV. Оваа техника експериментално е илустрирана со анализа на глукоза, со примена на комерцијален сензор. Резултатите имплицираат дека во услови на помал шум и користење на софистицирана инструментација, границата на детекција кај EFS ќе биде драстично подобра во споредба со другите техники, што дава можност за генерално подобрување на сензорите за анализа на глукоза, но и на сите други сензори кои работат на принцип на EC’ механизам. Кандидатот, сепак, потенцира дека недостаток кај EFS е потребата од претходно познавање на формалниот редокс потенцијал на испитуваната електродна реакција, што е генерален недостаток кај сите техники каде што нема вкупна промена на потенцијалот.

Останатите две техники, електрохемиска Фарадеева спектроскопија со симултано менување на амплитудата (MAEFS) и електрохемиска Фарадеева спектроскопија со симултано менување на фреквенцијата (MFEFS), се напредни варијанти на основната техника EFS. Кај MAEFS, секој потенцијален циклус има своја карактеристична амплитуда на потенцијалните пулсеви, со што се

овозможува одредување на кинетиката на електродната реакција преку еден експеримент, што е огромна предност во однос на конвенционалната SWV. Всушност, MAEFS е хибридна и моќна хроноамперометриско-волтамметриска техника; но, таа има и свој недостаток зашто очигледно се зголемува нивото на комплексност како на самата техника така и на добиените резултати. На пример, постојаното зголемување на амплитудата кај MAEFS има големи предности при изучување на EC' механизмот каде што дури и кај иреверзибилните реакции, морфологијата на волтаммограмите се менува со менување на брзината на хемиската реакција, што не е случај кај другите техники. Експериментално, MAEFS е илустрирана преку електрохемијата на азобензен на електрода од жива, како моделна реакција за претставување на E(ads) механизмот. Добиените вредности за стандардната константа на брзина на пренос на електрони се совпаѓаат со оние во литературата, што укажува на фактот дека оваа техника е целосно применлива во експерименталните системи.

Слично како MAEFS, и кај MFEFS, главна предност во однос на SWV е можноста да се измери електродната кинетика со изведување на еден експеримент. Во оваа техника, фреквенцијата (времетраењето на секој потенцијален циклус) постепено се зголемува во текот на хроноамперометрискиот експеримент. Теоретски, фреквенцијата може да се менува до која било вредност, но зголемувањето на фреквенцијата го зголемува влијанието и на електричниот отпорот, со што кандидатот препорачува употреба на фреквенции помали од 250 Hz.

Во главата **ЗАКЛУЧОЦИ**, сумирани се најважните сознанија. Притоа, критички се нагласени сите предности, но и недостатоци за секоја од предложените техниките, имајќи предвид определен реакциски електроден механизам. Врз основа на добиените резултати, очигледно е дека начинот на менувањето на потенцијалот има важна улога во општите перформанси на определена волтамметриска техника.

Овие резултати претставуваат добра основа за дополнителна техничка надградба на електрохемиска инструментација со внесување на овие техники како готови процедури во софтверската поддршка на инструментите. На крајот од оваа глава, посочено е дека скоро и да не постои совршено менување на потенцијалот, т.е. во зависност од реакцискиот механизам и експерименталните услови, како и потребите на аналитичарот, различните потенцијални варијации ќе имаат одредени предности и недостатоци, што укажува на потребата од понатамошни истражувања во оваа област и создавање на нови варијанти на пулсни волтамметриски техники. Сето ова укажува на важноста и оригиналноста на овој труд.

Во главата **КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**, кандидатот цитира 185 библиографски единици, што соодветствуваат на материјалот обработен во дисертацијата.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Леон Стојанов, со наслов: НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАММЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА, е оригинален научен труд од полето на хемијата (област: електрохемија). Поставените цели во дисертацијата се реализирани во целост, а сите добиени резултати се адекватно обработени и интерпретирани на научен јазик што одговара на обработената проблематика. Како потврда за оригиналноста, иновативноста и квалитетот на научните резултати, служат објавените научни трудови во списанија со фактор на влијание.

Имајќи ги предвид овие факти, докторската дисертација на кандидатот м-р Леон Стојанов, со наслов: НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАММЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА, целосно ги исполнува условите и стандардите за квалитет на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следните оригинални научноистражувачки трудови во меѓународни списанија со фактор на влијание:

**[1]** Mirčeski, V., Peacock, M. and **Stojanov, L.**, 2024. Potential enhancements in commercial glucose biosensors utilizing electrochemical faradaic spectroscopy: Analyzing the sum component in the EC’mechanism. *Electroanalysis, 36(8)*, p. e202300329.

**[2] Stojanov, L.** and Mirčeski, V., 2023. A theoretical and experimental square-wave voltammetric study of ascorbic acid in light of multi-step electron transfer mechanism. *Journal of the Electrochemical Society*, *170*(6), p. 065504.

**[3]** Guziejewski, D., **Stojanov, L.**, Zwierzak, Z., Compton, R.G. and Mirceski, V., 2022. Electrode kinetics from a single experiment: multi-amplitude analysis in square-wave chronoamperometry. *Physical Chemistry Chemical Physics*, *24*(39), pp. 24419-24428.

**[4]** Guziejewski, D., **Stojanov, L.**, Gulaboski, R. and Mirceski, V., 2022. Reversible and quasireversible electron transfer under conditions of differential square-wave voltammetry. *The Journal of Physical Chemistry C*, *126*(12), pp. 5584-5591.

**[5] Stojanov, L.**, Guziejewski, D., Puiu, M., Bala, C. and Mirceski, V., 2021. Multi-frequency analysis in a single square-wave chronoamperometric experiment. *Electrochemistry Communications*, *124*, p. 106943.

**[6] Stojanov, L.**, Jovanovski, V. and Mirceski, V., 2021. Square-wave Voltammetry and Electrochemical Faradaic Spectroscopy of a Reversible Electrode Reaction: Determination of the Concentration Fraction of the Redox Couple. *Electroanalysis*, *33*(5), pp. 1271-1276.

**[7]** Mirceski, V., **Stojanov, L.** and Gulaboski, R., 2020. Double-sampled differential square-wave voltammetry. *Journal of Electroanalytical Chemistry*, *872*, p. 114384.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на презентираните и дискутираните резултати во докторската дисертација на кандидатот м-р Леон Стојанов, со наслов: НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАММЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА, Рецензентската комисија е согласна дека се работи за оригинален научен труд од полето на хемијата (област: електрохемија). Резултатите презентирани и дискутирани во докторската дисертација се од големо генерално значење за електрохемијата, посебно во делот од електрохемијата поврзан со пулсните волтаммериски техники и нивната примена.

Сите поставени цели во докторската дисертација се успешно реализирани, а проблемите со кои се среќавал кандидатот во текот на изработката на докторската дисертација ги решил следејќи ги основните принципи на методологијата на научноистражувачката работа. Главните заклучоци на докторската дисертација се во корелација со добиените резултати и тие претставуваат значајна придобивка во областа на електрохемијата. Покрај тоа, резултатите на оваа студија имаат висок потенцијал на применливост, и создаваат теоретска основа за имплементација на новите пулсни волтамметриски техники во комерцијалните сензори како готови мерни процедури.

Дел од резултатите од докторската дисертација се сумирани во седум труда, објавени во меѓународни списанија со фактор на влијание, со што се исполнети предусловите за одбрана на докторската дисертација.

Со оглед на сите факти наведени во овој извештај, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да овозможи јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАММЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА, изработена од кандидатот м-р Леон Стојанов.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје (претседател), с.р.**

**Проф. д-р Рубин Гулабоски, редовен професор на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (член), с.р.**

**Проф. д-р Љупчо Пејов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје (член), с.р.**

**Проф. д-р Владимир Ивановски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје (член), с.р.**

**Проф. д-р Валентин Мирчески, дописен член на Македонската академија на науките и уметностите и редовен професор на Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје (ментор), с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА, РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА И ЕНДОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha” од 18.6.2025 година, за избор на 1 (едно) лице во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1983/1 од 4.7.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Соња Апостолска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје (претседател), проф. д-р Илијана Муратовска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и проф д-р Василка Ренџова, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 1 (едно) лице во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Марина Ефтимоска е родена на 4.9.1973 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во 1991 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет при УКИМ, во 1997 година. Дипломирала во 1997 година, со просечен успех 8,31.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во 2003 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Студиите ги завршила во 2007 година, со просечен успех 9,71. На 30.6.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Компаративни согледувања и анализи меѓу конвенционалниот и хемомеханичкиот метод на елиминација на кариес“.

Докторска дисертација пријавила на 21.6.2012 година, на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Дисертацијата на тема: „Влијание на различни материјали за пулпино прекривање врз хистопатолошкиот одговор на пулпата“ ја одбранила на 10.12.2014 година, пред Комисија во состав: доц. д-р Илијана Аџисанкова Муратовска, проф. д-р Лидија Поповска, проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, проф. д-р Лилјана Спасовска и проф. д-р Соња Апостолска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошки науки.

Во 2005 година го положила специјалистичкиот испит и се здобила со звањето специјалист по болести на забите и ендодонтот.

Во 2006 година е избрана во звањето помлад асистент, а во 2010 година е реизбрана во истото звање на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ, во областа болести на забите и ендодонтот.

За научен соработник е избрана во 2015 година.

На 21.12.2018 година, на 13. редовна седница на Наставно-научниот совет, кандидатката е избрана во наставно-научно звање – доцент во областа дентална патологија.

На 11.2.2021 година, на 35. редовна седница на Наставно-научниот совет, избрана е во наставно-научно звање – вонреден професор.

Во моментот е вонреден професор во областа дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција, а последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1230 од 2021 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1045, бр. 1070, бр. 1091, бр. 1110, бр. 1162, бр. 1186, бр. 1230, бр. 1293 и бр. 1294, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолшки факултет, кандидатката е вклучена во наставно-образовниот процес на Катедрата за болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје, каде што активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметите: Клиничка кариологија, Ергономија за ДДМ и СЗТ, Клиничка ендодонција и Клиничка пракса, како и консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика од 2003 година, па сѐ до денес.

Од 2018 година, активно учествува и во спроведувањето на теоретската настава за доктори по дентална медицина, стручни стоматолошки сестри ОХ и стручни забни техничари.

Исто така, учествува и во изведувањето на теоретската настава од втор и трет циклус студии, како и во теоретската настава за специјализанти.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 2 дипломски, 4 специјалистички и 3 магистерски труда и на 4 докторски дисертации.

Кандидатката е автор на монографија со наслов: „Длабоки кариозни лезии – етиологија, дијагноза и терапевтски можности“, Скопје, 2023.

Д-р Марина Ефтимоска е акредитиран ментор на Школата за докторски студии на студиската програма за трет циклус студии по стоматологија и втор циклус студии.

Како ментор на студентски теми, активно е вклучена на конгресите на студентите по стоматологија со меѓународно учество. Ментор е и на голем број стажанти кои го реализираат задолжителниот стаж и специјализанти кои реализираат турнуси според програмата за специјализација.

Во моментов, ментор е на еден специјализант и ментор е на кандидат за докторски студии.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Марина Ефтимоска има објавено вкупно 105 научни трудови. За тековниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, приложува вкупно 11 научни трудови од стоматолошката област, од кои 1 научен труд во научно списание со фактор на влијание, 6 труда во меѓународни научни списанија, 5 труда во зборници од научни собири и има одржано 7 пленарни предавања како поканет предавач на домашни и меѓународни собири.

Од последниот избор, носител е на национален научноистражувачки проект со наслов: „Примена на ласери за дезинфекција на коренски канали во тек на ендодонтската терапија” (**Одлука бр. 02-2400/1** од 15.9.2023 година) и учесник во научноистражувачки проект со наслов: „Влијанието на современите методи и техники врз успехот на ендодонтската терапија”, одобрен од Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**Одлука бр. 02-371/1 од 11.2.2021 година).**

<u>Активно учество има земено како автор или коавтор со усни и постерски презентации на голем број конгреси во земјава и во странство, за кои има добиено голем број сертификати (2020 – 2025):</u>

- Симпозиум на Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтотот: „Конзервативна стоматологија – во кој правец се движи“, март 2021 – **активно учество;**
- Симпозиум на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје: „Развојот на стоматолошката мисла низ годините“, јануари 2022 – **активно учество;**
- 9. Конгрес на МСД со меѓународно учество: „Стоматологијата пред предизвиците на новото време: можности и ограничувања“, септември 2022 – **поканет предавач, активно учество;**
- Први међународни симпозијум: Удружење здравствених радника “Косовка девојка“ - “Изазови савремене стоматолошке праксе“, Нови Пазар, ноември 2022 – **поканет предавач, активно учество;**
- Работилница и предавање: “Reciprocal or rotary root canal treatment - which one should we choose?“, во организација на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, август 2024;
- Меѓународен конгрес: Dental Naissa ,,Употреба биоматеријала у стоматолошкој пракси“, април 2024, **поканет предавач, активно учество;**
- Симпозиум на Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтотот: „Современи пристапи во ендодонтска терапија“, октомври 2024 – **активно учество;**
- Симпозиум организиран од СЗО: „Промоција на здравјето и добросостојбата преку наставните програми и методи во Северна Македонија, октомври 2024, **поканет предавач, активно учество.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Марина Ефтимоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за болести на забите и ендодонтот при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон”.

Кандидатката д-р Марина Ефтимоска била член на работното претседателство на Меѓународниот конгрес на студентите по стоматологија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во организациониот одбор и во работата на Македонското стоматолошко друштво. Исто така, кандидатката е активно вклучена во организирање на симпозиуми и работилници акредитирани од Комората на РС Македонија, во рамки на континуираната едукација на стоматолозите од РС Македонија. Била член на организационен одбор и во работно претседателство на усна и постерска сесија на 9. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, како и член на научниот одбор на 10. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.

Кандидатката е член на Наставен и Кадровски одбор, како и на Наставно-научниот колегиум на УКИМ, Стоматолошки факултет – Скопје, од 2022 год.

Дел е од Работна група за координирање на наставата од прв циклус студии на студиската програма ДДМ.

Д-р Марина е член на Конкурсна комисија за запишување на студенти на студиските програми од прв циклус студии во академската 2022/2023 година, како и член на Конкурсна комисија за започнување на постапка за доделување средства за научноистражувачки проекти на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Координатор е на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози.

Била претседател на Работна група за реакредитација на студиската програма од прв циклус стручни студии за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози.

Исто така, учествувала во Комисија за полагање на стручен испит за стекнување на лиценца за работа – Стоматолошка комора на Македонија.

Д-р Марина Ефтимоска била член на 4 комисии за избор на демонстратор за потребите на практичната настава на Катедрата.

Кандидатката д-р Марина Ефтимоска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и анализирајќи ја севкупната досегашна активност на кандидатката д-р Марина Ефтимоска, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марина Ефтимоска,.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, големиот број публикувани трудови и учества на меѓународни конгреси и симпозиуми, Комисијата заклучи дека д-р Марина Ефтимоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Марина Ефтимоска да биде избрана во звањето редовен професор во научната област дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Апостолска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Илијана Муратовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Василка Ренџова, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Марина Воислав Ефтимоска

**Институција:**

Стоматолошки факултет – Скопје

**Научна област:**

*дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| **Ред. број** | | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,31.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,71. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција;<br>поле: дентална медицина;<br>подрачје: медицински и здравствени науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| **3.1** | **Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| **1.** | 1. Назив на научното списание: . Serbian Dental Journal, vol. 69, No 2, 2022:57-62<br>2. Назив на електронската база на списанија SCIndeks, Medline, Google Scholar, Crossref, Europeana, DOAJ<br>3. Наслов на трудот: Comparative study of caries removal using BRIX 3000 and classic mechanical method<br>4. Година на објава: 2022 | да |
| **2** | 1. Назив на научното списание: IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) e-ISSN: 2279-0853, p-ISSN: 2279-0861.Volume 24, Issue 4 Ser. 2 (April. 2025), PP 64-71<br>2. Назив на електронската база на списанијаGoogle Scholar, Index Copernicus International, Research Gate, Semantic scholar, Pub Med, Crossref<br>3. Наслов на трудот: Influence Of MTA And Biodentin On Pulp Tissue As Direct Covering Agents – A Histopathological Analysis<br>4. Година на објава: 2025 | да |
| **3** | 1. Назив на научното списание: Acta Stomatologica Naissi vol 40, No 90, 2024:2901-2912 | да |

| Ред. број | | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија : UGC CARE, Scopus, DOAJ, SCIndeks, , EBSCO.<br>3. Наслов на трудот: Efficacy Of Ozonised Water And 0,2% Chlorhexidine Gluconate In The Management Of Chronic Periodontitis<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 4 | 1. Назив на научното списание: Archives Of Public Health **Vol. 17 No. 1 2025**<br>2. Назив на електронската база на списанија: Bielefeld Academic Search Engine (BASE), COnnecting REpositories (CORE), Crossref, Directory of Open Access scholarly Resources (ROAD), Fatcat, Google Scholar, Index Copernicus International, OpenAIRE\|Explore, OpenAlex, Open Ukrainian Citation Index (OUCI), ResearchGate, SciLit, Semantic Scholar, Virtual Library of Macedonia (COBISS.MK)<br>3. Наслов на трудот: ANALYSIS OF PERIAPICAL PROCESSES AND BONE LOSS WITH 2D AND 3D RADIOLOGICAL DIAGNOSTICS<br>4. Година на објава: 2025 | да |
| 3.2 | **Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| 1. | 1. Назив на научното списание: Macedonian Dental Review. ISSN 2545-4757, 2021; 44(1): 25-31.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):33 членови од : РС Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Турција, САД, В Британија, Словенија, Норвешка<br>3. Наслов на трудот: The connection between oral health and salivary levels of total proteins, calcium and phophates.<br>4. Година на објава:2021 | да |
| 2. | 1. Назив на научното списание: Македонски стоматолошки преглед. ISSN 25454757, 2024; 47 (3-4): 99-103<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):33 членови од : РС Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Турција, САД, В Британија, Словенија, Норвешка<br>3. Наслов на трудот Removal of a fractured instrument from the root canal using an operative microscope – case report.<br>4. Година на објава: 2024 | да |
| 3.5 | **Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | да |
| 1. | 1. Назив на зборникот: Стоматологијата пред предизвиците на новото време: можности и ограничувања | да |

| Ред. број | | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: Конгрес на Македонско стоматолошко друштво со меѓународно учество<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, САД, Хрватска, Бугарија<br>4. Наслов на трудот: Регенеративна стоматологија – нови предизвици и сознанија<br>5. Година на објава: 2022 | |
| **2.** | 1. Назив на зборникот: Стоматологијата пред предизвиците на новото време: можности и ограничувања<br>2. Назив на меѓународниот собир: Конгрес на Македонско стоматолошко друштво со меѓународно учество<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, САД, Хрватска, Бугарија<br>4. Наслов на трудот: Испитување на микропротокот кај заби оптурирани со две различни техники на оптурација: in vitro<br>5. Година на објава: 2022 | да |
| **3.** | 1. Назив на зборникот: Стоматологијата пред предизвиците на новото време: можности и ограничувања<br>2. Назив на меѓународниот собир: Конгрес на Македонско стоматолошко друштво со меѓународно учество<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, САД, Хрватска, Бугарија<br>4. Наслов на трудот: Компаративна студија за употреба на BRIX3000 (гел за атрауматско одстранување на кариес) наспроти класичната механичка метода<br>5. Година на објава: 2022 | да |
| **4.** | 1. Назив на зборникот: Изазови савремене стоматолошке праксе – зборник стручних радова<br>2. Назив на меѓународниот собир: Први међународни симпозијум – Удружење здравствених радника „Косовка девојка“<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, Црна Гора<br>4. Наслов на трудот: Регенеративна терапија – нова ера у стоматологији<br>5. Година на објава: 2023 | да |
| **5.** | 1. Назив на зборникот: Dental Naissa 25 – књига сажетака<br>2. Назив на меѓународниот собир: Dental Naissa 25 - Međunarodni kongres stomatologa<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, Црна Гора, Република Српска -БИХ<br>4. Наслов на трудот: Употреба биоматеријала у стоматолошкој пракси<br>5. Година на објава: 2023 | да |
| **4** | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Длабоки кариозни лезии – етиологија, дијагноза и терапевтски можности“<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2023 | да |

| **Ред. број** | | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **5** | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1230 од 15.1.2021 год. | |
| **6** | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Марина Воислав Ефтимоска**
**Институција:** **Стоматолошки факултет – Скопје**
**Научна област:** дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии практична настава** | |
| | **2020/2021**- 9 сем. – 2 гр х 60, | 1.8 |
| | **2020/2021** 10 сем. 2 гр х30 | 0.9 |
| | **2021/2022**- 7 сем. 2 гр х 45, | 1.35 |
| | **2021/2022-**9 сем. – 2 гр х 60, | 1.8 |
| | **2021/2022-**10 сем. – 2 гр х 30, | 0.9 |
| | **2022/2023** - 7 сем. 2гр х 45, | 1.35 |
| | **2022/2023** - 9 сем. 2 гр х 60, | 1.8 |
| | **2022/2023** - 10 сем. 2 гр х 30, | 0.9 |
| | **2022/2023** - 3 сем. ергон,- 2 гр х 15, | 0.45 |
| | **2023/2024** - 7 сем. 2гр х 45, | 1.35 |
| | **2023/2024 -** 9 сем. 2 гр х 60, | 1.8 |
| | **2023/2024** - 10 сем. 2 гр х 30, | 0.9 |
| | **2023/2024** - 3 сем. ергон,- 2 гр х 15, | 0.45 |
| | **2024/2025** - 7 сем. 2гр х 45, | 1.35 |
| | **2024/2025 -** 9 сем. 2 гр х 60 | 1.8 |
| | **2024/2025** - 10 сем. 2 гр х 30 | 0.9 |
| | **Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика**[3] | |
| | **2021/2022 -** 11 сем. 8 студенти х 60, ( 15н х4ч неделно) х0.03 | **14.4** |
| | **2021/2022 -** 12 сем. 8 студенти х 60 | **14.4** |
| | **2022/2023** – 11 сем. 8 студенти х 60 | **14.4** |
| | **2022/2023** - 12 сем. – 8 студенти х 60 | **14.4** |
| | **2023/2024** - 11 сем. – 8 студенти х 60 | **14.4** |
| | **2023/2024** - 12 сем. – 8 студенти х 60 | **14.4** |
| | **2024/2025** - 11 сем. – 8 студенти х 60 | **14.4** |
| | **2024/2025** - 12 сем. – 8 студенти х 60 | **14.4** |
| | **Одржување на настава од прв циклус студии – предавања** **студиска програма: доктори по стоматологија/дентална медицина** | |
| | 2020/2021 – Ергономија ДДМ- 15+15, | 1.05 |
| | 2020/2021 – Стоматолошка фармакологија – 15 | 0.6 |
| | 2021/2022 – Ергономија ДДМ- 15+15, | 1.05 |
| | 2021/2022 – Стоматолошка фармакологија – 15 | 0.6 |
| | 2022/2023 – Ергономија ДДМ- 15+15, | 1.05 |
| | 2022/2023 – Стоматолошка фармакологија – 15 | 0.6 |
| | 2023/2024 – Ергономија ДДМ- 15+15, | 1.05 |
| | 2023/2024 – Стоматолошка фармакологија – 15 | 0.6 |
| | 2024/2025 – Ергономија ДДМ- 15+15, | 1.05 |
| | 2024/2025 – Стоматолошка фармакологија – 15 | 0.6 |
| | **студиска програма: стручни забни техничари** | |
| | 2020/2021 – Ергономија СЗТ - 15 | 0.6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2020/2021 – Реконструктивни дентални процедури СЗТ – 30. | 1.2 |
| | 2021/2022 – Ергономија СЗТ - 15, | 0.6 |
| | 2021/2022 – Реконструктивни дентални процедури СЗТ – 30. | 1.2 |
| | 2022/2023 – Ергономија СЗТ - 15, | 0.6 |
| | 2022/2023 – Реконструктивни дентални процедури СЗТ – 30. | 1.2 |
| | 2023/2024 – Ергономија СЗТ 15 | 0.6 |
| | 2023/2024 – Реконструктивни дентални процедури СЗТ – 30. | 1.2 |
| | 2024/2025 – Ергономија СЗТ – 15. | 0.6 |
| | 2024/2025 – Реконструктивни дентални процедури СЗТ – 30. | 1.2 |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | 2020/2021, 2021/2022, 2002/2023, 2023/24, 2024/25 Биоматеријали во стоматологијата “ x5 ( 5годx5x0.05) | 1,25 |
| | ,2020/21, Современи реставративни процедури 3 x 15 (3 год x15 ч x0.05) | 2.25 |
| | 21/22, Клинички аспекти на естетски и функционални реставрации и постапки x 15 | 0.75 |
| | 22/23 Конзервативна терапија на апикални пародонтити 3 x 15 | 2.25 |
| | 2023/24 Оптурација на коренските канали x 15 | 0.75 |
| | 2024/25 Современи концепти на препарациа на коренските канали на забите x 15 | 0.75 |
| | 2025 Материјали и медикаменти во ендодонцијата x 15 | 0.75 |
| | **Одржување на настава од трет циклус студии** | |
| | 2020/21, 2021/22, ИСПИТУВАЊЕ НА БИОЛОШКИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ СВОЈСТВА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ЗА ПОЛНЕЊЕ НА КОРЕНСКИТЕ КАНАЛИ 2x10 | 0.6+0.6<br>1.2 |
| | - 2021/22, 2022/23, НАЧИНИ И МОЖНОСТИ ЗА ОБРАБОТКА НА КОРЕНСКИТЕ КАНАЛИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ УСПЕХОТ НА ЕНДОДНТСКИОТ ТРЕТМАН 2x10 | 0.6+0.6<br>1.2 |
| | 2018/19, ИСПИТУВАЊЕ НА БИОЛОШКИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ СВОЈСТВА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ЗА РЕСТАВРАЦИЈА НА ЗАБИТЕ x10 | 0.6 |
| | Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика[3]<br>3 кандидати (3x3сем x15н x3ч x0.06) | 24.3 |
| | Ментор и едукатор на здравствена едукација<br>решение бр. 08-362/2,<br>решение бр. 08-296/2,<br>решение бр. 08- 162/4 | 3 |
| | Ментор на кандидат на втор циклус студии, **Одлука бр. 02-3181/1** | 2 |
| | **Консултации со студенти**<br>Доктори по дентална медицина Болести на заби и ендодонт 2021- 2025 (x 100 x 0.002) | 1 |
| | Член на комисија за одбрана на дипломски труд, **Одлука бр. 10-2190/2; бр 10-2723/2** (0.1+0.1) | 0.1+0.1<br>0.2 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа, **Одлука бр. 08-470/3, 08-459/3, бр. 08-384/3, 08-338/3, 08-458/2, 08-656/3 (6 x 0.2**) | **1,2** |
| | Член на Комисија за оцена на магистерски труд, **Одлука бр. 02-3602/1, бр. 02-1181/2, бр. 02-2135/2 (3x0.3)** | 0.9 |
| | Член на Комисија за одбрана на магистерски труд **одлука бр 02-684/1, бр 02-1181/4 (26.04.2024), бр. 02-1181/4 (16.12.2024)** | 0.9 |

Кандидатката одржала пленарни предавања и презентации на меѓународни научни собири:

- во 2025 година, одржала усна презентација со постер: Предизвик на нови постојани поставовки. Улога на конзерватор. Студија на случајот Галерија на Матица српска, Меѓународен собир на конзерватори, Посавје музеј, Брежице, Словенија;
- во 2024 година одржала презентација со постер – „Кога ќе се симне прашината од Партизанка и Фрагонар“, Чистење на слики од колекцијата на Јованка Броз, Меѓународен конгрес за конзервација и реставрација, Поморски музеј, Котор, Црна Гора;
- во 2020 година, одржала усна презентација и учесник е на Музејскиот конгрес во Пловдив, Бугарија, 6-та Конференција на Меѓународната асоцијација на универзитетски музеи;
- во 2019 година, одржала усна презентација и учесник е на Музејскиот конгрес во Едрене, Турција, 5-та Конференција на меѓународната асоцијација на универзитетски музеи.

М-р Маријета Сидовски учествувала како член во 5 научни проекти, од кои 4 се меѓународни:

- во 2011 година, кандидатката учествувала во меѓународен проект – работилница за чистење уметнички дела од областа на модерна и современа уметност, Централен

конзерваторски институт, Белград, Србија, во соработка со ISCR - instituto Superiore per la Conservazione ed il Restauro, Рим, Италија;
- во 2018 година, кандидатката учествувала во меѓународен проект - работилница за испитување на материјали и нови методи на чистење на уметнички дела, Технолошко-техничкиот факултет во Нови Сад;
- во 2018 година, кандидатката учествувала во меѓународен проект – работилница за испитување практична примена на мобилната опрема, ФТИР, ХРФ и дигитален микроскоп врз уметнички дела, Технолошко-техничкиот факултет во соработка со Галерија на Матица српска;
- во 2017 година, кандидатката учествувала во меѓународен проект – работилница за чистење уметнички дела со водени пуфери и растворувачи на база на вода во OPD - Opificio delle pietre Dure, Фиренца, Италија;
- во 2016 година, кандидатката учествувала во RE-ORG Skopje (реорганизација на депото во Музејот на современа уметност во Македонија; CIK – Централен институт за конзервација, Белград, Србија во соработка со ICCEOM – Меѓународен центар за проучување на зачувувањето и реставрацијата на културните добра), Скопје, Македонија.

Од приложениот материјал за активностите на кандидатката, евидентна е нејзината посветеност во работата, како во педагошката и научната, така и во богатата уметничка активност, која ја одразува нејзината длабоко вкоренета ликовна креативност. Кандидатката м-р Маријета Сидовски има реализирано 17 самостојни изложби во странство, што сведочи за нејзиниот значителен меѓународен уметнички престиж. Нејзините дела биле претставени во реномирани галерии и културни центри низ светот, вклучувајќи ги:

- Њујорк, САД (Галерија МЦ, 2005, 2018),
- Истанбул, Турција (Галерија Назим Хикмет, 2009),
- Дижон, Франција (Галерија НУ-КОЗА, 2010),
- Бретон и Аби, Франција (2010),
- Белград и Нови Сад, Србија (Графички колектив, Мали ликовни салон, Културен центар, 2004, 2006, 2012, 2022),
- Подгорица, Црна Гора (Галерија „Центар“, 2006),
- како и групните претстави на проектот „За тебе, љубов моја 2“ во Сомбор, Нови Сад, Суботица (Србија) и Бар (Црна Гора) во периодот 2020 – 2022 година.

Во РС Македонија, кандидатката има остварено 17 самостојни изложби, што ја потврдува нејзината улога во домашната ликовна сцена. Нејзините дела биле изложувани во сите поголеми културни центри, како:

- Скопје (Галерија 8, Музеј на град Скопје, Отворено графичко студио, Младински културен центар, Културен центар „Тачка“, Галерија „Прес ту Егзит“),
- Битола (Културен центар „Магаза“, Уметничка галерија),
- Прилеп (Културен центар „Марко Цепенков“),
- Тетово (Уметничка галерија „Амам“),
- Куманово (Уметничка галерија),
- Струмица (Културен центар „Антон Панов“),
- Охрид, Ресен и Гостивар.

Кандидатката има исклучително богато и наградено групно творештво. Учествувала на повеќе од 75 меѓународни групни изложби и ликовни колонии во земјата и во странство (Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Шведска, Франција, Турција, САД, Африка и др.).

Меѓу најзначајните селектирани групни изложби во странство на кои учествувала кандидатката се:

- Искуство Пејсажа, Галерија Јосип Бепо Бенковиќ, Херцег Нови, Црна Гора, 2025 година;

- Made in Maribor, Марибор, Словенија и American Corner, Нови Сад, Србија, 2023 година;
- Нови простори, Ниш, Србија, 2022 година;
- XXII Пролећни ликовни салон, Велика Плана, Србија, 2021 година;
- Personal Indentity Matter, Галерија МЦ, Њујорк, САД, 2019 година;
- Let’s Art, Neka bude umjetnost, Уметнички павилјон УЛУЦГ, Подгорица, Црна Гора, 2013 година;
- 107 македонски уметници во Париз, Сите дез Артс, Париз, Франција, 2009 година;
- Македонски уметници во Софија, НДК, Софија, Бугарија, 2009 година;
- Франкофонски игри, Ниамеј, Нигер, Африка, 2005 година.

Во РС Македонија, нејзините дела биле дел од клучни групни изложби како:

- Париски сигнатури, Галерија Акантус, Скопје, 2020 година;
- Untold stories of superheroines 3 и 4, Музеј на град Скопје и КИЦ, Скопје, 2016-2017 година;
- ДЛУМ - МиниАртура, Галерија на Тутунска банка, Скопје, 2015 година;
- ДЛУМ - мали формат, КИЦ, Скопје, 2012 година;
- RenikBalkanArt, Музеј на град Скопје, Скопје, 2009 година;
- ДЛУМ – зимски салон, Музеј на современата уметност, Скопје, 2010 година.
-

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката м-р Маријета Сидовски е активно вклучена во стручно-апликативната работа во областа на конзервацијата и реставрацијата, што се манифестира преку нејзината долгогодишна соработка со Галеријата на Матица српска во Нови Сад и учеството во бројни меѓународни проекти и работилници. Коавтор е на стручна книга: М-r Marijeta Sidovski, Kad se skine prašina sa Partizanke i Fragonara. Konzervacija i restauracija umetničkih dela, Msr Nikola Ivanović, Ana Panić, Mr Marijeta Sidovski, Partizanka i Fragonar. Kolekcija slika Jovanke Broz, Galerija Matice srpske, 2022., str. 139-148).

Кандидатката има објавено дела во каталози од меѓународни ликовни манифестации (селекција):

- во 2025 година, Искуство пејсажа, Хергец Нови, Црна Гора;
- во 2023 година, Made in Maribor, Марибор, Словенија;
- во 2022 година, Нови простори, Ниш, Србија;
- во 2021 година, XXII Пролећни ликовни салон, Велика Плана, Србија,
- во 2019 година, Personal Indentity Matter, Њујорк, САД и уште 5 други каталози.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престои во: Мадрид, Шпанија (2025); Њујорк, САД (2018); Фиренца, Италија (2017); Париз и Бретања, Франција (2010, 2005); Ниамеј, Нигер, Африка (2005).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Учествувала на бројни меѓународни ликовни колонии и симпозиуми во земјата и во странство (Србија, Црна Гора, Бугарија, Словенија, Турција). Во 2025 година е ментор за стекнување на вишо звање во Народниот музеј „Зрењанин“, Србија. Во изборниот период, м-р Маријета Сидовски учествувала во изготвување и пријавување на научни и стручно-апликативни проекти.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Маријета Сидовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Маријета Сидовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето насловен доцент по предметите во наставно-научната област 6.04.00.03 – заштита, конзервација и реставрација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, м-р Маријета Сидовски да биде избрана во звањето ***насловен доцент*** по предметите во наставно-научната област: заштита, конзервација и реставрација (6.04.00.03).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. м-р Марија Сотировска Богдановска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Стефан Белишки, член, с.р.**
**Проф. д-р Ангел Миов, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** м-р Маријета Сидовски
**Институција:** Факултет за ликовни уметности
**Научно-уметничка област:** заштита, конзервација и реставрација (6.04.00.03.)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | да |
| 2 | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (**преглед во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање**) | да |
| 3 | Има способност за наставна работа | да |

**КОМИСИЈА**
**Доц. м-р Марија Сотировска Богдановска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Стефан Белишки, член, с.р.**
**Проф. д-р Ангел Миов, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** м-р Маријета Петар Сидовски
**Институција:** Факултет за ликовни уметности, Скопје
**Научна област:** заштита, конзервација и реставрација (6.04.00.03.)
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава** | |
| 1.1. | Стручњак од практиката, Факултет за ликовни уметности, Скопје, 2024 година | 1 |
| 1.2. | Стручњак од практиката, Факултет за ликовни уметности, Скопје, 2023 година | 1 |
| 2 | **Соработник во настава** | |
| 2.1. | Соработник, Факултет за ликовни уметности, Нови Сад, во соработка со Галерија на Матица српска, 2023 година | 1 |
| 2.2. | Соработник, Факултет за ликовни уметности, Нови Сад, во соработка со Галерија на Матица српска, 2022 година | 1 |
| 2.3. | Соработник, Факултет за ликовни уметности, Нови Сад, во соработка со Галерија на Матица српска, 2021 година | 1 |
| 2.4. | Соработник, Факултет за ликовни уметности, Нови Сад, во соработка со Галерија на Матица српска, 2020 година | 1 |
| 2.5. | Соработник, Факултет за ликовни уметности, Нови Сад, во соработка со Галерија на Матица српска, 2019 година | 1 |
| 2.6. | Соработник, Факултет за ликовни уметности, Нови Сад, во соработка со Галерија на Матица српска, 2018 година | 1 |
| 3 | **Настава во школи и работилници** | |
| 3.1. | Професор за визуелни уметности во Прво американско училиште во Скопје, 2003 година | 1,5 |
| 3.2 | Професор за визуелни уметности во Прво американско училиште во Скопје, 2004 година | 1,5 |
| 3.3 | Професор за визуелни уметности во Прво американско училиште во Скопје, 2005 година | 1,5 |
| 3.4. | Професор за цртање и сликање на стакло, керамика и текстил во уметничко студио „Арт и хоби“ во Скопје, Р Македонија, 2005 година | 1,5 |
| 3.5. | Професор за цртање и сликање на стакло, керамика и текстил во уметничко студио „Арт и хоби“ во Скопје, Р Македонија, 2004 година | 1,5 |
| 3.6. | Професор за цртање и сликање на стакло, керамика и текстил во уметничко студио „Арт и хоби“ во Скопје, Р Македонија, 2003 година | 1,5 |
| | **Вкупно** | 17 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во меѓународен научно-уметнички/истражувачки проект** | |
| 1.1. | Меѓународен проект – работилница за чистење уметнички дела од областа на модерна и современа уметност, Централен конзерваторски институт, Белград, Србија, во соработка со ISCR – instituto Superiore per la Conservazione ed il Restauro, Рим, Италија, 2011 година | 5 |
| 1.2. | Меѓународен проект – работилница за испитување на материјали и нови методи на чистење на уметнички дела, Технолошко-технички факултет – Нови Сад, 2018 година | 5 |
| 1.3. | Меѓународен проект – работилница за испитување практична примена на мобилната опрема, ФТИР, ХРФ и дигитален микроскоп врз уметнички дела, Технолошко-технички факултет во соработка со Галерија на Матица српска, 2018 година | 5 |
| 1.4. | Меѓународен проект – работилница за чистење уметнички дела со водени пуфери и растворувачи на база на вода во OPD – Opificio delle pietre Dure, Фиренца, Италија, 2017 година | 5 |
| 2. | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 2.1. | Мр Маријета Сидовски, Изазови нове сталне поставке. Улога конзерватора. Студија случаја Галерије Матице српске, Зборник радова, Брежице, Словенија, 2025 година, стр. 152. | 5 |
| 2.2. | Мр Маријета Сидовски, Приказ књиге Др Даниела Королија Црквењаков, Реконзервација. Старе и нове конзерваторске праксе у Галерији Матице српске 2000-2022., Грађа, Нови Сад, 2024 година, стр. 254-256 | 3 |
| 2.3. | Mr Marijeta Sidovski, Kad se skine prašina s partizanke i Fragonara. Osvrt na sređivanje umetničkih dela Kolekcije Jovanke Broz (zbirka Muzeja Jugoslavije), Konzervatorski glasnik, 2023., str. 130-138.). | 3 |
| 2.4. | Mr Marijeta Sidovski, *Taking care of the cultural heritage: Department of conservation at the Gallery of Matica srpska, Novi Sad,* 6th International University Museums Association Conference 2020., Plovdiv, Bulgaria, University Museums in the period of transformation, Istanbul University, Istanbul, Turkey, 2019., str. 218-227 | 5 |
| 2.5. | Mr Marijeta Sidovski, *The Gallery of Matica srpska*, 5th International University Museums Association Conference 2018 Edirne, Turkey, New Generation University Museums, Trakia University, Edirne, Turkey, 2019., str. 35-42 | 5 |
| 3. | **Пленарни предавања на меѓународен научен/стручен собир** | |
| 3.1. | Постер и усна презентација: Предизвик на нови постојани постановки. Улога на конзерватор. Студија | |

| | | |
|---|---|---|
| | на случајот Галерија на Матица српска, Меѓународен собир на конзерватори, Посавје музеј, Брежице, Словенија, 2025 година (5+0,5+1=6,5) | 6,5 |
| 3.2. | Постер – Кога ќе се симне прашината од Партизанка и Фрагонар, Чистење на слики од колекцијата на Јованка Броз, Меѓународен конгрес за конзервација и реставрација, Поморски музеј, Котор, Црна Гора, 2024 година (5+0,5=5,5) | 5,5 |
| 3.3. | Усна презентација - учесник на Музејскиот конгрес во Пловдив, Бугарија (6-та Конференција на Меѓународната асоцијација на универзитетски музеи, 2020 година (5+1=6) | 6 |
| 3.4. | Усна презентација – учесник на Музејскиот конгрес во Едрене, Турција (5-та Конференција на меѓународната асоцијација на универзитетски музеи, 2019 година (5+1=6) | 6 |
| 4 | **Учесник на меѓународен научен проект** | |
| 4.1. | Меѓународна конференција на конзерватори – Чистење, етика, техника и естетика, Галерија Матице српске, Нови Сад, Србија, 2018 година | 5 |
| 5 | **Учесник во национален научно-уметнички/истражувачки проект** | |
| 5.1. | RE-ORG Skopje (реорганизација на депото во Музејот на современа уметност во Македонија; CIK – Централен институт за конзервација, Белград, Србија во соработка со ICCEOM – Меѓународен центар за проучување на зачувувањето и реставрацијата на културните добра), Скопје, Македонија. 2016 година | 3 |
| | **Вкупно** | 73 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство по повик)** | |
| 1.1. | Бар, Црна Гора, Дворц на кралот Никола - За тебе, љубов моја 2, 2022 година | 7 |
| 1.2. | Суботица, Србија, Галерија на современата уметност – За тебе, љубов моја 2, 2022 година | 7 |
| 1.3. | Нови Сад, Србија, Културен центар Нови Сад – За тебе љубов моја 2, 2022 година | 7 |
| 1.4. | Сомбор, Србија – Галерија на Културниот центар „Лаза Костиќ“ – За тебе, љубов моја 2, 2020. година | 7 |
| 1.5. | Њујорк, САД – Галерија МЦ – За тебе, љубов моја 2, 2018 година | 7 |
| 1.6. | Белград, Србија – Графички колектив – Ти, линија и јас, 2012. година | 7 |
| 1.7. | Нови Сад, Србија – Мали ликовни салон – Некој нè гледа, заедно со Симонида Филипова Китановска, 2012 година | 7 |
| 1.8. | Бретон, Франција, Градска галерија – Чудесниот свет на ангелите, 2010 година | 7 |
| 1.9. | Аби, Франција Градска галерија – Чудесниот свет на ангелите, 2010 година | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.10. | Дижон, Франција, Галерија НУ-КОЗА - Чудесниот свет на ангелите, 2010 година | 7 |
| 1.11. | Истанбул, Турција, Галерија Назим Хикмет - Чудесниот свет на ангелите 2009. година | 7 |
| 1.12. | Подгорица, Црна Гора – Галерија „Центар“ – Соништа, 2006 година | 7 |
| 1.13. | Нови Сад, Србија – Мал уметнички салон – Соништа, 2006 година | 7 |
| 1.14. | Белград, Србија – Галерија 73 – Соништа, 2006 година | 7 |
| 1.15. | Њујорк, САД – Галерија МЦ - Траги од времето, Некаде во моите мисли 2, 2005 година | 7 |
| 1.16. | Нови Сад, Србија – Галерија Подрум – Траги од времето, некаде во моите мисли, 2004 година | 7 |
| 1.17. | Нови Сад, Србија – Културен центар на Нови Сад – Даски, 2004 година | 7 |
| 2 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во земја по повик)** | |
| 2.1. | Гостивар, Македонија – Културен центар АСНОМ – За тебе, љубов моја, 2014 година | 5 |
| 2.2. | Скопје, Македонија, Галерија 8 – Ти, линија и јас, 2012 година | 5 |
| 2.3. | Скопје, Македонија – Музеј на град Скопје – Чудесниот свет на ангелите, 2009 година | 5 |
| 2.4. | Прилеп, Културен центар „Македонија“, Марко Цепенков – Земја на соништата – Соништа 2, 2008 година | 5 |
| 2.5. | Гостивар, Македонија, Културен центар АСНОМ – Земја на соништата - Соништа 2, 2008 година | 5 |
| 2.6. | Тетово, Македонија, Уметничка галерија Амам - Земја на соништата – Соништа 2, 2008 година | 5 |
| 2.7. | Куманово, Македонија, Уметничка галерија – Земја на соништата – Соништа 2, 2008 година | 5 |
| 2.8. | Скопје, Македонија – Галерија „Прес ту Егзит“ – Соништа, 2006 година | 5 |
| 2.9. | Битола, Македонија – Културен центар „Магаза“ – Соништа, 2006 година | 5 |
| 2.10. | Ресен, Македонија – Дом на културата „Драги Тозија“ – Соништа, 2006 година | 5 |
| 2.11. | Куманово, Македонија – Уметничка галерија – Траги од времето, Некаде во моите мисли 2, 2005 година | 5 |
| 2.12. | Струмица, Македонија, Културен центар „Антон Панов“ - Траги од времето, Некаде во моите мисли 2, 2005 година | 5 |
| 2.13. | Прилеп, Македонија – Културен центар „Марко Цепенков“ - Траги од времето, Некаде во моите мисли 2, 2005 година | 5 |
| 2.14. | Битола, Македонија – Уметничка галерија, 2 Траги од времето, Некаде во моите мисли 2, 2005 година | 5 |
| 2.15. | Скопје, Македонија – Отворено графичко студио, Музеј на град Скопје – Небесна врата, 2024 година | 5 |
| 2.16. | Скопје, Македонија – Културен центар Тачка – Траги од времето, некаде во моите мисли, 2003 година | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.17. | Скопје, Македонија – Младински културен центар – Даске, 2021 година | 5 |
| 3. | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство)**<br>**Учествува на повеќе од седумдесет и пет меѓународни групни изложби и ликовни колонии во земја и во странство – Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Шведска, Франција, Турција, САД, Африка и др.** | |
| 3.1. | **Селектирани групни изложби (странство)** | |
| 3.2. | Херцег Нови, Црна Гора, Галерија „Јосип Бепо Бенковиќ“, Искуство Пејсажа, 2025 година | 4 |
| 3.3. | Сомбор, Србија, Библиотека Карло Бијелицки, Пола века Домета, 2024 година | 4 |
| 3.4. | Нови Сад, Србија, Културен центар на град Нови Сад, Ликовни салон – мал формат, 2024 година | 4 |
| 3.5. | Нови сад, Србија, American Corner, Made in Maribor, 202 година | 4 |
| 3.6. | Марибор, Словенија, Made in Maribor, 2023. година | 4 |
| 3.7. | Ниш, Србија, Нови простори, 2022 година | 4 |
| 3.8. | Велика Плана, Србија, XXII Пролећни ликовни салон, Галерија центра за културу Масука, 2021 година | 4 |
| 3.9. | Њу Јорк, САД, Галерија МЦ, Personal Indentity Matter. 2019 година | 4 |
| 3.10. | Подгорица, Црна Гора, Уметнички павиљон УЛУЦГ, Let’s Art, Neka bude umjetnost, 2013. година | 4 |
| 3.11. | Софија, Бугарија, Галерија НДК, Македонски уметници во Софија, 2009 година | 4 |
| 3.12. | Париз, Франција, Сите дез Артс, 107 македонски уметници во Париз, 2009 година | 4 |
| 3.13. | Ниамеј, Нигерија, Африка, Франкофонски игри, 2005 година | 4 |
| 3.14. | **Селектирани групни изложби (во земјата)** | |
| 3.15. | Скопје, Галерија Акантус, Париски сигнатури , 2020 година | 2 |
| 3.16. | Скопје, Музеј на град Скопје, Untold stories of superheroines 4, 2017 година | 2 |
| 3.17. | Скопје, КИЦ, Untold stories of superheroines 3, 2016 година | 2 |
| 3.18. | Скопје, Галерија на Тутунска банка, ДЛУМ - МиниАртура, 2015 година | 2 |
| 3.19. | Скопје, КИЦ, Untold stories of superheroines 2, 2015 година | 2 |
| 3.20. | Скопје, КИЦ, ДЛУМ – мал формат, 2012. година | 2 |
| 3.21. | Охрид, Галерија „Робевци“, Свети Климент, 2011 година | 2 |
| 3.22. | Скопје, Музеј на современата уметност, ДЛУМ – зимски салон, 2010 година | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.23. | Скопје, Музеј на град Скопје, RenikBalkanArt, 2009 година | 2 |
| 3.24. | Скопје, Музеј на град Скопје, ДЛУМ – годишна изложба, 2008 година | 2 |
| 4 | **Книга од стручна област** | |
| 4.1. | Коавтор - Mr Marijeta Sidovski, *Kad se skine prašina sa Partizanke i Fragonara. Konzervacija i restauracija umetničkih dela*, Msr Nikola Ivanović, Ana Panić, Mr Marijeta Sidovski, *Partizanka i Fragonar. Kolekcija slika Jovanke Broz*, Galerija Matice srpske, 2022., str. 139-148). | 4 |
| | **Вкупно** | 276 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација (селекција)** | |
| 1.1. | Искуство пејсажа, Херцег Нови, Црна Гора, 2025 година | 2 |
| 1.2. | Made in Maribor, Марибор, Словенија, 2023 година | 2 |
| 1.3. | Нови простори, Ниш, Србија, 2022 година | 2 |
| 1.4. | XXII Пролећни ликовни салон, Велика Плана, Србија, 2021 година | 2 |
| 1.5. | Personal Indentity Matter, Њујорк, САД, 2019 година | 2 |
| 1.6. | Untold stories of superheroines 4, Скопје, Македонија, 2016 година | 2 |
| 1.7. | Untold stories of superheroines 3, Скопје, Македонија, 2016 година | 2 |
| 1.8. | Contemporary Artists from Macedonia, Imago Mundi, Luciano Benetton Collection, 2015 година | 2 |
| 1.9. | Untold stories of superheroines 2, Скопје, Македонија, 2015 година | 2 |
| 1.10. | Let’s Art, Neka bude umjetnost, Подгорица, Црна Гора, 2013 година | 2 |
| 1.11. | ReinkBalkanArt, Скопје, Македонија, 2009 година | 2 |
| 1. | **Објавено дело/критика во стручно списание (во земјата)** | |
| 1.1. | Марика Бочварова Плавевска, Големото стакло, Музеј на современата уметност – Скопје, бр. 23/24, 2008 – 2009 година, 54-57 стр. | 1 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 1. | Ментор за стекнување на више звање, Народен музеј „Зрењанин“, Србија, 2025 година | 1 |
| 2. | **Студиски престој во странство** | |
| 2.1. | Мадрид, Шпанија, 2025 година. | 0,5 |
| 2.2. | Њујорк, САД, 2018 година, | 0,5 |
| 2.3. | Фиренца, Италија, 2017 година. | 0,5 |
| 2.4. | Париз и Бретања, Франција, 2010 година. | 0,5 |
| 2.5. | Њујорк, САД, 2005 година, | 0,5 |
| 2.6. | Париз и Бретања, Франција, 2005 година. | 0,5 |
| 2.7. | Ниамеј, Нигер, Африка, 2005 година | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Меѓународна награда за научни и уметнички достигнувања** | |
| 3.1. | Најдобра изложба, Галерија „Подрум“, Нови Сад, Србија, 2004 година | 7 |
| 4. | **Учество на меѓународни ликовни симпозијуми во странство (селекција)** | |
| 4.1. | Меѓународна ликовна колонија Манастир Патковица, Србија | 4 |
| 4.2. | Меѓународна ликовна колонија Велика Плана, Србија | 4 |
| 4.3. | Меѓународна ликовна колонија Пирин Голф ресорт, Бугарија | 4 |
| 4.4. | Меѓународна ликовна колонија Словен Градец, Словенија | 4 |
| 4.5. | Меѓународна ликовна колонија Пале, Република Српска | 4 |
| 4.6. | Меѓународна ликовна колонија Јалова,Турција | 4 |
| 5. | **Учество на меѓународни ликовни симпозијуми во земјата (селекција)** | |
| 5.1. | Меѓународна ликовна колонија Град Скопје, Скопје | 2 |
| 5.2. | Меѓународна ликовна колонија, Центар за савремену уметност, Прилеп | 2 |
| 5.3. | Меѓународна ликовна колонија Гостивар | 2 |
| 5.4. | Меѓународна ликовна колонија, Струмица | 2 |
| 5.5. | Меѓународна ликовна колонија Манастир Осоговски, Крива Паланка | 2 |
| | **Вкупно** | 68,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 17 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 73 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 276 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 68,5 |
| **Вкупно** | 430 |

**КОМИСИЈА**

**Доц. м-р Марија Сотировска Богдановска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Стефан Белишки, член, с.р.**
**Проф. д-р Ангел Миов, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОЦИОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВМРО-ДПМНЕ И СДСМ“ ОД М-Р ЕМИЛ ДИМИТРИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 19.6.2025 година, врз основа на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје и член 110 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр.178/2021), донесе Одлука за формирање Комисија за оценa на докторската дисертација под наслов: ***Социолошкиот профил на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ,*** поднесена од м-р Емил Димитриев, пријавена на трет циклус студии на студиската програма Социологија, во состав: проф. д-р Константин Миноски, (претседател), проф. д-р Ило Трајковски (ментор), проф. д-р Марија Дракуловска Чукалевска (член), проф. д-р Биљана Ванковска (член), проф. д-р Аница Драговиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторскиот труд ***Социолошкиот профил на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ,*** поднесен од м-р Емил Димитриев, е со обем од 263 страници компјутерски обработен текст, со проред 1,5 и содржински организиран во Вовед, четири делови со вкупно шеснаесет поглавја, Заклучок, Анекси и Библиографија. Во рамките на докторскиот труд има педесет слики (фотографии, графикони, илустрации), осумнаесет табели, опремен е со стотина упати уредени според форматот за цитирање на ASA и дваесет фусноти.

Докторскиот труд е изработен во рамките на трет циклус студии на студиската програма Социологија – политичка социологија и, следствено, темата на докторскиот труд е од научното подрачје на општествените науки (5), научното поле социолошки науки (5.04), научната област социологија (5.04.00.01) и научните дисциплини политичка социологија, социологија на граѓанственоста и политички систем. Во овој контекст, предмет на социолошка анализа се теориски и методолошки селектирани димензии на социолошкиот профил на двете најголеми политички партии во Македонија (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) во контекст на претходно наведените социолошки дисциплини.

*Воведот* (стр. 4-7) ја истакнува актуелноста на истражувачкиот проблем. М-р Емил Димитриев поаѓа од издржаната претпоставка за клучната важност на политичките партии за функционирањето на либерално-демократскиот политички систем. Оттука, истражувањето на социолошките и другите аспекти на профилирањето на политичките партии го претставува како важен придонес во социолошката наука, меѓутоа и за развојот на демократијата кај нас. Зафаќањето со овој истражувачки проблем, авторот го легитимира со два мотива: научната објективност и личната субјективност. Од аспект на научната релевантност, кандидатот истакнува дека нашава земја ја живее четвртата деценија на демократско и плурално општество и има акумулирано доволно искуство кое со научна проверка може да ја исцрта сликата на современиот македонски политички плурализам. При тоа, тој критички истакнува дека домашната наука располага, главно, со политиколошки сознанија за развојот на политичкиот систем, а дека има кусок на социолошки анализи на политичките партии. Од таа перспектива, докторскиот труд бил мотивиран да придонесе кон подигање на социолошките сознанија за политичките

партии кај нас. Научната и општествената релевантност на темата се тесно поврзани со силен личен мотив на авторот. Тој настојува својот долгогодишен личен политички ангажман во минатото, на бројни и значајни функции во партијата ВМРО-ДПМНЕ и во државата да го преработи и јавно да го претстави преку објективна научно-методолошка и концептуална рамка.

Во првиот дел, *Политичките партии како предмет на истражувањето* (стр. 8-32), м-р Димитриев во четири поглавја го лоцира неговиот интерес за социолошкиот профил на политичките партии во контекст на постојните сознанија од областа на социологијата и политикологијата, политичките парти и демократијата. Во првото поглавје (*Преглед на достигањата во научноистражувачката област*), дава селективен преглед на порелевантни социолошки и политиколошки достигања во врска со темата. Прегледот е проблемски фокусиран и исходува со критичката констатација за кусок на социолошка перспектива во постојната домашна литература за политичките партии; Во второто поглавје (*Формулација на истражувачкиот проблем: профилирање на политичките партии во Македонија*), м-р Димитриев ја поставува проблемската рамка на неговото истражување која очекувано ќе придонесе за зголемување на социолошкиот фонд на знаења за политичките партии кај нас. За таа цел, темата за социолошкиот профил на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ проблемски ја определува како истражување и анализа на седум посебни димензии на социолошкиот профил на политичките партии: историската заснованост, идеолошкиот профил, организациската структура и мобилизацијата на членството, внатрепартиската демократија, социјалниот профил, јавната перцепција и односот кон промените. Пристапувајќи им на овие аспекти на социолошкиот профил на политичките партии како дипломиран социолог, како магистер по социологија, но и како граѓанин со истакнат политички ангажман, м-р Димитриев во докторскиот труд потврдува издржаност на неколкуте посебни работни хипотези поврзани со секоја од споменатите седум димензии.

Врз основа на сознанијата и аргументите изнесени во четвртиот дел на трудот, м-р Димитриев покажува дека на најопшто ниво, двете испитувани политички партии (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) имаат свои типични социолошки белези или карактеристики во сите седум димензии. Двете партии имаат своја историска вкоренетост. ВМРО-ДПМНЕ се поврзува со историското ВМРО, а СДСМ, исто така, се повикува на своите корени од левицата во историското ВМРО, и продолжува со Комунистичката партија. Од аспект на идеолошката профилираност, двете партии во своите програмски документи ги апострофираат типичните елементи на конзервативната, односно социјалдемократската идеологија. Спецификите продолжуваат и во областа на организациската поставеност и начин на мобилизација на поддршката, како и по начинот на внатрепартиско дејствување. Типично за конзервативните партии, ВМРО-ДПМНЕ се одликува со силна партиска машинерија, повисока партиска дисциплина и поголема стабилност на гласачкото тело. СДСМ, пак, се карактеризира со полабава врска помеѓу партијата и електоратот, подемократски начин на избор на претседател на партијата, често одлучување во формат конгрес и подразбира поширок степен на внатрепартиска демократија. Како карактеристични профили на јавната перцепција, за ВМРО-ДПМНЕ се поврзува суверенизмот, т.е. патриотизмот, а за СДСМ, пак, нејзиниот прагматизам при надминување на споровите со соседите. Забележани се определени разлики во социјалниот профил на електоратот на двете партии. ВМРО-ДПМНЕ својата етаблираност ја базира во градски, приградски и рурални средини, СДСМ има своја присутност секаде во земјата, но доминира во централните општини (Центар и Карпош) во Градот Скопје. Електоратот на ВМРО-ДПМНЕ претежно живее во куќи, на СДСМ во станови. СДСМ има поголема поддршка кај останатите етникуми покрај Македонците, за разлика од ВМРО-ДПМНЕ, која е најдобро етаблирана кај Македонците, а послабо

кај останатите етникуми. Во третото поглавје (*Предмет на истражувањето),* м-р Димитриев под лупата на својот истражувачки интерес ги става, на една страна, актите кои се однесуваат на основање и дејствување (доктрините, програмите и други партиски документи) на истражуваните политички парти со цел преку нив да ги осознае и научно да ги осветли историските, идеолошките, организациските и мобилизациските димензии на профилот на партиите. На друга страна, се анализира социјалното потекло на гласачите и јавната перцепција за партиите, со цел да се даде одговор на прашањето каква е поврзаноста на партиите со социјалното потекло на нивните гласачи, дали на таа поврзаност имаат влијание нивните политики, или со други зборови, дали постои социјална детерминираност на партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Во четвртото поглавје (*Цели на истражувањето),* м-р Димитриев како главна цел на докторското истражување ги поставува идентификацијата и споредбата на социолошките профили на двете најголеми политички партии во Македонија во целина и во одделните димензии на нивните профили. Поставената цел е постигната со реализација на неколкуте зацртани истражувачки задачи, како што се теориско определување на поимот социолошки профил на политичките партии, негова операционализација преку издвојување, анализа и споредба на седум најзначајни димензии и идентификување на промените во одделните димензии на социолошкиот профил, во целина и во неговите одделни димензии, во текот на трите последни децении, преку изведување временски условени социолошки профили на двете партии.

Во вториот дел, *Поимно теорско и операционално определување на социолошкиот профил на политичките партии* (стр. 32-127), во четири поглавја, м-р Димитриев ги обработува четирите клучни поими за неговото докторски истражување. Во првото поглавје (*Социолошки профил и социолошки типови*, стр. 32-44), категориите профил и тип се лоцираат во рамките на социологијата како наука, со чија помош се определува нивната важност за идентитетот на социологијата како засебна општествена наука. За таа цел, м-р Димитриев се потпира на повеќе класични социолози кои се најзаслужни за афирмацијата на типолошкиот метод и типологизацијата во социологијата. Со помош на Макс Вебер ја истакнува важноста на идеалниот тип и на градењето на идеални типови како специфично социолошки метод. Со помош на помалку заборавениот Жорж Гурвич, пак, ја осознава повеќедимензионалната природа на општествените појави, а преку тоа, сложеноста на социолошката типологизација и социолошкото профилирање. Во второто поглавје (*Политиката како општествен процес*, 44-64), политичките партии се определуваат како клучни политички чинители во контекст на модерниот либерално-демократски политички и со него поврзаните поими политичка партиципација и демократија, политичко претставување и политичка определба. Во третото поглавје (*Политички идеологии*, стр. 64-77) се прикажуваат позначајните сознанија релевантни за идеологијата како една од најчесто користените димензии при профилирањето на политичките партии. Покрај класичните расправи за идеологијата (Карл Маркс), обработени се и современите социолошки погледи на Карл Манхајм, Јирген Хабермас и други. Заради потребата од користење на типолошкиот метод во профилирањето на политичките партии, во ова поглавје м-р Димитриев го обработува и прашањето за класификација на политичките идеологии. При тоа се користи со општо прифатената класификациска шема во чија основа стои идеолошката матрица левица – десница, но изнијансирана под влијание на новите политички прашања, како што се феминизмот, правото на сексуална ориентација, заштитата на животната средина, деглобализацијата и мултиполаризацијата на светот. Во таков историски контекст се прикажува и се промислува релевантноста на широко прифатените идеолошко-класификациски категории како конзервативизам, социјалдемократија, фашизам, зелена идеологија, анархизам, радикална десница, популизам и други. Во четвртото поглавје (*Елементи за*

*социолошкото профилирање на политичките партии,* стр. 78-127) се обработува прашањето за најзначајните елементи на централниот истражувачки проблем – социолошкиот профил на политиките партии. Во седум посебни точки детално се обработуваат седум клучни прашања поврзани со социолошкиот профил на политичките партии: нивниот идентитет, односот меѓу политичките партии и идеологијата, организациската структура, системот на внатрепартиско дејствување, имиџот на политичките партии и мобилизацијата, нивната социјална втемеленост и јавната перцепција за политичките партии.

Прашањето за идентитетот на политичките партии кое е поврзано со социолошкиот профил се обработува со потпирање на сознанијата утврдени уште од страна на „мичигенската школа“, според која партискиот идентитет има социјално психолошка основа и дека партискиот идентитет не е нешто фиксно туку има дијалектичка природа. Според аргументите на м-р Димитриев, партискиот идентитет го дефинираат два елемента: кадровското екипирање, на една страна, и програмскиот идентитет, на друга страна. Првото подрачје, во кое се креира партискиот идентитет, е во рамки на партијата внатре, во нејзината структура, која ја сочинуваат членовите организирани во систем или структура на партијата. Кадровската структура во партиите влијае и на јавната перцепција, т.е. на градење став кон партијата кај други граѓани, посебно во мали земји како што е нашата, каде што се познаваат луѓето помеѓу себе, ги знаат профилите на луѓето. Вториот сегмент излегува од границите на партијата и се однесува на просторот кој ги опфаќа симпатизерите на партијата и нејзините поддржувачи, неопределените граѓани и конкурентските политички структури. Програмскиот идентитет на партиите, пак, ги опфаќа доктрините и програмите усвоени при нејзиното формирање, како и програмските платформи и манифестации со кои настапуваат на изборите. Со критичко промислување на постојните сознанија во врска со идентитетот на политичките партии, м-р Димитриев основано агументира дека во поново време определувањето на идентитетот на политичките партии од програмско-идеолошки аспект отвора нови предизвици. Предизвиците се однесуваат на амбивалентноста помеѓу самоидентификацијата, т.е. како себеси се доживуваат членовите и поддржувачите на партиите и каква е јавната перцепција за нив. Ова особено доаѓа до израз при определувањето на идентитетот на т.н. catch all партии кај кои влијанието на кадровскиот и програмскиот профил е второстепен, а акцентот е ставен на омасовување на поддршката. Слична е состојбата и кај популистичките партии, коишто го надминуваат определувањето на идентитетот погоре опишан, тие настојуваат да ги надминат рамките на партијата и да придобијат форма на општествено движење. Во тесна врска со прашањето за идентитетот на политичките партии е анализирано и прашањето за важноста на идеологијата на политичките партии.

Во врска со тоа, м-р Димитриев аргументира дека денес се почесто се отвора прашањето дали сè уште може да се зборува за идеолошка конзистентност и партиска диференцијација или се релативизира посебноста на партиската идеологија. Како предизвик за науката, денес се посочува прашањето колку современите политички партии имаат јасна идеолошка матрица споредено со пред 40 и повеќе години. Особено за општества како македонското, кое ја живее четвртата декада од транзитирањето од социјалистичко и еднопартиско во демократско и плуралистичко општество. Денес партискиот идентитет е поларизиран по повеќе основи (политичка, етничка, социјална итн.), што имплицира драстична промена на односот на идеологиите и партиите. Таа промена е видлива и поради уште еден друг момент. Од аспект на глобализацијата и процесите што таа ги носи со себе, интеграцијата на партиите во европските идеолошки семејства и сл., м-р Димитриев аргументира нови состојби и на овој план. Имено, партиите од Македонија со своето основање и декларирање на својата политичка

идеологија го започнаа интегрирањето со сестринските партии од Европа. Таа интеграција беше во корелација со интеграција на државата во рамки на европските институции. Процесот на соработка трае, желбата за интеграција сè уште се помага од сестринските партии и нивни блиски организации. Таа соработка освен на организациско ниво, важен акцент става на идеолошкото профилирање. Тоа се остварува и преку бројните странски партиски организации кои се присутни во земјава. Сумарно, односот на политичките партии со политичките идеологии се сублимира во исказот дека „ние идеологиите ги проверуваме како сопатници, а не како неутрални набљудувачи.“

Како трет значаен елемент на социолошкиот профил е претставена организациската структура на партиите. Важноста на овој аспект произлегува од фактот дека политичките парии во основната социолошка категоризација на видовите групи се поимаат како т.н. формални групи. Тоа подразбира дека тие се одликуваат со изградена структура и хиерархија, дејствување во име на определена цел, поседување идентитет во однос на другите итн. Во поглед на ова прашање, м-р Димитриев се потпира на сознанијата на Диверже, Михелс, Панебјанко, Епштајн и други. Нив ги сумира во исказот дека „партијата не е заедница, туку збир на заедници, унија на мали групи, распространети низ земјата кои се институционално поврзани и координирани” и дека за социологијата, поврзано со организацијата на партиите, важен е односот на организацијата на партијата со поседувањето определени ресурси, организациската форма ја одразува понудата на ресурси. Во тој поглед, очекувањата се дека двете анализирани македонски политички партии ќе покажат специфични профили на сите релевантни нивоа на организирање: на ниво на изборно место, организирање на ниво на општина или град, на регион, област или изборна единица, организирање на ниво на држава, потоа раководствата на партијата или нивните извршни органи и, на крај, лидерот на партијата. М-р Димитриев изнесува социолонгивистички аргументи дека специфичните социолошки профили на двете анализирани политички партии доаѓаат до израз и во различното именување на овие организациони нивоа во двете партии („комитет“ или „ќелија“ во ВМРО-ДПМНЕ, наспроти „одбор“ во СДСМ ).

Четвртиот елемент на социолошкиот профил на политичките партии е системот на внатрепартиско дејствување. Овој елемент се операционализира низ четири аспекти: внатрепартиска демократија, бирократија и централизам, милитантни структури на партиите, систем на селекција на партиските кадри и финансирање на партиите.

Како петти релевантен елемент на социолошкиот профил е претставен јавниот имиџ на политичките партии. Јавниот профил на политичките партии, денес, во научната мисла, е еден од најексплоатираните термини. Него го сочинуваат или на него влијаат бројни научни определби, меѓутоа и мислењето на јавноста. Научното профилирање на политичките партии најчесто се доведува во корелација со јавната перцепција за нив, но постојат и примери на значителни разлики помеѓу научното профилирање и јавната перцепција. Научниот пристап се темели на детализирање во анализите, додека јавната перцепција, по правило, се гради на принцип на здраворазумска генерализација. Меѓутоа, ниту една сериозна научна анализа на политичките партии, па ни сегашната, не може да го екстрахира влијанието на јавноста, во профилирањето на партиите. Генерализациите во јавната перцепција често се во корелација со стереотипите, силно етаблирани во јавното мнение. М-р Димитриев ја истакнува важноста на овој елемент за современите политички парти во споредба со минатото, посочувајќи дека порано определени размислувања оделе на линијата дека „за квалитетот не треба пропаганда“, додека денешните социолошки, политиколошки и комуниколошки теории се обединети во глорифицирањето на презентацијата на партиите пред граѓаните. За поткрепа на ова тврдење, за важноста на јавниот имиџ за профилирањето на политичките партии, се користат сознанијата за јавното мнение афирмирани од Валтер Липман. Врз тие основи

се докажува дека имиџот, јавниот профил или брендирањето претставуваат клучни елементи за социолошкото профилирање на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и дека тие имаат оформено препознатливи карактеристики, кои го сочинуваат нивниот имиџ или бренд.

Шестиот елемент на социолошкиот профил на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ е нивната социјална втемеленост. Претпоставката е дека социолошкиот пристап кон поделбите и разликите во општеството се фокусира на неговата суштина, која упатува на веројатноста дека индивидуите со посебни општествени карактеристики ќе поддржат една или друга политичка партија. Социологијата гледа на разликите, поделбите и конфликтите во општеството како на нешто што е вкоренето во историското искуство на едно општество, дека тоа влијае на врз вредностите и преференциите на граѓаните во повеќе генерации. Граѓаните имаат повеќе или помалку, трајни социјални карактеристики, како што се: класа, слој, образование, професионален статус итн., што ги наведува да се идентификуваат со одредени политички партии, а не со други. При елаборацијата на оваа теза, м-р Димитриев се потпира на анализите на Семјмур Мартин Липсет и други социолози. Врската меѓу овие разлики и политичките и, конкретно, партиските определби не е директна. Таа е посредувана со различниот пристап до информациите, но и различниот интелектуален капацитет на поединците. Овие класични социолошки тези критички се промислуваат во светлото на поновите (Хенрих, Зукерман, Турко и други) сознанија за преференциите како на внатрешни психосоцијални фактори кои ги детерминираат изборното однесување и политичката определба. Додека во минатото застапувањето на интересите на определена социјална група претставувало императив во политичкото дејствување, кај современите политички партии, сè повеќе, декларативно, веројатно од пи-ар причини, се нагласува неутралниот однос кон интересите на групите, а се истакнува државничкиот карактер – како што тоа го прават политичките партии кај нас, на пример.

Седмиот елемент на социолошкото профилирање на политичките партии е поврзан со прашањата за јавноста, јавното мислење и јавната перцепција во услови на новите социјални медиуми и социјалните мрежи и медиуми. М-р Димитриев развива детална теориска анализа на овие класични клучни поими во контекст на подемот на интернетот, новите социјални медиуми и мрежи кои стануваат животен факт за општеството, низ светот. Се констатира дека комуникацискиот пејзаж станал покомплексен и партиципативен и дека граѓаните добиваат пристап до информации и повеќе можности за јавност и преземање колективна акција. Предностите што ги нудат социјалните мрежи, како што се текстуални пораки, електронска пошта, споделување фотографии, социјално вмрежување итн., ги принуди науките, меѓу кои и социологијата, во својот предмет и интерес на изучување, меѓу другото, да ги анализираат влијанието на овие моќни фактори во општеството. Масовните медиуми и социјалните мрежи се дел од алатките на глобализацијата и играат улога на механизми за комуникација на различни нивоа. Како особено важни карактеристики на социјалните медиуми кои нив ги прават моќни и неопходни во партиското дејствување, денес се истакнуваат: анонимноста и богатството на информации, сеприсутноста која ги руши границите помеѓу приватниот и јавниот живот, брзината во комуникацијата, мноштвото улоги што ги преземаат корисниците, односот објективност – субјективност, можноста да се снимаат и комбинираат разни содржини преку текст, слики, аудио, видео, анимација или сето ова комбинирано и, секако, сè уште слабата регулираност на оваа сфера.Токму поради сето ова, современите партии формираат посебни органи во рамки на партиите за медиумска комуникација, т.н. прес-центри.

Третиот дел, *Методолошка рамка на истражувањето* (стр. 127-132), има две поглавја. Во првото се определуваат работните хипотези од кои се водело истражувањето, а во второто се назначуваат користените методи и техники на истражувањето. Како главни методолошки карактеристики на докторскиот труд на м-р Димитриев се издвојуваат: прво, примената на типолошкиот метод и типологизацијата во анализата на документите поврзани со историската заснованост на двете партии, нивниот идеолошки, односно програмски идентитет, нивата организациска структура и систем на внатрепартиско дејствување, јавниот имиџ и јавната перцепција; второ, употребата на структурирано интервју за прибирање податоци за организациската поставеност на двете политички партии; трето, примената на дескриптивни статистички техники за анализа на типичните карактеристики на две избирачки места – едно типично за ВМРО-ДПМНЕ и едно типично за СДСМ. Типичните избирачки места, т.н. „бастиони“, се утврдени со споредбена анализа на изборните резултати на двете политички партии од парламентарните избори во периодот од 2011 до 2024 година (вкупно пет парламентарни изборни циклуси). Оваа техника е за прв пат применета кај нас. Таа му овозможила на кандидатот прибирање на оригинални податоци и информации за социјалниот профил на т.н. „бастиони“ на двете партии.

Четвртиот дел (*Социолошкото профилирање на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ: македонската десница и левица*, стр. 132-247) е носечкиот дел на докторскиот труд. Во него, претходно назначените поимно теориски и методолошки рамки се искористени за прикажување на спецификите на социолошките профили на двете анализирани партии. Сознанијата се оригинални, интересни и придонесуваат за попродлабочено разбирање на политиките на двете партии, но и нивните меѓусебни односи како главни чинители на македонскиот партиски систем. Добиените сознанија се структурирани во три поглавја. Во првите две се дава историскиот контекст на формирањето на политичките партии во независна Република Македонија во периодот на распаѓањето на СФРЈ и осамостојувањето на СРМ, и нивната меѓународна интеграција. Најзначајниот придонес на докторскиот труд на м-р Емил Димитриев е изнесен во третото поглавје (*Социолошкиот профил на* ВМРО-ДПМНЕ *и СДСМ како политички партии во развој*). Ова поглавје е составено од две потточки. Согласно со претходно поставената поимно теориска рамка, во првата потточка (*ВМРО-ДПМНЕ како народна партија*, стр. 159-205), социолошкиот профил на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ е прикажан со седум типолошки одредници: наследник на историското ВМРО, конзервативна, компактна структура доминантна кај Македонците, „цврста рака“ како модел на внатрепартиско дејствување, патриотска, етаблирана во урбаните и руралните средини, суверенистичка политичка партија. За разлика од тоа, СДСМ е социолошки профилирана како наследничка на македонските комунисти, социјалдемократска партија, со лабава и мултиетничка организациска структура, непосредна демократија, прагматична, етаблирана доминатно во урбаните средини, интегративистичка политичка партија. На најопшто ниво, ВМРО-ДПМНЕ е профилирана како десна народна партија, а СДСМ како плурална левица. Секако, како и при секоја типологизација, и во овој случај станува збор само за идеални типови.

Секоја од овие седум типолошки одредници, како и дополнително воопштувачките типолошки одредници „десна народна партија“ за ВМРО-ДПМНЕ и „плурална левица“ за СДСМ е поткрепена со сознанија добиени од анализи на содржините на соодветните документи, анализата на примарни податоци добиени од две структурирани интервјуа со генералните секретари на двете политички партии и секундарни податоци добиени со дескриптивна статистичка анализа на повеќе бази на податоци генерирани од Државната изборна комисија за изборните резултати во анализираниот период. Приказот на одредниците е збогатен и со фотографии, графикони, слики и табели. Независно од тоа

што прикажаните податоци сами за себе ги потврдуваат појдовните претпоставки, м-р Димитриев своите сознанија ги поткрепува поврзувајќи ги со сознанијата на други аналитичари на македонските политички партии.

Во последниот дел (*Заклучок*), м-р Димитриев ја потврдува почетната претпоставка за општествената и научната релевантност на истражувачкиот проблем, како и соодветноста на зацртаната методолошка рамка. Тој заклучува дека анализата на доктрините, програмите и нормативните документи и деловниците на партиите довеле до вредни сознанија за нивното место и улога во политичкиот живот кај нас, како субјекти кои ги мобилизираат и организираат граѓаните; дека, анализата на социјалниот профил на нивните гласачи ја утврдува врската со граѓаните, која во различни периоди од настанокот на партиите до денес има различни карактеристики; дека двете партии меѓусебното си влијаат врз нивниот социолошки профил; дека на партискиот идентитет одредено влијание има и нивната меѓународна соработка со сестринските партии.

Врз основа на истражување на т.н. упоришта или бастиони на двате партии се покажува дека ВМРО-ДПМНЕ е посилна во руралните места и во градските средини доминатно населени со староседелско население кое живее во куќи. Додека, пак, СДСМ доминира во урбани средини, особено во станови како објекти на живеење. Кај ВМРО-ДПМНЕ апсолутно доминираат Македонците како поддржувачка сила, а кај СДСМ, присутна е поддршка и од други етнички заедници. Во однос на возрасниот профил, ВМРО-ДПМНЕ е поддржана од повозрасна категорија граѓани над 50 години, а СДСМ има повеќе поддршка кај помладата популација, т.е. граѓани под 50 години. Разлика има и во образовната структура, ВМРО-ДПМНЕ го поддржуваат луѓе со средно и високо образование, а СДСМ поддршката во повисок процент ја добива од население со високо образование. Овој тренд на разлики се забележува и во карактеристиката средства за живот. Кај ВМРО-ДПМНЕ доминираат платите, кај СДСМ, освен платите, присутни се примања по основ на приватен бизнис или приватни инвестиции. Во однос на ова, м-р Димитриев критички заклучува дека ова е нарушување на типичната идеолошка профилација. Поприродно би било да е спротивна ситуацијата, десните партии се посилно етаблирани кај приватниот бизнис, ова корелира и со перцепцијата на СДСМ за ВМРО-ДПМНЕ. Во однос на профилот на занимања кои ги мобилизираат партиите, кај ВМРО-ДПМНЕ доминираат работниците, а присутни се и занимањата стручњаци и научници, а кај СДСМ, службеници и функционери се со повисока застапеност отколку кај ВМРО-ДПМНЕ.

Сепак, во името на научната објективност, м-р Димитриев заклучува дека прикажаните заклучоци се засновани на споредба на предметните индикатори на социолошкиот профил само во две дијаметрално различни избирачки места како единици на анализа. Поради тоа, има повеќе причини за изведените воопштувања за профилот на двете партии да не бидат општо важечки на ниво на држава, особено во однос на нивната социјална втемеленост. Но детектираната тенденција заслужува понатамошни попродлабочени истражувања.

Како општ заклучок е дека двете споредувани политички партии во Македонија го завршиле транзицискиот пат. Тие денес се програмски профилирани налик на современтите партии од Европа и пошироко. Имаат сопствен специфичен идеолошки и кадровски профил. Јавната перцепција за нив е аналогна на идеолошкиот и кадровски профил. Нивната мобилизација кај граѓаните е адекватна на нивната идеологија, т.е. агрегираат структура на граѓани иманетна на нивната идеолошка матрица. Кај ВМРО-ДПМНЕ се забележува поголема стабилност на гласачкото тело, а кај СДСМ поголема мултиетничка поддршка.

На крајот од трудот, м-р Димитриев приложува два анекса (извадоци од интервјуата) и библиографија (стр. 257-263), користена во изработката на докторскиот труд, кој се состои од 95 домашни и странски библиографски единици, на македонски јазик.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторскиот труд *Социолошкиот профил на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ,* поднесен од м-р Емил Димитриев, претставува оригинален научен труд изработен во рамките на трет циклус студии на студиската програма Социологија од научното подрачје на општествените науки (5), научното поле социолошки науки (5.04), научната област социологија (5.04.00.01) и научните дисциплини политичка социологија, социологија на граѓанственоста и политички систем.

Анализирајќи го докторскиот труд од м-р Емил Димитриев, Комисијата оценува дека тој претставува оригинален прилог кон проучување на политичките партии кај нас. Оригиналноста на докторскиот труд на м-р Димитриев се гледа во применетиот типолошки метод и изградените типолошки концепти и шеми кои овозможуваат продлабочено разбирање на спецификите на анализираните политички партии.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со фактор на влијание) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автор: „Political parties as a factor in the postmodernism“, објавен во: International Journal KNOWLEDGE, Vol. 57.1, ISSN 1857-923X, (2023).

Автор: „Politics and Religion“, објавен во: Religious dialogue and cooperation, Vol. 6. No. 6, ISSN 2671-3594, (2025).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се социолошка анализа на двете најголеми политички партии, кои во изминатиот период управуваа со државата, легитимирајќи се како главни политички фактори во земјата. Анализа која ги опишува мобилизаторските врски помеѓу партиите и граѓаните. Во определени периоди. таа врска имплицира социјална детерминираност. Мобилизацијата претпоставува општествена агрегација, која дава сознанија за профилот и начинот на организирање на граѓаните. Трудот дава најнови, социолошки сознанија за развојот на клучните политички фактори во земјата, преку тоа и за генералната слика на политичкиот систем во земјата.

Подрачјето на примена првенствено е во социолошката наука, но и во сродните науки чиј интерес се општествено-политичките состојби. Директна и конкретна помош и примена може да имаат политичките партии, особено анализираните, бидејќи трудот претставува прво компаративно научно анализирање на двете партии од повеќе аспекти. Со негова примена ќе имаат слика за нив како науката ги перцепира. Трудот е од интерес за кој било што сака да се информира или да стекне продлабочени сознанија за спецификите, но и сличностите меѓу двете со најголеми политички партии во земјата, со нивниот развој, тргнувајќи од нивната историска вкоренетост, најновата програмска и кадровска поставеност, како и јавната перцепција поврзана со нив. Ограничувачки фактор може да претставува анализата за социјалната детерминираност на партиите, од двете анализирани избирачки места, со оглед на тоа што станува збор за две места со големи социодемографски разлики, меѓутоа по критериум две најголеми избирачки места кои во континуитет се определуваат за анализираните политичи партии. Резултатите од овие две анализирани места покажуваат определени специфични карактеристики, но тие не можат да се воопштат за целата територија на Републиката без дополнителни истражувања.

Понатамошните истражувања може да се фокусираат на факторите кои влијаат на стабилноста на партиите во поддршката кај електоратот. Овој труд имплицира значајна разлика помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ од аспект на стабилност во гласачкото тело, предизвик е да се истражи на што базира таа. Со оглед на тоа што се забележуваат промени во социјалната детерменираност на политичките партии во зависност од различни периоди, вреди да се истражат причините и за тоа. Социолошките истражувања на политичките партии отсекогаш имале научна инспиративност, па затоа постојат мноштво научни предизвици за слични истражувања во иднина.

Врз основа на претходното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го прифати позитивниот извештај за докторскиот труд *Социолошкиот профил на политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ,* поднесен од м-р Емил Димитриев, и да му овозможи на кандидатот да го одбрани својот докторски труд.

28.8.2025 **Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Константин Миноски (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Ило Трајковски (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Марија Дракуловска Чукалевска (член), с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ванковска (член), с.р.**
**Проф. д-р Аница Драговиќ (член), с.р.**

# И С П Р А В К А
## НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА

Во објавениот **Билтен бр. 1282 од 15.4.2023 година** е направена техничка грешка, при што не се објавени два прегледа од Филозофскиот факултет во Скопје. Тоа се:

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација од кандидатката **м-р Клаудија Велкова-Мановска,** и
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови од кандидатите: **Катерина Росикопулос, Александра Јелиќ-Исаиловска, Александра Јорданов, Никола Величковски и Филип Ицовски.**

Заради направената техничка грешка се прави исправка и се објавуваат:

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Клаудија Велкова-Мановска, | „Современи педагошки концепти за одржлив развој и можности за нивна имплементација во раното детство“ | Contemporary pedagogical concepts for sustainable development and opportunities for implementation in early childhood | Проф. д-р Алма Тасевска | 7.4.2023 10-271/7 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
## 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Катерина Росикопулос** | „Накитот од колекцијата на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп и неговите ликовни паралели во македонскиот средновековен живопис“ | "Jewelry from the collection of the NU Institute for the Protection of Cultural Monuments and Prilep Museum and its visual parallels in Macedonian medieval painting" | проф. д-р Елизабета Димитрова | 10-435/2 од 6-4-2023 год |
| 2. | **Александра Јелиќ-Исаиловска** | „Управување со процесот на лиценцирање и обнова на лиценца на стручни профили во детските градинки“ | "Management of the process of licensing and license renewal of professional profiles in kindergartens" | проф. д-р Алма Тасевска | 10-734/3 од 6-4-2023 год |
| 3. | **Александра Јорданов** | „Резултати од имплементација на Неврофидбек метода (by Othmer) кај деца со попреченост“ | "Results of the implementation of the Neurofeedback method (by Othmer) in children with disabilities" | проф. д-р Горан Ајдински | 10-788/3 од 6-4-2023 год |
| 4. | **Никола Величковски** | „Специфичности на приватното обезбедување во Република Северна Македонија“ | "Specificities of private security in the Republic of North Macedonia" | **проф. д-р Оливер Бакрески** | 10-713/3 од 6-4-2023 год |
| 5. | **Филип Ицовски** | „Плуралистичка теорија за родот: транс перспектива“ | "A Pluralist Theory of Gender: A Trans Perspective" | **проф. д-р Боби Бадаревски** | 10-800/3 од 6-4-2023 год |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ

### 1. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на НС за прифаќа-ње на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Лилјана Богоевска Василевска | „Дигитална трансформација и автоматизација на финансиските административни процеси со примена на ERP системи за оценка на перформансите – студија на случај“ | „Digital transformation and automation of financial administrative processes using ERP systems for performance evaluation – A case study“ | Проф. д-р Елизабета Џамбаска | 29.08.2025 година, 02-974/2 |

Прилог бр. 2

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ (5.02) ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС, ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) (5.02.00.09) ДРУГО (ЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА), НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.7.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни, научни и наставно-стручни звања во научното поле (5.02) економија и бизнис, во наставно-научната област (5.02.00.09) друго (економска статистика), и врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот, бр. 02-527/1, донесена на 11.8.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Василка Поповска Треневска, редовен професор, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (економска статистика),
- д-р Коста Сотироски, редовен професор, Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола (економска статистика), и
- д-р Неда Петроска Ангеловска, редовен професор, Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (финансиски менаџмент).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни, научни и наставно-стручни звања во научното поле (5.02) економија и бизнис, во наставно-научната област (5.02.00.09) друго (економска статистика), во предвидениот рок се пријави д-р Самоил Малчески.

### 3. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Самоил Малчески е роден на 11.9.1983 год., во Прилеп, Република Македонија. Средно образование завршил во ДСУ Гимназија „Никола Карев“ во Скопје, во 2002 година. На 18.6.2007 година го одбранил својот дипломски труд под наслов: „Дисконтни пресметувања во функција на вреднување на акции и обврзници” на Економскиот факултет при Европскиот универзитет во Скопје, со што се стекнал со звањето дипломиран економист, каде што во предвидениот рок ги положил и сите испити со просечна оценка 9,781.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, за што има доставено соодветна потврда/сертификат издаден од English Speaking Board (International) Ltd., член на здружението АЛТЕ за ниво С1.

Во 2007 година се запишал на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што во предвидениот рок ги положил сите испити со просечна оценка 9,125. На 23.8.2010 година го одбранил својот магистерски труд под наслов: „Реформа на јавните комунални претпријатија во Република Македонија – форми и модели на реализација“, со што се стекнал со звањето магистер на економски науки. Во 2012 година се запишал на постдипломски студии по финансиска математика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што во предвидениот рок ги положил сите испити со просечна оценка 9,83. На 19.9.2016 година го одбранил својот магистерски труд под наслов: „Строго конвенсни 2-нормирани простори“, со што се стекнал со звањетп магистер на математички науки од областа на финансиската математика.

На 7.2.2013 година, на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со успех ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Улогата на семејните бизниси во економијата на Република Македонија“ и се стекнал со звањето доктор на економски науки. Докторатот е во областа на економија и бизнис и економска статистика.

На 26.8.2016 година е избран во звањето доцент на Универзитетот „Евро-Балкан“ во Скопје, во областите применета економија (50302) и економска статистика (50327). На 8.7.2019 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за економија и организација на претприемништво при Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе го потврдува изборот во звањето доцент во областите применета економија (50302) и економска статистика (50327).

Во моментот е вработен на Факултетот за економија и организација на претприемништво при Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе како вонреден професор во областите применета економија и економска статистика. Рефератите за избор се објавени во Билтен бр. I/65 од 5.8.2016 година при Универзитет „Евро-Балкан“ во Скопје и Билтен бр. 84 од 1.7.2019 година и бр. 102/21 од 26.2.2021 година при Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во посочените билтени, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за економија и организација на претприемништво, Меѓународен славјански универзитет во Свети Николе, кандидатот д-р Самоил Малчески изведува настава на прв циклус студии на студиските програми Менаџмент и претприемништво и Финансии и банкарство. Исто така, кандидатот изведува настава на прв циклус студии на студиските програми Компјутерски системи и мрежи, Софтверски технологии, Управување со отпад и Безбедност при работа на Факултетот за технички науки и информатика.

Кандидатот изведува настава и на втор циклус студии на студиските програми Маркетинг-менаџмент и Менаџмент со човечки ресурси во мали и средни претпријатија на Факултетот за економија и организација на претприемништво, и на Софтверски технологии, Компјутерски системи и мрежи и Управување со отпад на Факултетот за технички науки и информатика.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови.

Кандидатот е автор на повеќе рецензирани учебници, од кои би ги издвоиле:

- Р. Малчески, С. Малчески, К. Аневска; Методологија на научно-истражувачка работа; МЦСП Св. Николе, 2022, ISBN 978-608-4689-90-4
- Р. Малчески, С. Малчески; Статистика (второ изменето и дополнето издание); МЦСП Св. Николе, 2024, ISBN 978-608-65872-8-4

Исто така, тој учествувал со свое поглавје во книгата *Transformation and Efficiency Enhancement of Public Utilities Systems: Multidimensional Aspects and Perspectives*:

- S. Malcheski, J. Gjorcev: Chapter 2: Public Utility Systems in North Macedonia: State and Perspectives, IGI Global, 2023, ISBN 9781668477311 (ebook)

Кандидатот е автор и коавтор на стручни книги и научно-популарни статии во стручно-методски списанија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Самоил Малчески има објавено вкупно триесет и шест научни трудови. Десет се објавени по изборот за вонреден професор во 2021 година, и тоа:

- R. Malcheski, S. Malcheski: THREE THEOREMS ABOUT FIXED POINT FOR CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2020, 2021 ISBN 978-608-4904-09-0, p.13-21
- S. Malcheski, R. Malcheski, A. Malcheski: COMMON FIXED POINTS OF TWO Tf CHATTERJEA TYPE CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2020, 2021 ISBN 978-608-4904-09-0, p.33-38
- S. Malcheski, R. Malcheski, K. Anevska: COMMON FIXED POINTS FOR TWO Tf KANNAN TYPE CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2020, 2021 ISBN 978-608-4904-09-0, p.51-56
- С. Малчески: Компаративна анализа на политиките за претприемачко учење во Република Македонија и Европската Унија, Journal of scientific papers, 12 INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE "INTERNATIONAL DIALOGUE: East-West", Volume VIII, Number 1, April 2021, p. 27-36
- R. Malcheski, S. Malcheski: GENERALIZATION OF A REICH-TYPE CONTRACTIVE MAPPING IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2022, 2023 ISBN 978-608-4904-04-5, p. 101-106

- S. Malcheski: COMMON FIXED POINTS OF TWO Tf REICH-TYPE CONTRACTIONS IN COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2022, ISBN 978-608-4904-04-5, p. 95-100
- Malcheski, S.: Statistical analysis of stockbreeding production in Republic of Macedonia in the period from 1999-2020, МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година IX, број 1, јуни 2022, стр. 21-33
- Malcheski, S.: Changes in the structure of employees in the Republic of Macedonia in the period 2004-2016, conditions and implications, МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година VIII, број 1, април 2021, стр. 11-25
- Samoil Malcheski, Dimitar Atanasovski: COMPARATIVE STATISTICAL ANALYSIS OF EMPLOYMENT IN THE SECTORS OF EDUCATION, HEALTH AND SOCIAL WORK, PUBLIC ADMINISTRATION AND DEFENSE, MANDATORY SOCIAL PROTECTION, «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА), Година 10, Број 1, јуни 2023, ISSN (принт) 1857-9299, p. 21-28
- Samoil Malcheski, Blagoja Spirkoski, Risto Malcheski: MACROECONOMIC ANALYSIS OF SOME INDICATORS OF MACEDONIAN ECONOMY IN THE PERIOD OF 2000-2020, Economic Development, Year. 24 No. 2/2022, ISSN 1857-7741, p. 136-155

Кандидатот има остварено повеќе секциски предавања на научни и стручни собири.

**Стручно-применувачка и дејност од поширок интерес**

Од приложената документација може да се увиди и дека кандидатот д-р Самоил Малчески членувал и во органи и тела, како и тела во рамките на универзитетите и нивните придружни членки. На Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе, кандидатот активно се вклучува во работата на стручните тела и комисии, а од јануари 2020 година е член на Сенатот на Универзитетот.

Кандидатот д-р Самоил Малчески остварил експертски активности во повеќе домашни и меѓународни здруженија и фондации во областа на применетата економија, економската статистика и претприемништвото. Активно е вклучен во работата на: Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, УНДП МК, ИРЗ Тетово, MIR-фондација Скопје, CEED Македонија, како и во работата на Македонската развојна фондација за претпријатија со седиште во Куманово.

Д-р Самоил Малчески активно бил вклучен во работата на стручните комисии во Сојузот на математичари на Македонија и Сојузот на математичари „Армаганка“, бил и заменик-лидер на македонскиот тим кој се натпреварувал на неколку балкански математички олимпијади.

Во изборниот период, д-р Самоил Малчески учествувал во повеќе меѓународни и домашни проекти, а бил и ангажиран како надворешен експерт за оценување на предлог проекти и/или периодични или конечни извештаи од одобрени проекти, како и апликации за акредитации во рамките на програмата ЕРАСМУС ПЛУС (2021 – 2027) и Европскиот солидарен корпус (2021 – 2027) од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а бил и дел од тимот на евалуатори на Фондот за иновации и технолошки развој.

Кандидатот е и лиценциран вештак со лиценца издадена од Министерството за правда при Владата на Република Македонија од областа на економија и финансии.

Д-р Малчески е член на Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и развој при Министерството за образование и наука со мандатен период 2024 – 2027 година.

Исто така, кандидатот е член и на повеќе стручни организации.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Самоил Малчески има позитивна оценка за неговата работа од страна на анкетираните студенти согласно со спроведената самоевалуација за предметите кои ги предава на Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Самоил Малчески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Самоил Малчески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научното поле (5.02) економија и бизнис, во наставно-научната област (5.02.00.09) друго (економска статистика).

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, д-р Самоил Малчески да биде избран во звањето **доцент во научното поле (5.02) економија и бизнис, во наставно-научната област (5.02.00.09) друго (економска статистика).**

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Василка Поповска Треневска, редовен професор, Факултет за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.
2. Проф. д-р Коста Сотироски, редовен професор, Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, с.р.
3. Д-р Неда Петроска Ангеловска, редовен професор, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
Самоил Ристо Малчески
**Институција:**
Институт за сточарство и рибарство во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:**
(5.02.00.09) ДРУГО (ЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,781.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,125 и 9,83. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: (5) општествени науки.<br>Поле: (5.02) економија и бизнис.<br>Подрачје: (5.02.00.09) друго (економска статистика). | да |
| 3 | Објавени најмалку четири рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Economic Development, Year. 24 No. 2/2022, ISSN 1857-7741<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: MACROECONOMIC ANALYSIS OF SOME INDICATORS OF MACEDONIAN ECONOMY IN THE PERIOD OF 2000-2020<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1.Назив на научното списание: МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година VIII, број 1, април 2021<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): девет, Македонија (два), Србија (два), Бугарија (два), БИХ (еден), Руска Федерација (два)<br>3. Наслов на трудот: Компаративна анализа на политиките за претприемачко учењево Република Македонија и Европската Унија<br>4. Година на објава: 2021<br><br>1.Назив на научното списание: МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година VIII, број 1, април 2021<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): девет, Македонија (два), Србија (два), Бугарија (два), БИХ (еден), Руска Федерација (два)<br>3. Наслов на трудот: Changes in the structure of employees in the Republic of Macedonia in the period 2004-2016, conditions and implications<br>4. Година на објава: 2021 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1.Назив на научното списание: МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година IX, број 1, јуни 2022<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): десет, Македонија (три), Србија (два), Бугарија (два), БИХ (еден), Руска Федерација (еден), Хрватска (еден)<br>3. Наслов на трудот: Statistical analysis of stockbreeding production inRepublic of Macedonia in the period from 1999-2020<br>4. Година на објава: 2022<br><br>1.Назив на научното списание: МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година X, број 1, јуни 2023<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): единаесет, Македонија (четири), Србија (два), Бугарија (два), БИХ (еден), Руска Федерација (еден), Хрватска (еден)<br>3. Наслов на трудот: COMPARATIVE STATISTICAL ANALYSIS OF EMPLOYMENT IN THE SECTORS OF EDUCATION, HEALTH AND SOCIAL WORK, PUBLIC ADMINISTRATION AND DEFENSE, MANDATORY SOCIAL PROTECTION<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Наслов на книгата: Transformation and Efficiency Enhancement of Public Utilities Systems: Multidimensional Aspects and Perspectives<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: САД<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: IGI Global, 2023, ISBN 9781668477311 (ebook), USA | да |
| 3.5. | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: Proceedings of CODEMA 2020 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2.Назив на меѓународниот собир: 1st Congress of differential equations, mathematical analysis and applications<br><br>3.Имиња на земјите: Serbia, Bulgaria, Cyprus, Romania, Turkey, Albania, BIH, Croatia, Montenegro, Macedonia<br><br>4. Наслов на трудот: THREE THEOREMS ABOUT FIXED POINT FOR CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE<br><br>5. Година на објава: 2021<br><br><br>1.Назив на зборникот: Proceedings of CODEMA 2020<br><br>2.Назив на меѓународниот собир: 1st Congress of differential equations, mathematical analysis and applications<br><br>3.Имиња на земјите: Serbia, Bulgaria, Cyprus, Romania, Turkey, Albania, BIH, Croatia, Montenegro, Macedonia<br><br>4. Наслов на трудот: COMMON FIXED POINTS OF TWO Tf CHATTERJEA TYPE CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE<br><br>5. Година на објава: 2021<br><br><br>1.Назив на зборникот: Proceedings of CODEMA 2020<br><br>2.Назив на меѓународниот собир: 1st Congress of differential equations, mathematical analysis and applications<br><br>3.Имиња на земјите: Serbia, Bulgaria, Cyprus, Romania, Turkey, Albania, BIH, Croatia, Montenegro, Macedonia<br><br>4. Наслов на трудот: COMMON FIXED POINTS FOR TWO Tf KANNAN TYPE CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE<br><br>5. Година на објава: 2021<br><br><br>1.Назив на зборникот: Proceedings of CODEMA 2022<br><br>2.Назив на меѓународниот собир: 2nd Congress of differential equations, mathematical analysis and applications<br><br>3.Имиња на земјите: Serbia, Bulgaria, Cyprus, Romania, Turkey, Albania, BIH, Croatia, Montenegro, Macedonia, Slovenia | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: GENERALIZATION OF A REICH-TYPE CONTRACTIVE MAPPING IN A COMPLETE METRIC SPACE<br>5. Година на објава: 2023<br><br>1.Назив на зборникот: Proceedings of CODEMA 2022<br>2.Назив на меѓународниот собир: 2nd Congress of differential equations, mathematical analysis and applications<br>3.Имиња на земјите: Serbia, Bulgaria, Cyprus, Romania, Turkey, Albania, BIH, Croatia, Montenegro, Macedonia, Slovenia<br>4. Наслов на трудот: COMMON FIXED POINTS OF TWO Tf REICH-TYPE CONTRACTIONS IN COMPLETE METRIC SPACE<br>5. Година на објава: 2023 | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: ESB Level 2 Certificate in ESOL International All Modes (C1)<br>3. Издавач на документот: English Speaking Board (International) Ltd., член на здружението АЛТЕ<br>4. Датум на издавање на документот: 13.4.2022 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Василка Попоска Треневска, редовен професор, Факултет за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.

Д-р Коста Сотироски, редовен професор, Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, с.р.

Д-р Неда Петроска Ангеловска, редовен професор, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
Самоил Ристо Малчески
**Институција:**
Институт за сточарство и рибарство – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:** (5.02.00.09) друго (економска статистика)

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии (предавања)** | **52,2** |
| | Одржување настава на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Проектен менаџмент и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2020/2021 | 9 |
| | Одржување настава на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2021/2022 | 10.8 |
| | Одржување настава на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2022/2023 | 10.8 |
| | Одржување настава на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2023/2024 | 10.8 |
| | Одржување настава на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2024/2025 | 10.8 |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии (предавања)** | **11,25** |
| | Одржување настава на втор циклус на предметот Методологија на НИР Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2020/2021 | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| | Одржување настава на втор циклус на предметот Методологија на НИР Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2021/2022 | 2,25 |
| | Одржување настава на втор циклус на предметот Методологија на НИР Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2022/2023 | 2,25 |
| | Одржување настава на втор циклус на предметот Методологија на НИР Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2023/2024 | 2,25 |
| | Одржување настава на втор циклус на предметот Методологија на НИР Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2023/2024 | 2,25 |
| **3** | **Одржување на настава од прв циклус на студии (вежби)** | **37,8** |
| | Одржување вежби на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Проектен менаџмент и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2020/2021 | 6,75 |
| | Одржување вежби на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Проектен менаџмент и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2021/2022 | 6,75 |
| | Одржување вежби на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2022/2023 | 8,1 |
| | Одржување вежби на прв циклус на предметите: Математика за бизнис, Математика, Статистика, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе и Битола – учебна 2023/2024 | 8,1 |
| | Одржување вежби на прв циклус на предметите Математика за бизнис, Математика, Статистика, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис и Управување со ризици, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе – учебна 2024/2025 | 8,1 |
| **4** | **Подготовка на нов предмет** | **13,5** |
| | Подготовка на нов предмет (предавања) – Математика за бизнис, Математика, Статистика, Статистичка математика, Проектен менаџмент, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис, Управување со ризици и Методологија и научна теорија на Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе | 9 |
| | Подготовка на нов предмет (вежби) – Математика за бизнис, Математика, Статистика, Статистичка математика, Проектен | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | менаџмент, Претприемништво, Менаџмент на мал бизнис, Управување со ризици и Методологија и научна теорија на Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе | |
| **5** | **Консултации со студенти** | **1,48** |
| | Консултации со студенти (учебна 2020/2021) | 0,28 |
| | Консултации со студенти (учебна 2021/2022) | 0,3 |
| | Консултации со студенти (учебна 2022/2023) | 0,3 |
| | Консултации со студенти (учебна 2023/2024) | 0,3 |
| | Консултации со студенти (учебна 2023/2024) | 0.3 |
| **6** | **Ментор на дипломски работи** | **4** |
| **7** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **1,8** |
| **8** | **Член во комисија за оцена и одбрана на магистерски труд** | **3** |
| **9** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник (коавтор)** | **9** |
| | Р. Малчески, С. Малчески, К. Аневска; Методологија на научно-истражувачка работа; МЦСП Св. Николе, 2022, ISBN 978-608-4689-90-4 | 6 |
| | Р. Малчески, С. Малчески; Статистика (второ изменето и дополнето издание); МЦСП Св. Николе, 2024, ISBN 978-608-65872-8-4 | 3 |
| **10** | **Интерна скрипта од предавања** | **8** |
| | Самоил Малчески; Предавања по Управување со ризици, МСУ Св. Николе, 2023 | 4 |
| | Самоил Малчески; Предавања по Претприемништво, МСУ Св. Николе, 2023 | 4 |
| **11** | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание**<br>- S. Malcheski: Digital transformation in small and medium-sized enterprises: need, myths, reality, possibilities, Skills4Future, 2022<br>- S. Malcheski: Cutting of geometric figures, M+ број 1, 2021<br>- С. Малчески: Математика во правоаголна мрежа, armaganka.org.mk, 2021<br>- С. Малчески: Движење во лавиринти, armaganka.org.mk, 2021<br>- С. Малчески: Времето е важно, armaganka.org.mk, 2021<br>- С. Малчески: Енегелов принцип на минимум, Математички талент, 2021<br>- С. Малчески: Равенки и неравенки со непозната и под знак на апсолутна вредност, Математички талент, 2021<br>- С. Малчески: Неравенства меѓу средините и примена, Математички талент, 2021 | **26** |

| | | |
|---|---|---|
| | - С. Малчески, Р. Малчески: Принцип на Дирихле 2, Математички талент, 2021<br>- С. Малчески, М. Поповска: Диофантови равенки од повисок ред – 2, Математички талент, 2021<br>- М. Поповска, С. Малчески: Диофантови равенки од повисок ред – 1, Математички талент, 2021<br>- Р. Малчески, С. Малчески: За секого по нешто, Математички талент, 2022<br>- С. Малчески: Една задача повеќе начини на решавање, Математички талент, 2022<br>- С. Малчески: Признаци за деливост, Математички талент, 2022<br>- С. Малчески: Одбрани задачи од теорија на броеви, Математички талент, 2022<br>- С. Малчески, В. Зенга-Малческа: Подготвителни задачи за математички олимпијади – теорија на броеви, Математички талент, 2022<br>- С. Малчески: Збирови на првите n природни броеви, нивните квадрати и нивните кубови, Математички талент, 2022<br>- Р. Малчески, С. Малчески: Логички задачи на математичките натпревари, Математички талент, 2023<br>- Р. Малчески, С. Малчески: Неравенство на Карамата, Математички талент, 2023<br>- С. Малчески: Неравенство на Коши-Буњаковски-Шварц и негова примена, Математички талент, 2023<br>- Д. Велинов, С. Малчески: Некои карактеристични олимписки задачи од функционални равенки, Математички талент, 2024<br>- Д. Велинов, С. Малчески: Одбрани олимписки задачи од алгебра, Математички талент, 2024<br>- Д. Велинов, С. Малчески: Одбрани олимписки задачи од геометрија, Математички талент, 2024<br>- С. Малчески: Решаваме логички задачи, Математички талент, 2024<br>- С. Малчески, Д. Велинов: Одбрани олимписки задачи од комбинаторика, Математички талент, 2024<br>- С. Малчески, Д. Велинов: Олимписки задачи од теорија на броеви, Математички талент, 2024 | |
| | **Вкупно** | **168,03** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која...**<br>- Samoil Malcheski, Blagoja Spirkoski, Risto Malcheski: MACROECONOMIC ANALYSIS OF SOME INDICATORS OF MACEDONIAN ECONOMY IN THE PERIOD OF 2000-2020, Economic Development, Year. 24 No. 2/2022, ISSN 1857-7741, p. 136-155 (Ebsco) | 4 |
| 2 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија:**<br>- R. Malcheski, S. Malcheski: THREE THEOREMS ABOUT FIXED POINT FOR CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2020, 2021 ISBN 978-608-4904-09-0, p.13-21<br>- S. Malcheski, R. Malcheski, A. Malcheski: COMMON FIXED POINTS OF TWO Tf CHATTERJEA TYPE CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2020, 2021 ISBN 978-608-4904-09-0, p.33-38<br>- S. Malcheski, R. Malcheski, K. Anevska: COMMON FIXED POINTS FOR TWO Tf KANNAN TYPE CONTRACTIONS IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2020, 2021 ISBN 978-608-4904-09-0, p.51-56<br>- С. Малчески: Компаративна анализа на политиките за претприемачко учење во Република Македонија и Европската Унија, Journal of scientific papers, 12 INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE "INTERNATIONAL DIALOGUE: East-West", Volume VIII, Number 1, April 2021, p. 27-36<br>- R. Malcheski, S. Malcheski: GENERALIZATION OF A REICH-TYPE CONTRACTIVE MAPPING IN A COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2022, 2023 ISBN 978-608-4904-04-5, p. 101-106<br>- S. Malcheski: COMMON FIXED POINTS OF TWO Tf REICH-TYPE CONTRACTIONS IN COMPLETE METRIC SPACE, Proceedings of CODEMA 2022, ISBN 978-608-4904-04-5, p. 95-100<br>- Malcheski, S.: Statistical analysis of stockbreeding production in Republic of Macedonia in the period from 1999-2020, МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година IX, број 1, јуни 2022, стр. 21-33<br>- Malcheski, S.: Changes in the structure of employees in the Republic of Macedonia in the period 2004-2016, conditions and implications, МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД, година VIII, број 1, април 2021, стр. 11-25<br>- Samoil Malcheski, Dimitar Atanasovski: COMPARATIVE STATISTICAL ANALYSIS OF EMPLOYMENT IN THE SECTORS OF EDUCATION, HEALTH AND SOCIAL WORK, PUBLIC ADMINISTRATION AND DEFENSE, MANDATORY SOCIAL | 46 |

| | | |
|---|---|---|
| | PROTECTION, «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА), Година 10, Број 1, Јуни 2023, ISSN (принт) 1857-9299, p. 21-28 | |
| 3 | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД**<br><br>Transformation and Efficiency Enhancement of Public Utilities Systems: Multidimensional Aspects and Perspectives<br><br>S. Malcheski, J. Gjorcev: Chapter 2: Public Utility Systems in North Macedonia: State and Perspectives, IGI Global, 2023, ISBN 9781668477311 (ebook) | **6** |
| 4 | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **6** |
| 5 | **Одржано предавање по покана на универзитет** | **1** |
| | **Вкупно** | **63** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Книга од стручна област:**<br><br>- Samoil Malceski and oth.: International Mathematical Competition "KANGAROO" (1st, 2nd and 3rd grade); Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-19-9<br>- Samoil Malceski and oth.: International Mathematical Competition "KANGAROO" (4th and 5th grade); Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-14-4<br>- Samoil Malceski and oth.: International Mathematical Competition "KANGAROO" (6th and 7th grade); Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-15-1<br>- Samoil Malceski and oth.: International Mathematical Competition "KANGAROO" (8th and 9th grade); Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-16-8<br>- Samoil Malceski and oth.: International Mathematical Competition "KANGAROO" (1st and 2nd year); Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-17-5<br>- Samoil Malceski and oth.: International Mathematical Competition "KANGAROO" (3rd and 4th year); Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-18-2<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list JMMO 2019; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-21-2 | **119** |

| | | |
|---|---|---|
| | - Samoil Malceski and oth.: Problem short list JMMO 2018; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-25-0<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list JMMO 2017; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-26-7<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list MMO 2019; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-24-3<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list MMO 2018; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-22-9<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list MMO 2017; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-23-6<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list FMC 2020 (Senior) ; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-27-4<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list FMC 2020 (Junior) ; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-28-1<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list FMC 2019 (Senior) ; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-29-8<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list FMC 2019 (Junior) ; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-30-4<br>- Samoil Malceski and oth.: Problem short list BMO 2017; Armaganka 2021, ISBN 978-608-4904-31-1 | |
| **2** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија**<br>- Вешт наод и мислење (20)<br>- Фонд за иновации и технолошки развој (20 евалуации)<br>- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (37 евалуации)<br>- МОН (1 евалуација) | **78** |
| **3** | **Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот (одговорен проектант)**<br>• Samoil Malcheski Ph.D. and oth. - Analysis of barriers for SMEs – EU IPA project “Innovation hub”, 2020<br>• Samoil Malcheski Ph.D. and oth - GAP analysis – EU IPA project “Innovation hub”, 2020<br>• Самоил Малчески, Сашо Велковски – Студија за потребите, можностите и условите на алтернативни извори на финансирање во Република Македонија, Фондација за развој на мали и средни претпријатија – Куманово, проект финансиран од Министерство за економија, 2021 | **6** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1** | **Уредник на научно/стручно списание**<br>- Математичка искра, Просветно дело АД – Скопје | **2** |
| **2** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>- Член на организационен одбор на CODEMA 2022<br>- Член на организационен одбор на CODEMA 2022 | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | **Член на Универзитетски сенат, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе и Битола** | **2** |
| **4** | **Член на Универзитетска комисија**<br>- Комисија за самоевалуација на Универзитетот „Евро-Балкан“ во Скопје<br>- Комисија за уписи на Универзитетот „Евро-Балкан“ во Скопје | **2** |
| **5** | **Член на факултетска комисија**<br>- Комисија за самоевалуација<br>- Комисија за изработка на елаборати за нови студиски програми (пет комисии)<br>- Комисија за признавање на испити | **3,5** |
| **6** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>- Член на Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и развојот при Министерство за образование и наука | **1** |
| | **Вкупно** | 215,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **168,03** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **63** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **215,5** |
| **Вкупно** | **446,53** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Д-р Василка Попоска Треневска, редовен професор, Факултет за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**
2. **Д-р Коста Сотироски, редовен професор, Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, с.р.**
3. **Д-р Неда Петроска Ангеловска, редовен професор, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДНО ЛИЦЕ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/ АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за сточарство и рибарство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.7.2025 година, за избор на (1) едно лице во соработничко звање – асистент/асистент истражувач во наставно-научната област економика на земјоделството (4.05.01.01), и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-517/1, донесена на 7.8.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ведад Фалан, вонреден професор на Земјоделско-прехранбениот факултет на Универзитетот во Сараево, д-р Емељ Туна, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Даниела Беличовска, редовен професор на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на едно лице во соработничко звање – асистент/асистент истражувач во наставно-научната област економика на земјоделството, во предвидениот рок се пријави м-р Давид Салтамарски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Давид Салтамарски е роден на 8.9.1994 година во Скопје. Средно образование завршил во СУГС „Никола Карев” во Скопје. Дипломирал на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на 3.7.2017 година, на студиската програма Агроекономика, со среден успех 8,51.

Во академската 2014/2015 година се здобил со стипендија од трета група стипендии за студенти од страна на Министерството за образование и наука.

Во учебната 2018/2019 година се запишал на втор цикклус (магистерски) студии на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил со просечна оценка 8,71 и на 7.10.2020 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: *Особеностите на надворешнотрговската размена на Република Северна Македонија, со осврт на состојбите во винскиот сектор*. Кандидатот по завршувањето на двата циклуса се стекнал со 302 ЕКТС-кредити.

Во моментот е докторанд на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Докторската дисертација ќе обработува тема од областа на агроекономијата.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. Од компјутерските вештини, има познавање на Microsoft-пакетот.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот м-р Давид Салтамарски има стекнато повеќегодишно искуство во наставно-образовната дејност. Во август 2021 година се вработил на Факултетот за бизнис економија, каде што работел до февруари 2022 година, кога заминал на студиски престој во Полска. По завршувањето на студискиот престој, во мај 2023 година повторно е ангажиран како предавач на

Високата школа – Факултет за бизнис економија во Скопје, каде што држи настава по повеќе предмети и активно работи со студенти, стекнувајќи значајно предавачко искуство.

Во зимскиот семестар од академската 2024/2025 година, кандидатот е ангажиран како надворешен предавач на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, при Факултетот за дентална медицина, каде што изведува вежби по предметот Основи на биостатистика.

Од 7.3.2025 година е вработен на Високата школа „Бизнис академија Смилевски“, каде што моментално работи како предавач. Кандидатот има тригодишно искуство во високообразовната дејност, што претставува основа за понатамошен развој во академската средина.

М-р Давид Салтамарски има објавено вкупно четири научни труда, од кои два се објавени во меѓународни научни списанија, а два во зборници од меѓународни научни конференции:

- Saltamarski, D. (2024). *(Non)ethical aspects in writing scientific papers with the help of artificial intelligence.* XIII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment (EBSiDE 2024), Conference Proceedings, pp. 381–394.
- Saltamarski, D. (2023). *Strategies for risk mitigation in the supply chain system.* Southeast European Review of Business and Economics, 4(2), 81–99.
- Saltamarski, D. (2022). *Wine trade dynamics of North Macedonia.* XII International Conference on Economy, Business and Society in Digitalized Environment, Prilep, Conference Proceedings, SERBE Journal, pp. 775–788.
- Saltamarski, D. (2021). *Wine sector analyzed through PESTLE analysis as a part of the strategic management.* Journal of Sustainable Development, 11(27), 75–86.

Кандидатот активно учествувал на следните меѓународни конференции:

- XII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment – 2022;
- XIII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment – 2024.

Кандидатот е учесник во меѓународниот COST-проект: „Critical perspectives on career and career guidance (COCAG)“ (COST Action CA23112), кој се реализира во периодот 2024 – 2028 година.

Во текот на магистерските студии, м-р Давид Салтамарски реализирал студиски престој на Факултетот за социјални науки при Карловиот универзитет во Прага, Чешка Република (13 јули – 3 август 2019), во рамки на летна студиска програма организирана од Американскиот институт за политика и економија, за што се здобил со 9 ЕКТС-кредити.

Во текот на докторските студии, остварил двосеместрален студиски престој на Универзитетот во Ополе, Полска (февруари – јуни 2022 и октомври 2022 – февруари 2023), при што ги има положено предметите: Квантитативни истражувачки методи, Методологија на истражување во општествените науки и Претприемништво и иновации. Овие предмети се признати како компатибилни со студиската програма, а воедно му е признаена и активноста за меѓународна мобилност.

Во 2024 година, кандидатот учествувал на две обуки на Универзитетот во Халмштад, Шведска (26 – 30 август и 23 – 27 септември), фокусирани на теми од областа на дигитализацијата.

Во 2016 година, м-р Давид Салтамарски бил вклучен во проект на Јапонската меѓународна агенција за соработка (JICA).

Во периодот од септември 2019 до декември 2020 година е вработен како агроекономист во винаријата „Тиквеш“ – М6-групација. Во рамките на оваа позиција, работи на изработка на калкулации за лозарско производство, подготвува анализи за садење и активно учествува во тимот задолжен за подготовка на проекти во рамките на ИПАРД-програмата. Со ова стекнува практично искуство и експертиза во областа на агроекономијата.

Благодарение на своето стручно, научно и практично искуство, кандидатот има потенцијал за понатамошен придонес во наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација за севкупната активност на кандидатот од почетокот на кариерата, Рецензентската комисија заклучи дека м-р Давид Салтамарски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, Законот за научноистражувачката дејност и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент истражувач во наставно-научната област економика во земјоделството.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, м-р Давид Салтамарски да биде избран во звањето асистент истражувач во наставно-научната област економика во земјоделството.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Ведад Фалан, с.р.**

-----------------------------------------

2. **Проф. д-р Емељ Туна, с.р.**

----------------------------------------

3. **Проф. д-р Даниела Беличовска, с.р.**

---------------------------------------

**ОБРАЗЕЦ 1**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

**Кандидат: Давид Салтамарски**
**Институција: Институт за сточарство и рибарство – Скопје**
**Научна област: економика на земјоделството**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер на економски науки | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,51.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,71. | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.7.2025 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Ведад Фалан, с.р.**

-----------------------------------

2. **Проф. д-р Емељ Туна, с.р.**

----------------------------------

3. **Проф. д-р Даниела Беличовска, с.р.**

------------------------------------

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР
## НА СОРАБОТНИК ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот за избор на соработник истражувач во едно од наставно-научните звања од областа современ македонски јазик во ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ (г. LXXXI, бр. 26.459) и „Коха“ (XVIII, 5471) од 14 јули 2025 година и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот под број 02-377/1 од 4.9.2025 година, а по Пријавата на д-р Марија Пандева, е формирана Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лидија Тантуровска, редовен профсор/научен советник во ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје, проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова, редовен професор/научен советник во ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје, проф. д-р Александра Ѓуркова, редовен професор/научен советник во ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на соработник истражувач во сите наставно-научни звања на научната област современ македонски јазик, во предвидениот рок се пријави д-р Марија Пандева. Кон Пријавата, кандидатката ги поднесе потребните документи во согласност со Законот за научноистражувачка дејност и со подзаконските акти.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Марија Пандева е родена на 13.9.1994 г. во Скопје. Со високо образование се стекна на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 31.10.2017 година. Дипломира на Катедрата за романски јазици, на групата Шпански јазик и книжевност, со просечен успех 9,79, како дипломиран преведувач од шпански на македонски и од македонски на шпански јазик. На 22.11.2019 година дипломира и на Катедрата за македонски јазик, со просечен успех 9,73, како дипломиран професор по македонски јазик и книжевност.

Кандидатката активно се служи и со: англискиот јазик, шпанскиот јазик, како и со: францускиот и рускиот јазик.

Во учебната 2019/2020 година е запишана на втор циклус (магистерски) студии во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Студиите ги завршува во 2021 година со просечен успех 10. На 25.1.2021 година го одбрани магистерскиот труд, на тема: „Модалните глаголи во законодавно-правниот потстил на административниот функционален стил во македонскиот и во шпанскиот јазик“, изработен под менторство на проф. д-р Лидија Тантуровска.

Од учебната 2021/2022 е запишана на трет циклус (докторски) студии на групата Македонистика: применета лингвистика и македонистика на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, под менторство на проф. д-р Лидија Тантуровска.

На 88. редовна седница на 25.11.2023 година на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје ѝ е прифатена за изработка докторската дисертација „Да-конструкцијата во македонскиот и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик“, под менторство на проф. д-р Лидија Тантуровска. Докторската дисертација ја одбрани на 30.6.2025 година и се стекна со звањето **доктор по хуманистички науки** на групата: Македонистика: применета лингвистика и македонистика, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Научноистражувачка дејност

Целта на истражувањето во **докторската дисертација** „Да-конструкцијата во македонскиот и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик“ е анализа на да-конструкцијата и на нејзината застапеност во македонскиот јазик, преку модалноста и фазноста (со нивните значења), со нејзината еквивалентост во шпанскиот јазичен систем (преку индикативот и субјунктивот), преку контрастивна анализа. Одделен предизвик е анализата на независната употреба на да-конструкцијата во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик, во овој тип реченици.

Од направената анализа се сумира дека да-конструкцијата во македонскиот јазик е составена од партикулата *да* и глагол, најчесто во сегашно или минато определено и неопределено време, при што партикулата *да* се граматикализирала и станала граматички показател што го модифицира глаголот на синтаксички план. Оваа појава се смета за балканизам. Во синтаксата за да-конструкцијата постојат неколку термини: оптатив-субјунктив, субјунктив, конјуктив. Да-конструкцијата се употребува со модални и со фазни глаголи, потоа во одречни форми на некои времиња и начини, како и во зависни дел-реченици, а употребена самостојно изразува: желба, молба, заповед, кон што се додава дека се среќава и во клетви (Минова-Ѓуркова 2000).

Со контрастивна анализа на употребата на да-конструкцијата се доаѓа до нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик. Во шпанскиот јазик се анализираат посебните глаголски форми за искажување на индикативот и на субјунктивот. Се анализираат инфинитивните форми, кои се делат во три групи, според нивните завршоци (–AR, на –ER и на –IR). Според RAE (2010: 495), инфинитивот, традиционално се смета за хибридна форма што има именски и глаголски својства. За потребите на докторската дисертација се анализира глаголскиот инфинитив, кој е еден од еквивалентите на да-конструкцијата во македонскиот јазик, особено при искажувањето на фазноста и на модалноста преку фазни и модални глаголи.

Во дисертацијата одделно место се отстапува за независната да-конструкција во македонскиот јазик, која се употребува за искажување различни модални значења, како желби, наредби, забрани, поттикнувања, претпоставки и други модални варијанти, при што се наведува дека најчестиот еквивалент на независната да-конструкција се формите на субјунктивот, со што се потврдува претпоставката дека партикулата *да* во македонскиот јазик се граматикализирала и добила модално значење.

Се сумира дека еквивалентите на да-конструкцијата се формите на инфинитивот или на субјунктивот, во зависност од употребата. Во комбинација со модални и фазни глаголи, инфинитивот е еквивалент на да-конструкцијата, додека еквиваленти на независната да-конструкција (со која се искажуваат: оптативни, императивни, прохибитивни, хортативни, презумптивни и други модални значења) се формите на

субјунктивот. Од добиените резултати се отвора простор и за понатамошни истражувања на оваа тема, особено ако ги бараме еквивалентите на одредени конструкции карактеристични за шпанскиот јазик во македонскиот јазик.

Преку независната да-конструкција се искажуваат благословите (сместени во сферата на оптативот), како и клетвите, па се заклучува дека во македонскиот јазик за искажување на благословите и на клетвите најчесто се користи да-конструкцијата (иако во некои случаи се среќава и модалната честичка *нека*). Да-конструкцијата најчесто е составена од глагол во сегашно време, но се среќава и во минато несвршено време и во комбинација со честичката *би*, со што се добива кондиционалот. Како во македонскиот, така и во шпанскиот, се употребуваат благословите, во кои се истакнува дека глаголските времиња се со идна проекција, како и клетвите, па се заклучува дека во шпанскиот јазик, речиси во сите случаи се користи сегашното време од субјунктивот и за искажувањето на клетвите и на благословите иако, многу ретко, се среќава и сегашното време од индикативот.

Во дисертацијата се разработува и *одречната да-конструкција* во македонскиот јазик, потоа се додадени за анализа и конструкциите, *како да* и *ќе да*, кои искажуваат посебни модални значења.

Со оглед на фактот што во шпанскиот јазик, за искажување прохибитив, односно за давање забрана или препорака да не се направи нешто, се користат формите на субјунктивот, се наведува дека не постојат посебни форми за искажување на одречниот императив во второ лице, односно посебните форми за императив (*ven, sal, haz*) не можат да се искористат за искажување прохибитив *(*no ven, *no sal, *no haz*) и се користат формите на субјунктивот (*no vengas, no salgas, no hagas*) (RAE 2010: 798).

Кон овие конструкции, на крајот се додава и конструкцијата *без да*, која се појавува во зависносложени реченици. За еквиваленти на оваа конструкција (*без да*) во шпанскиот јазик се наведуваат предлогот *sin* + *инфинитив* и конструкција *sin que*, која се користи во зависносложени реченици и по неа следува глагол во субјунктив.

Треба да се подвлече дека трудот ги изразува јазичните особености на македонскиот јазик во споредба со шпанскиот јазик, на современ план. Според барањата, кандидатката извршила анализа на материјалот во рамките на граматиката, на семантиката, па и на стилистиката во даден(и) контекст(и) на македонскиот и на шпанскиот јазик, како на синхрониски, така и на дијахрониски план.

Предмет на научното истражување во **магистерската теза** на тема: „Модалните глаголи во законодавно-правниот потстил на административниот функционален стил во македонскиот и во шпанскиот јазик“ се модалните глаголи: *може, смее, мора, треба* и нивната употреба во јазикот како дел од модалноста и начините на нејзиното искажување во одделната сфера на општествената комуникација во рамките на административниот функционален стил, односно поконкретно во законодавно-правниот потстил.

Од научноистражувачката работа на д-р Марија Пандева врз модалноста во кривичните законици произлезе и се објави истоимениот монографски труд под наслов „Модалноста во кривичните законици: македонско-шпански паралели“, Книгоиздавателство Ми-Ан, Скопје, во 2024 година. Јазичната анализа е направена врз корпус од примери од правни текстови (се земени по еден законик и по еден закон од македонското и од шпанското кривично (казнено) право: Кривичниот законик на Република Македонија, Законот за кривична постапка на Република Македонија, Кривичниот законик на Кралството Шпанија и Законот за казнено-поправна постапка на Кралството Шпанија), со чија споредбеност се следи честата употреба на модалните глаголи: *може, смее, мора, треба* и нивната улога во два(та) јазици, различниот степен на директивноста што се искажува со модалноста преку модалните глаголи во

состав со да-констуркциите (во македонскиот јазик), наспроти со инфинитивот (во шпанскиот јазик), каде што, како ретко каде, доаѓаат до израз особено нивните синтаксичките особености.

Следено според години, во продолжение ги наведуваме објавените трудови на д-р Марија Пандева.

**Во 2025 година** д-р Пандева учествува на две меѓународни конференции и ги има објавено следите трудови: „Наставата по македонски јазик на далечина според наставните програми на Московскиот државен универзитет Ломоносов“, *Актуелни теориско-методолошки проблеми на истражувањето и на наставата по словенските јазици, книжевности и култури III: меѓународна научна конференција на Комисијата за настава на словенските јазици и книжевности на Меѓународниот славистички комитет: Скопје, 3 и 4 јуни 2022 г.*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, во рамките на Комисијата за настава на словенските јазици и книжевности на Меѓународниот славистички комитет, како и: „Интерполации или меѓустил: јазикот во творештвото на Ристо Лазаров“. *Зборник на трудови од научниот собир „Јазикот во уметничката литература“ одржан на 17 – 18 септември 2025 година*, 18–25, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во соавторство со Карапејовски Бобан).

**Во 2024 година** д-р Марија Пандева има учествувано на четири меѓународни конференции и има објавено пет труда (самостојно и во соавторство): „Именувањето на нештата и на ликовите од магичниот свет на Хари Потер – преведувачки постапки“ *Дванаесетти научен собир на млади македонисти: конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова 29–30 мај 2023,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“; „Модалноста во прозата на Конески“, Филолошки читања: Јазикот и стилот на „Блаже Конески“, 45–51, Скопје: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“; „Ставот на Мисирков за македонскиот јазик низ призмата на модалноста“, *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања* I, зборник на трудови од VIII меѓународна научна конференција одржана во Скопје, 28 – 29 јуни 2023 г., 293–299, Скопје: Институт за македонски јазик; „Мисирков, Рацин и Шопов во дигиталниот простор: состојби и перспективи“, *50. Меѓународна научна конференција на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје, одржана во Охрид, 1 – 3.9.2023 година, 48–60*, Скопје: УКИМ (во соавторство со Антевска Марија и Павлова Андријана); „Религиозната лексика во народните приказни“, *Зборник на трудови од проектот „Лексиката во народната проза“*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

**Во 2023 година** д-р Марија Пандева учествува на 5 научни конференции. Автор е на 10 научни трудови објавени во зборници и во списанија од областа на македонистиката, хиспанистиката и славистиката. Кандидатката ги има објавено следните научни трудови (статии, хрорники, прикази): „Хроника за XII научен собир млади македонисти. Конфереција во чест на д-р Лилјана Минова-Ѓуркова“, *Литературен збор* 1–3, 133–136, Скопје; „Клетвите во македонската народна проза“, *Philological studies 21, 2*; „Фазните глаголи во преводот на „Дон Кихот“ од шпански на македонски јазик“, *Единаесетти научен собир на млади македонисти, Конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова*, 49–58, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“; „Јазичната територија како лингвистички простор: показните заменки и членот како деиктички маркери во македонскиот и во шпанскиот јазик“, *Македонски*

*јазик*, Скопје: Институт за македонски јазик. (во соавторство со Карапејовски Бобан); „Хроника за XII научен собир Млади македонисти (Конфереција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова)“, *Литературен збор 1-3*, 133–137. Скопје; „Употребата на да-конструкцијата со модалните и со фазните глАголи во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик“, *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2022/2023, 47/48,* 360–367, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“; „Субјунктивот во клетвите и во благословите во македонскиот и во шпанскиот јазик“, *Македонскиот јазик – извор на научни проучувања, Зборник на трудови од VII меѓународна научна конференција при ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје*, 151–159, Институт за македонски јазик, Скопје; „Скица за граматика на македонскиот литературен јазик врз примери од македонската литература од 1952 год. до 2022 г. (по стапките на Блаже Конески и современите граматички теории)“, *Зборник на трудови од XLIX меѓународна научна конференција во организација на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ, одржана во Охрид, 4 и 5 септември 2022*, 5-13, УКИМ, Скопје. (во соавторство со Пандев Димитар и Карапејовски Бобан); „Што сака да ни раскаже нараторот? (модалноста на глаголот сака + да-конструкција во македонскиот и неговите еквиваленти во други словенски јазици)“, *Zbliževanja in odmiki: medkulturni stiki v slovanskih jezikih in literaturah, 10. Simpozij mladih slavistov – Philoslavica 2022*, 79-90, Словенија: Љубљана; Пандева Марија. 2023. „Придонесот на Рина Усикова во истражувањатана модалноста во македонскиот јазик“, Stephanos, Project of Philological faculty of Lomonosov MSU, Russia: Moscow. http://www.stephanos.ru/izd/2023/2023-58-11.pdf

**Во 2022 година** ги има објавено следните научни трудови во списанија и зборници со меѓународни одбори: „Да-конструкцијата во македонскиот јазик наспроти инфинитивот во шпанскиот“, *Литературен збор, 1-3, година LXIX*, стр. 61–68, Скопје; „Хроника за лингвистичкаа секција на 49. Меѓународна конференција на МСМЈЛК при УКИМ“, *Литературен збор, 4-6, година LXIX*, стр.149-752. Скопје; „Семантичкото поле „животни“ во македонските народни приказни“, *Македонски јазик*, стр. 167–174. Скопје; „Кон „Јазичен бележник II“ од Лидија Тантуровска“, *Македонски јазик*, стр. 209–212. Скопје; „LV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (17 август – 2 септември 2022 година)“, *Македонски јазик*, стр. 253–256. Скопје; „*Модалните глаголи и модалните зборови кај Конески*“, 48 *Меѓународна конференција одржана на 3-4.9.2021 г., Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, 124-136, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје; „Конески во наставата по македонски јазик на Московскиот државен универзитет „Ломоносов“, *LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура Предавања / тркалезна маса „Блаже Конески во наставата по македонски јазик, литература и култура на странските универзитети“,* 182–185, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

**Во 2021 година**, кандидатката д-р Марија Пандева ги објавила следните трудови: „Модалниот спецификатор *не смее* во македонските кривични законици“ *Литературен збор 1-3*, 57–63, Скопје; „Охридскиот (градски) говор на социјалните мрежи“ *XLVII меѓународна научна конференција при Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура одржана во Охрид на 4 септември 2020 при Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, 89–96, УКИМ, Скопје (во соавторство со Пандев Димитар); „Инхоативноста во прозата на Конески наспроти неговата поезија“.

Во: *Уште едно навраќање кон Конески*, 353–381. Струмица: Општина Струмица; „Навраќањата на Конески“ Во: *Уште едно навраќање кон Конески*, 441–418. Струмица: Општина Струмица (во соавторство со Пандев Димитар); „Примената на некои современи лингвистички теории во граматичките проучувања на македонскиот јазик – определеност и модалност“, Во: *Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)*, 137–147. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во соавторство со Карапејовски Бобан). Во 2021 година кандидатката Пандева учествувала на шест меѓународни конференции. Трудовите од овие конференции се испечатени.

**Во 2020 година** д-р Пандева објавила шест трудови во зборници со меѓународни одбори. Тие се: „Разлики во преводите на Чехов на македонски јазик“, *Меѓународна конференција „Рускиот јазик, литература и култура: минато, сегашност и иднина“*. Скопје: Руски центар при УКИМ, 2020; „Модалните глаголи во Кривичниот законик на Република Македонија“. *Литарурен збор I-III*, 2020, 37–46; „Хроника за XLVII меѓународна научна конференција на LIII Летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура“. *Литературен збор IV-VI*. 2020, 169–173; „За некои особености на јазикот на Кирил Пејчиновиќ (номиналност и вербалност)“, Во: *Словата и словото: Зборник на трудови од Третиот Светиклиментов научен собир (2019),* 147–157. Скопје: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“. (во соавторство со Карапејовски Бобан); „Директното кажување со минато определено време (врз материјали од творештвото на Блаже Конески)“, Во: *Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања*, 183–192. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во соавторство со Карапејовски Бобан); „Сто години самотија или сто години осаменост“ (Споредбена анализа на двата превода на Cien años de soledad од Г. Г. Маркес на македонски јазик). *„Како си ми“ – студентска филолошка конференција 2019,* 67–79, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

**Во 2019 година** учествува на конференциите: *Третиот Светиклиментов научен собир (2019) при* Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, со тема „За некои особености на јазикот на Кирил Пејчиновиќ (номиналност и вербалност“ (во соавторство со Карапејовски Бобан); *Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања*, 13 – 14 ноември 2019 година, во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, со тема: „Директното кажување со минато определено време (врз материјали од творештвото на Блаже Конески)“, (во соавторство со Карапејовски Бобан); *Како си ми – студентска филолошка конференција 2019* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, со тема: „Сто години самотија или сто години осаменост“ (Споредбена анализа на двата превода на Cien años de soledad од Г. Г. Маркес на македонски јазик).

**Членство во уредувачки и организациски одбори**

Д-р Марија Пандева членува во организацискиот одбор на Меѓународниот научен собир *Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи)* во рамките на *Денови на Благоја Корубин*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, за 2025, и во организацискиот одбор на Меѓународниот научен собир *Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања,* во рамките на *Денови на Благоја Корубин, Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“,* за 2024 година.

Како секретар е ангажирана во одборот на Научна конференција „Рацин меѓу Мисирков и Шопов“ во рамките на Рацинови средби, Велес, во 2023 г.

**Членство во научни и во други асоцијации**

Д-р Марија Пандева е член на Македонскиот славистички комитет и на ICOMOS Macedonia.

**Вклученост во проекти**

Д-р Марија Пандева е вклучена во актуелниот проект „Антонимите во македонскиот јазик“ во областа на Современиот македонски јазик од 2022 година, од нејзиното вработување. До 2022 година беше ангажирана волонтерски, како надворешен член, во овој проект – „Антонимите во македонскиот јазик“.

Како волонтер учествуваше и во техничкото средување при објавувањето на „Индексот на антоними во македонскиот јазик“ (во 2019 г.) од проектот „Антонимите во македонскиот јазик“.

Во 2021 година беше ангажирана како помошник-истражувач во проектот „Лексиката во македонската народна проза“.

Двата проекти се од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Првонаведениот проект е под раководство на главниот истражувач д-р Лидија Тантуровска, а второнаведениот е под раководство на главниот истражувач д-р Елена Јованова-Грујовска.

Надвор од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје е вклучена во проектот „Profanity & Offensive Words (POW) in Macedonian (Multilingual fine-grained lexicons for hate speech) – Textgain, Belgium и Институтот за комуникациски студии, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

**Наставно-образовната дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност, д-р Марија Пандева е демонстратор на Катедрата за шпански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметите Шпански јазик и граматика 4 (0+2) и Современ шпански јазик 5 (0+2) во зимскиот семестар Шпански јазик и граматика 5 (0+2) и Современ шпански јазик 6 (0+2) во летниот семестар во учебната 2024/2025 година.

Од 27.1.2024 до 1.2.2025 е лектор по македонски јазик (почетно рамниште) на Петтата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Потоа е лектор по македонски јазик (почетно рамниште) на 57. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 15.8.2024 до 29.8.2024, па лектор по македонски јазик (почетно рамниште) на Четвртата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 22.1.2024 до 26.1.2024 година.

Во учебната 2023/2024 е демонстратор на Катедрата за шпански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметите: Шпански јазик и граматика 1 (0+2), Шпански јазик и граматика 2 (0+2), Современ шпански јазик 3 (0+2), Современ

шпански јазик 4 (0+2), Граматика на шпанскиот јазик – морфосинтакса (0+2), Лексикологија и лексикографија на шпанскиот јазик (0+2), Семантика и прагматика на шпанскиот јазик (0+2) во зимскиот и во летниот семестар, соодветно.

Во 2022 е лектор по македонски јазик (почетно рамниште) на 55. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 15.8.2022 до 29.8.2022.

Од 2.10.2018 до 2.10.2022 година е лектор по македонски јазик од Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ, на Московскиот државен *универзишеш* „М. В. *Ломоносов*“.

Како професор по шпански јазик во „Центар за странски јазици“ – Скопје, држи индивидуални часови (ниво А1, А2, Б1, Б2, Ц1) од октомври 2017.

Лектор по македонски јазик (почетно рамниште) е и на Втората зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ од 24.1.2022 – 29.1.2022; па на 54. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ од 15.8.2021 до 2.9.2021 (почетно рамниште)

Потоа е професор по македонски јазик (почетно рамниште) на децата иселеници во Австрија и Италија (пилот-програма на Агенцијата за иселеништво во Република Северна Македонија) во ноември 2020; лектор по македонски јазик (средно рамниште) на 53. Летна школа на Меѓународниот семинар по македонски јазик, литература и култура, УКИМ од 17.8.2020-28.8.2020; професор по шпански јазик во Едукативен центар „Сонце“, Скопје, Македонија во 2017; помошник-лектор на XLVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, Македонија во 2015 и помошник-лектор на XLVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, Македонија во 2014.

**Преведувачка дејност**

Кандидатката д-р Марија Пандева **се занимава со превод**, па со нејзин потпис на преведувач од шпански на македонски јазик се следниве дела: „Читачот на трупови“, Антонио Гаридо, Матица, од шпански на македонски (2022); „Нов човечки импулс за социјални односи и културен развој“, Мигел Пабло Санчо Гомес, ПНВ Публикации, од шпански на македонски (2019); „Антологија на современата кубанска поезија“,Струшки вечери на поезијата, од шпански на македонски (2018); „Златни нишки“, Антологија на модерната мексиканска поезија, Струшки вечери на поезијата, од шпански на македонски (2015); „Авел Санчес“, Мигел де Унамуно, ПНВ Публикации, од шпански на македонски (2015); „Светоединение и други прашања“, Хуан Хелман, Антологија на неговото творештво, Струшки вечери на поезијата, од шпански на македонски (2014).

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените резултати од објавените трудови, од наставно-образовната дејност, од вклученоста во проектите од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, од преведувачката дејност и од други активности, може да се согледа дека д-р Марија Пандева ги исполнува условите да биде избрана во звањето за кое конкурира во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Објавените научни и стручни трудови, самостојно и во соавторство, ја потврдуваат нејзината научноистражувачка работа, пред сѐ, во рамките на областа – **современ македонски јазик.**

Според гореизнесеното, оценувајќи ги позитивно досегашните резултати, со задоволство му препорачуваме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ **д-р Марија Пандева** да биде избрана во звањето **научен соработник/доцент** во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лидија Тантуровска, н. сов./ред. проф., с.р.**
**Д-р Снежана Петрова-Џамбазова, н. сов./ред. проф., с.р.**
**Д-р Александра Ѓуркова, н. сов./ред. проф., с.р**

**Кандидат: Д-Р МАРИЈА ПАНДЕВА**
**Институција: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

Образец за одредување за целокупната активност на поени
за избор во одредено звање

**Научна област: современ македонски јазик**

| Реден број | Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Монографија или научна книга<br>• Модалноста во кривичните законици: македонско-шпански паралели“, Книгоиздавателство Ми-Ан, Скопје, 2024. | 8 | |
| 2. | Дел од монографија или од научна книга<br>• Пандева, М. 2021. „Инхоативноста во прозата на Конески наспроти неговата поезија“. Во: *Уште едно навраќање кон Конески*, 353–381. Струмица: Општина Струмица.<br>• Пандева, М. 2021. „Навраќањата на Конески“ Во: *Уште едно навраќање кон Конески*, 441–418. Струмица: Општина Струмица. (во соавторство со Пандев Димитар) | 8 | |
| 3. | Труд во лингвистички списанија<br>• Пандева, М. 2022. „Да-конструкцијата во македонскиот јазик наспроти инфинитивот во шпанскиот“, *Литературен збор, 1-3, година LXIX*, стр. 61–68, Скопје.<br>• Пандева, М. 2021. „Модалниот спецификатор не смее во македонските кривични законици“. *Литературен збор 1-3*, 57–63, Скопје<br>• Пандева, М. „Модалните глаголи во Кривичниот законик на Република Македонија“. *Литарурен збор I-III*, 2020, 37-46. | 6 | |
| 4. | Труд во зборник на трудови на научен собир | 40 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Пандева, М. 2025. „Наставата по македонски јазик на далечина според наставните програми на Московскиот државен универзитет „Ломоносов““, *Актуелни теориско-методолошки проблеми на истражувањето и на наставата по словенските јазици, книжевности и култури III: меѓународна научна конференција на Комисијата за настава на словенските јазици и книжевности на Меѓународниот славистички комитет : Скопје, 3 и 4 јуни 2022 г.*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Комисија за настава на словенските јазици и книжевности на Меѓународниот славистички комитет.<br>• Пандева, М. 2025. „Интерполации или меѓустил: јазикот во творештвото на Ристо Лазаров“. *Зборник на трудови од научниот собир „Јазикот во уметничката литература“ одржан на 17 – 18 септември 2025 година*, 18–25, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• Пандева, М. 2024. „Именувањето на нештата и на ликовите од магичниот свет на Хари Потер – преведувачки постапки“ *Дванаесетти научен собир на млади македонисти: конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова 29–30 мај 2023,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.<br>• Пандева, М. 2024. „Модалноста во прозата на Конески“, Филолошки читања: Јазикот и стилот на „Блаже Конески“, 45–51, Скопје: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“.<br>• Пандева, М. 2024. „Ставот на Мисирков за македонскиот јазик низ призмата на модалноста“, *„Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања* I, зборник на трудови од VIII меѓународна научна конференција одржана во Скопје, 28 – 29 јуни 2023 г., 293–299, Скопје: Институт за македонски јазик. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Пандева, М. 2024. „Мисирков, Рацин и Шопов во дигиталниот простор: состојби и перспективи“, *50. Меѓународна научна конференција намеѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје, одржана во Охрид, 1 – 3.9.2023 година, 48–60,* Скопје: УКИМ. (во соавторство со Антевска Марија и Павлова Андријана)<br>• Пандева, М. 2024. „ Религиозната лексика во народните приказни“, *Зборник на трудови од проектот „Лексиката во народната проза“*, С Пандева, М. 2023. „Фазните глаголи во преводот на „Дон Кихот“ од шпански на македонски јазик“, *Единаесетти научен собир на млади македонисти, Конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова*, 49–58, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.<br>• Пандева, М. 2023. „Јазичната територија како лингвистички простор: показните заменки и членот како деиктички маркери во македонскиот и во шпанскиот јазик“, *Македонски јазик*, Скопје: Институт за македонски јазик. (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• копје: Институт за македонски јазик.<br>• Пандева, М. 2023. „ Употребата на да-конструкцијата со модалните и со фазните глеголи во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик“, *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2022/2023, 47/48,* 360–367, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.<br>• Пандева, М. 2023. „Субјунктивот во клетвите и во благословите во македонскиот и во шпанскиот јазик“, *Македонскиот јазик – извор на научни проучувања, Зборник на трудови од VII меѓународна научна конференција при ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје*, 151–159, Институт за македонски јазик, Скопје<br>• Пандева, М. 2023. Скица за граматика на македонскиот литературен јазик врз примери од македонската литература од 1952 г. до 2022 г. (по стапките на Блаже | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Конески и современите граматички теории)“, *Зборник на трудови од XLIX меѓународна научна конференција во организација на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ, одржана во Охрид, 4 и 5 септември 2022*, 5-13, УКИМ, Скопје. (во соавторство со Пандев Димитар и Карапејовски Бобан)<br>• Пандева, М. 2022. „*Модалните глаголи и модалните зборови кај Конески*“, 48. *Меѓународна конференција одржана на 3-4.9.2021, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, 124-136, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје<br>• Пандева, М. 2022. „Конески во наставата по македонски јазик на Московскиот државен универзитет „Ломоносов“, *LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура Предавања / тркалезна маса „Блаже Конески во наставата по македонски јазик, литература и култура на странските универзитети“*, 182-185, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје<br>• Пандева, М. 2021. „Охридскиот (градски) говор на социјалните мрежи“ *XLVII меѓународна научна конференција при Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура одржана во Охрид на 4 септември 2020 при Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, 89-96, УКИМ, Скопје. (во соавторство со Пандев Димитар)<br>• Пандева, М. 2021. „Примената на некои современи лингвистички теории во граматичките проучувања на македонскиот јазик – определеност и модалност“, Во: *Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)*, 137–147. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• Пандева, М. „Разлики во преводите на Чехов на македонски јазик“, *Меѓународна конференција „Рускиот јазик, литература и култура: минато,* | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *сегашност и иднина“*. Скопје: Руски центар при УКИМ, 2020.<br>• Пандева, М. 2020. „За некои особености на јазикот на Кирил Пејчиновиќ (номиналност и вербалност)“, Во: *Словата и словото : Зборник на трудови од Третиот Светиклиментов научен собир (2019),* 147–157. Скопје: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“. (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• Пандева, М. 2020. „Директното кажување со минато определено време (врз материјали од творештвото на Блаже Конески)“, Во: *Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања*, 183–192. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• Пандева, М. 2020. „Сто години самотија или сто години осаменост“ (Споредбена анализа на двата превода на Cien años de soledad од Г. Г. Маркес на македонски јазик). *„Како си ми“ – студентска филолошка конференција 2019,* 67-79, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.<br>———<br>• Пандева, М. 2023. „Што сака да ни раскаже нараторот? (модалноста на глаголот сака + да-конструкција во македонскиот и неговите еквиваленти во други словенски јазици)“, *Zbliževanja in odmiki: medkulturni stiki v slovanskih jezikih in literaturah, 10. Simpozij mladih slavistov – Philoslavica 2022*, 79-90, Словенија, Љубљана. | | |
| 5. | Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br><br>• Пандева, М. 2023. „Клетвите во македонската народна проза“, *Philological studies 21, 2.*<br>• Пандева, М. 2023. „Придонесот на Рина Усикова во истражувањатана модалноста во македонскиот јазик“, Stephanos, Project of Philological faculty of Lomonosov | 18 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | MSU, Russia: Moscow. http://www.stephanos.ru/izd/2023/2023-58-11.pdf<br>• Пандева, М. 2022. „Семантичкото поле „животни“ во македонските народни приказни“, *Македонски јазик*, стр. 167-174. Скопје | | |
| 6. | Приказ/Хроника<br><br>• Марија Пандева. 2023. „Хроника за XII научен собир млади македонисти. Конфереција во чест на д-р Лилјана Минова-Ѓуркова“, *Литературен збор* 1–3, 133–136, Скопје.<br>• Пандева, М. 2023. „Хроника за XII научен собир Млади македонисти (Конфереција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова)“, *Литературен збор 1-3*, 133–137. Скопје.<br>• Пандева, М. 2022. „Хроника за лингвистичкаа секција на 49. Меѓународна конференција на МСМЈЛК при УКИМ“, *Литературен збор, 4-6, година LXIX*, стр. 149-752. Скопје.<br>• Пандева, М. 2022. „Кон „Јазичен бележник II“ од Лидија Тантуровска“, *Македонски јазик*, стр. 209-212. Скопје.<br>• Пандева, М. 2022. „LV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (17 август – 2 септември 2022 година)“, *Македонски јазик*, стр. 253-256. Скопје.<br>• Пандева, М. „Хроника за XLVII меѓународна научна конференција на LIII летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура“. *Литературен збор IV-VI*. 2020, 169-173. | 6 | |
| 7. | Учество на проект[6]<br>• „Речник на глаголи со антонимиска врска во македонскиот јазик“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“<br>• „Лексиката во македонската народна проза“ реализиран од страна на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ | 12 | |
| 8. | Учество на проект | | 3 |

[6] Проект чиј носител е ИМЈ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Profanity & Offensive Words (POW) in Macedonian (Multilingual fine-grained lexicons for hate speech) – Textgain, Belgium и Институт за комуникациски студии, УКИМ, Скопје. | | |
| 9. | Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно)<br><br>• *6th International Conference GranaSlavic2025* одржан на Универзитот во Гранада, Шпанија од 2 до 4 јуни 2025 година, со реферат на тема: El discurso de odio en línea en el discurso político en macedonio (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• Меѓународниот научен собир *Јазикот во медиумите* (*состојби, предизвици, перспективи*) во рамките на манифестацијата *Денови на Блажа Корубин,* одржани на 15 и 16 мај 2025 година, со реферат на тема: *Зборообразувачките тенденции кај заемките во електронските медиуми и социјалните мрежи*<br>• Międzynarodowej Studencko-Doktoranckiej Konferencji Naukowej „Mundus Slavicus“, 15–16 ноември 2024, Лоѓ, Полска, на тема: *Благословите во македонската народна книжевност*<br>• IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ (Скопје, 16 – 17 октомври 2024 г.) на тема *Терминологијата поврзана со да-конструкцијата во македонскиот јазик*<br>• SLS-19, 19th Annual Meeting of the Slavic Linguistics Society, 24 – 26 август 2023, Brigham University of Provo, Utah, USA, на тема: *Online hate speech in the political discourse in Macedonian* (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• 23rd Biennial Conference on Balkan and South Slavic Linguistics, Literature and Folklore, 2-4 May 2024, Oxford, Mississippi, University of Mississipi, USA, на тема: *From curses to cursing in Macedonian –* | 63 | |

| | | |
|---|---|---|
| | *grammatical insights* (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• FABL (Fundamentals and Advances in Balkan Linguistics) 2023, November 16-18, Belgrade, Serbia, on the topic: *The da-construction in Macedonian vs. other Slavic Languages – Balkan perspective*<br>• SLS-18, 18th Annual Meeting of the Slavic Linguistics Society, August 24 – 26, 2023 Faculty of Arts, Comenius University, Bratislava, Slovakia, on the topic: *Da in Macedonian: Conjunction and/or Particle*, (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ VIII меѓународна научна конференција (Скопје, 28 – 29 јуни 2023 г.) на тема: *Ставот на Мисирков за македонскиот јазик низ призмата на модалноста*<br>• Од збор до речник, Денови на Благоја Корубин, одржани на 4-5 2023, мај во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, на тема: *Предлог-речник на македонско-руски лажни парови*<br>• Zbliževanja in odmiki: medkulturni stiki v slovanskih jezikih in literaturah, 10. Simpozij mladih slavistov – Philoslavica, 6-8 декември 2022 во Загреб, Р Хрватска на тема: *Што сака да ни раскаже нараторот? (модалноста на глаголот сака + да-конструкција во македонскиот и неговите еквиваленти во други словенски јазици)*<br>• Лексиката во народните говори – состојби и перспективи, Денови на Благоја Корубин, 17-18 ноември во Струга, 2022 во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, на тема: *Употребата на да-конструкцијата во Силјан Штркот*<br>• Меѓународна научна конференција: 100 години од раѓањето на акад. Оливера Јашар-Настева, одржана во Скопје на 25-26 ноември 2022, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на тема: *Јазичните средства со хумористично значење во македонската народна приказна* | |

| | | |
|---|---|---|
| | • Меѓународна научна конференција: 100 години од раѓањето на акад. Оливера Јашар-Настева, одржана во Скопје на 25-26 ноември 2022, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на тема: *Турцизмите во македонската народна проза* во коавторство со Елена Јованова-Грујовска.<br>• Меѓународен научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, реферат на тема „Панорамски поглед во ексцерпцијата на Конески за вториот дел од Граматиката на македонскиот литературен јазик (за формите и нивната употреба)“ на одржан на 13-14 декември 2021 г. во соавторство со Димитар Пандев<br>• *Филолошки читања: јазикот и стилот на Блаже Конески – научен собир одржан на* 7.3.2021, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, реферат на тема: „Модалноста во прозата на Конески“,<br>• Меѓународен научен симпозиум „Конески и книжевната наука“, организиран од Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности 1. – 2.6.2021. Реферат на тема: *„Заглед во поситните букви: Приредил Блаже Конески“*.1, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, во соавторство со Димитар Пандев<br>• Меѓународен научен симпозиум „Конески и книжевната наука“, организиран од Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности – научен собир одржан на 7.6.2021, реферат на тема: *„Инхоативноста и терминативноста во поезијата на Конески“*., Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>• Меѓународна научна конференција Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања, 2021. Реферат на тема: *„Јазичната територија како лингвистички простор: показните заменки и членот како деиктички маркери во македонскиот и во шпанскиот јазик“*, Институт за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (во соавторство со Карапејовски Бобан).<br>• Меѓународниот научен собир *Јазикот во уметничката литература и актуелната реалност* на тема: „Интерполации или меѓустил: Јазикот во творештвото на Ристо Лазаров“,Институт за македонски јазик, одржан на 17 и 18 септември 2020 во Дојран (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• *Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања*, 13-14 ноември 2019 годин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ на тема: „Директното кажување со минато определено време (врз материјали од творештвото на Блаже Конески)“, (во соавторство со Карапејовски Бобан). | | |
| 10. | Секциско излагање на научен собир<br><br>• Дванаесетти научен собир на млади македонисти – конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова, одржана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје – 29 и 30 мај 2023 г., на тема: *Преведувачката постапка при именувањето на нештата и ликовите од магичниот свет на Хари Потер*<br>• Научна конференција *Млади македонисти*, одржана на 28.6.2021 2021. реферат на тема: „*Фазните глаголи во преводот на Дон Кихот од шпански на македонски јазик*“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>• *Третиот Светиклиментов научен собир (2019) при* Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, на тема „За некои особености на јазикот на Кирил Пејчиновиќ (номиналност и вербалност“. (во соавторство со Карапејовски Бобан)<br>• *Како си ми – студентска филолошка конференција 2019* при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, на тема „Сто години самотија или сто години осаменост“ (Споредбена анализа на двата | 8 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | превода на Cien años de soledad од Г. Г. Маркес на македонски јазик). | | |
| 11. | Лектор по македонски јазик во странство<br>• 2.10.2018 – 2.10.2022: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ, лектор по македонски јазик на Московскиот државен *универзитет* „М. В. *Ломоносов*“ | 4 | |
| 12. | Лектор на меѓународен семинар<br><br>• Петта зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>• 57. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>• Четврта зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 22.1.2024 до 26.1.2024 година.<br>• 55. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“<br>• Втора зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ<br>• 54. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ<br>• 53. Летна школа на Меѓународниот семинар по македонски јазик, литература и култура, УКИМ<br><br>• XLVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, Македонија во 2015<br>• XLVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, Македонија во 2014. | 9 | |
| 13. | Одбранета докторска теза<br>• „Да-конструкцијата во македонскиот и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик“. | 8 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Одбранета магистерка работа<br>• „Модалните глаголи во законодавно-правниот потстил на административниот функционален стил во македонскиот и во шпанскиот јазик“ | 5 | |
| 15. | Член на организаски одбор на научен собир<br><br>• Меѓународен научен собир *Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи)* во рамките на *Денови на Блаѓоја Корубин*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 15–16 мај 2025 (член)<br>• Меѓународен научен собир *Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања*, во рамките на *Денови на Блаѓоја* Корубин*, Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 30–31 мај 2024 (член).*<br>• Научна конференција „Рацин меѓу Мисиркови Шопов“ во рамките на Рацинови средби, Велес, 12 јуни 2023 г. (секретар) | 3 | |
| 16. | Член на различни комисии<br><br>Македонски славистички комитет<br>ICOMOS Macedonia | 1 | |
| 17. | Стручен превод, книга/статија<br>• 2022: „Читачот на трупови“, Антонио Гаридо, Матица, од шпански на македонски<br>• 2019: „Нов човечки импулс за социјални односи и културен развој“, Мигел Пабло Санчо Гомес, ПНВ Публикации, од шпански на македонски<br>• 2018: „Антологија на современата кубанска поезија“, Струшки вечери на поезијата, од шпански на македонски<br>• 2015: „Златни нишки“, Антологија на модерната мексиканска поезија, Струшки вечери на поезијата, од шпански на македонски<br>• 2015: „Авел Санчес“, Мигел де Унамуно, ПНВ Публикации, од шпански на македонски<br>• 2014: „Светоединение и други прашања“, Хуан Хелман, Антологија на неговото | 6 | |

| | | |
|---|---|---|
| | творештво, Струшки вечери на поезијата, од шпански на македонски | |
| 18. | Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи | 1 |
| 19. | Друг придонес во научноистражувачката дејност<br>Предавања во Спомен-собата на Мисирков.<br>Демонстратор на Катедрата за шпански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година и 2023/2024.<br>Професор за шпански јазик во „Центар за странски јазици“ – Скопје, 2017 – 2023.<br>Професор по македонски јазик (пилот-програма на Агенцијата за иселеништво во Република Северна Македонија), 2020.<br>Професор по шпански јазик во Едукативен центар „Сонце“, 2017. | 3 |

Вкупно: 215 поени

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛЕКСИКОЛОГИЈА И ЛЕКСИКОГРАФИЈА ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 12.6.2025 година, за избор на асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-327/2, донесена на 14.7.2025 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лидија Аризанковска (Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје), проф. д-р Симона Груевска-Маџоска, н. сов. (Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје) и проф. д-р Катица Топлиска-Евроска, н. сов. (Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за повторен избор на асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија, во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Андријана Павлова.

### 1 Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Андријана Павлова е родена на 12.6.1985 година, во Кочани. Средно образование завршила во Кочани, во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје (2004/05 – 2008/09 година), на студиската програма Македонски јазик и јужнословенски јазици. Дипломирала на 15.11.2008 година, со просечен успех 9,47, и се стекнала со стручен назив: *дипломиран филолог по македонски јазик со шпански јазик и книжевност*.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2010/2011 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на студиската програма Македонски јазик. Студиите ги завршила на 21.10.2015 година, со просечен успех 10,00. На 21.10.2015 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Усвојување на минатото определено и на минатото неопределено време во македонскиот јазик како странски*.

Докторска дисертација пријавила на 22.4.2024 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, под наслов „Македонскиот јазик и вештачката интелигенција (ChatGpt): препознавање, разбирање и генерирање куси хумористични и забавни форми“, под менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска.

На 30.9.2022 година е избрана во звањето асистент истражувач во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во областа индоевропеистика и славистика, а на 14.2.2024 г., на нејзино барање и со Одлука бр. 02-84/1 е прераспределена во областа лексикологија и лексикографија.

Во моментот работи како асистент истражувач во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1268, од 15.9.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1268, од 15.9.2022 година, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 3 Научноистражувачка дејност

М-р Андријана Павлова има објавено вкупно 17 научни трудови од областа македонски јазик и лингвистика, во меѓународни научни списанија, во меѓународни научни публикации и трудови во зборници од научни собири.

М-р Андријана Павлова учествувала во 2 меѓународни научни проекта:

- ТЕМАК „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски“ (2009 – 2011);
- ЕРАЗМУС+ проект: Online Language Support (OLS) (2022 –2023)

Кандидатката учествувала како автор или како коавтор при изработка на следните научни и стручни трудови:

- 2012: „Теориски пристапи во усвојувањето на втор јазик. Меѓујазик“. *Литературен збор LIX (2012) бр. 1-3*. Скопје, 57–66.
- 2013: „Придонесот на странските слависти во однос на минатите времиња“. *Меѓународна научна конференција на Семинарот за македонски јазик*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
- 2021: „Улогата и примената на хуморот во наставата по странски јазик (македонски јазик како втор/странски)“. *Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)“.* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Скопје, 183–197.
- 2022: „Тешкото – учебник по македонски јазик за странци“ (рецензија). *Lingua Montenegrina 30.* Fakultet za crnogorski jezik i književnost. 575–578. http://www.fcjk.me/wp-content/uploads/2022/12/LM30.pdf
- 2022: „Инвентарот на глаголските форми во македонскиот јазик низ призмата на Конески (1967) и на Лант (1952)“. *Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)“*. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Скопје, 131–139. (коавторски труд со проф. д-р Борче Арсов).
- 2022: „За категоријата вид во македонскиот јазик“. *Литературен збор 1-3, година LXIX.* Скопје, 51–61.
- 2022: *XLIX меѓународна меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Македонски јазик LXXIII*. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 249–252 (коавторски труд со м-р Марија Антевска).
- 2023: „Теории и стратегии за усвојување на информациската структура во наставата по втор/ странски јазик и нивната можна примена во наставата по македонски јазик како странски“. *XLIX меѓународна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид. 219 –231.
- 2023: „Форензичката лингвистика како научна и академска дисциплина“. *Литературен збор (4–6), година LXX.* Скопје, 19–27.
- 2023: „Користење на ChatGPT како алатка за учење и за подучување на македонскиот јазик како странски: можности и перспективи“. *Сп. Македонски јазик.* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Скопје, 181–196.
- 2023: „За јазичните карактеристики на некои измами на социјалните мрежи“, *50. меѓународна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 162–170.
- 2023: „Јубилеј 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик ’Крсте Мисирков’ – Скопје ’Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања’ VIII меѓународна научна конференција“ (хроника). *Сп. Македонски јазик.* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
- 2024: „Македонскиот јазик и вештачката интелигенција: неколку зборови за македонскиот јазик на ChatGPT “ (во коавторство со проф. д-р Лидија Аризанковска), *„Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ – VIII меѓународна научна конференција* (2023), 11–25.
- 2024: „Формите на минатото неопределено време во ’За македонцките работи’ од Крсте Мисирков“ (во коавторство со проф. д-р Борче Арсов и м-р Марија Антевска); *„Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ – VIII меѓународна научна конференција* (2023), 25–35.
- 2024: „Мисирков, Рацин и Шопов во дигиталниот простор“ (во коавторство со м-р Марија Пандева и м-р Марија Антевска), *50. Меѓународна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 48–60.

- 2024: “Evidentiality in Macedonian Language: Towards –л– (in l-form) as a true evidential“ (Chapter 4). *International Conference. Evidentiality in Language and Discorse. « Dunărea de Jos » University of Galați, Romania Faculty of Letters*. Cambridge Scholars Publishing house, 66–90.
- 2024: Pavlova Andrijana, Gerazov Branislav, Anabela Berreiro. “*Language Models and Open Logos: An educational case scenario*”. Open Research Europe. https://doi.org/10.12688/openreseurope.17605.1

## 4 Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката м-р Андријана Павлова држела настава по македонски јазик за странци и во Центарот за странски јазици (2009/2010), во Цетис Мак при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (2009 – 2011), на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2010; 2011) и во рамките на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ, во периодот од 2010 до 2019 година и во 2023 г.

М-р Павлова е рецензент на учебникот „Тешкото“ од проф. д-р Симон Саздов, а, освен во проектот ТЕМАК, учествувала и во научноистражувачки проект како поддршка за подготовка на јазичните материјали на македонски јазик за целите на студијата под наслов: *Iconicity And Systematicity In Phonaesthemes: A Crosslinguistic Study, чии автори се Jose A. Mompean, Amandine Fregier and Javier Valenzuela*. Исто така, соработувала и со *CLL Centres de Langues asbl Associé à l'UCL* во ЕРАЗМУС+ проектот под наслов: *Online Language Support (OLS)* за подготовка на одредувачки тест и на наставни материјали по македонски јазик за странци.

М-р Андријана Павлова во февруари 2022 година се запишала на трет циклус студии, на програмата Македонистика. Истражувањата во нејзината докторска дисертација се насочени кон генеративната вештачка интелигенција и македонскиот јазик. Во 2024 г. одржала предавање на годишната конференција на Здружението на преведувачи на тема „Создавање специјализирани GPT-модели и нивната примена во преведувачката дејност“, а во јануари 2025 година одржала работилница за наставниците на ПСУ „Јахја Кемал“ на тема вештачката интелигенција во наставата по македонски јазик.

Досегашниот научен интерес на Павлова се препознава во повеќе области: современ македонски јазик, македонски јазик како втор/странски, типолошки и споредбени проучувања, проучувања од областа на лексикологијата, фразеологијата, на генеративната вештачка интелигенција итн.

**Членство во научни и во други асоцијации:**

- член во Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература;
- член на Советот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2023 г.);
- член во Конкурсната комисија за распишување Конкурс за најдобар есеј за студенти во Република Северна Македонија на тема: *Што направивме и што треба да направиме за македонскиот јазик*, ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2023, Скопје;
- член на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција „Македонците и Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949): 75 години потоа“;
- секретар на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања – VIII меѓународна научна конференција* (2023);
- член на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција *Македонскиот јазик – извор на научни истражувања – IX меѓународна научна конференција* (2024).

**Друго:**

- овластен лектор (2009 –)
- лектор на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (2010 – 2019, 2023);
- административен координатор за ЕРАЗМУС+ (2016 – 2022);
- рецензент на учебникот „Тешкото“ од Симон Саздов;
- учество на меѓународниот научен собир: *Лексиката во народните говори – состојби и перспективи* (2022), организиран во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Блаѓоја Корубин,* со научниот труд: *За некои турцизми во Автобиографијата на Марко Цепенков* (коавторски труд со проф. д-р Осман Емин);
- учество на меѓународниот научен собир *Од збор до речник* (2023), организиран во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Блаѓоја Корубин,* со научниот труд: *За потребата од колокациски речник* (коавторски труд со проф. д-р Борче Арсов и м-р Марија Антевска);
- учество на конференцијата *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања – VIII меѓународна научна конференција* (2023), со научниот труд: „Македонскиот јазик и вештачката интелигенција: неколку зборови за македонскиот јазик на ChatGPT “ (во коавторство со проф. д-р Лидија Аризанковска);
- учество на конференцијата *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања – VIII меѓународна научна конференција* (2023), со научниот труд: „Формите на минатото неопределено време во ’За македонцките работи’ од Крсте Мисирков“ (во коавторство со проф. д-р Борче Арсов и м-р Марија Антевска);
- учество на меѓународната конференција *Рускиот јазик, литература и култура: минато, сегашност, иднина* (Скопје, 2023), со научниот труд: „Осврт кон придонесот на руските слависти за македонистиката“ (во коавторство со м-р Марија Антевска);
- учество на годишна конференција во рамките на трет циклус студии со реферат на тема: *Хуморот и вештачката интелигенција: преглед на теориските пристапи;*
- одржана работилница во рамките на трет циклус студии на тема *Македонскиот јазик и ChatGPT: видови команди и техники на задавање задачи;*
- учество на годишна конференција во рамките на трет циклус студии со реферат на тема „Македонскиот јазик и ChatGPT: разбирање и одгатнување гатанки за деца од циклусот ‘Гатанки чудни за деца будни’ од Ванчо Полазаревски“;
- учество на меѓународната конференција *Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања* (Скопје, 2023), организиран во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Блаѓоја Корубин,* со научниот труд: *Македонскиот јазик како интегрален дел на повеќејазичниот енциклопедиски речник BabelNet (Бабел-нет) и на алатката BabelFy (Бабел-фај): за начинот на претставување и препознавање на значењата на зборовите (состојби и перспективи)* (во коавторство со д-р Симона Груевска-Маџоска и м-р Бошко Колоски);
- учество на меѓународната конференција *Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања* (Скопје, 2023), организиран во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Блаѓоја Корубин,* со научниот труд: *Развојниот тек на големите јазични модели од аспект на македонскиот јазик: фразеологизмите како предизвик за моделите ChatGPT, Llama и Claude* (во коавторство со д-р Бранислав Геразов);
- учество во подготовката на апликацијата за ЕРАЗМУС-проектот VELLMA (VET Advancement through LLM Application), во соработка со колегите од Факултетот за електротехнички и информациски науки при УКИМ, јануари – февруари 2024 (предлог-проектот во октомври 2024 г. беше ставен на резервната листа од страна на Националната агенција);
- одржана *работилница* во рамките на трет циклус студии на тема *„Македонскиот јазик и ChatGPT: видови команди и техники на задавање задачи“,* април 2024;
- учество на *Годишна конференција* во рамките на *трет циклус студии* со реферат на тема *Македонскиот јазик и ChatGPT: разбирање и одгатнување гатанки за деца од циклусот ‘Гатанки чудни за деца будни’ од Ванчо Полазаревски*, мај 2024;

– учество на меѓународната конференција *Stilistika i vještačka inteligencija* (Белград, 14 – 15 јуни 2024), со реферат под наслов „Македонскиот јазик и ChatGPT: разбирање и одгатнување гатанки за деца од циклусот ‘Гатанки чудни за деца будни’ од Ванчо Полазаревски“;

– учество на *Меѓународната конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид,* со реферат под наслов „Големите јазични модели и генерирањето содржини на македонски и на турски јазик по дадено сценарио: пренесување информации добиени од друг извор“ – во коавторство со Осман Емин (Филолошки факултет „Блаже Конески“), септември 2024;

– учество на *IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – избор на научни истражувања“*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 16–17 октомври 2024 година, Скопје, со два реферата под наслов „Проверка на граматичката компетенција на GPT-моделите на македонски јазик: зборовна група именки“ – во коавторство со Татјана Гочкова (Филолошки факултет „Блаже Конески“); и „Развојот на видеоигри на македонски јазик како механизам за заштита и за промоција на македонскиот јазик “ – во коавторство со Гораст Цветковски (MGI) и Марија Антевска;

– учество на *Научната дискусија и трибина „Академскиот профил на Крсте Мисирков“,* со реферат под наслов „За македонците работи“ (модел на вештачка интелигенција што генерира одговори во духот на Мисирков), ноември 2024;

– учество на Годишната конференција на Здружението на преведувачи на Република Македонија, со предавање на тема „Создавање специјализирани GPT-модели и нивната примена во преведувачката дејност“, ноември 2024;

– Работилница за наставниците на ПСУ „Јахја Кемал“ на тема „Вештачката интелигенција и нејзината примена во наставата по македонски јазик: можности и перспективи“, јануари 2025;

– учество на меѓународната конференција *Renovating Narratives: Artificial Intelligence and Digital Technologies in the Cultural Context of Slavic Studies* (University of Turin, Italy), со рефератот *„Large Language Models and Humour Generation in Low-/Mid-Resource Languages: Generating Jokes in Macedonian and Slovenian“,* во коавторство со проф. д-р Лидија Аризанковска (февруари 2025);

– учество на меѓународната научна конференција *„Македонскиот јазик – 80 години од кодификацијата*“ (Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје), со два реферата „Вештачката интелигенција во наставата по македонскиот јазик како втор/странски јазик: предизвикот на правописот“ (во коавторство со проф. д-р Татјана Гочкова) и „Вештачката интелигенција и алатките за транскрибирање на аудио- или на видеоснимки во текст: македонскиот јазик како предизвик“ (мај 2025);

– учество на меѓународниот научен собир *Јазикот во медиумите* (Денови на Благоја Корубин), со рефератот „Вештачката интелигенција како помошна алатка за брз превод и кратки резимеа на веб-страници, видеа и документи од странски на македонски јазик и обратно*“* (мај 2025);

– учество во активностите на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература (рецитаторски, регионален и државен натпревар).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната, како и дејноста од поширок интерес на м-р Андријана Павлова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Андријана Павлова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, Законот за научноистражувачката дејност и Правилникот за начинот и постапката за избор и за предвремен избор во научно/наставни и соработнички звања на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избрана во звањето асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија.

Според гореизнесеното, Комисијата со особена чест и задоволство му препорачува на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, м-р Андријана Павлова да биде преизбрана за асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лидија Аризанковска, с.р.**
**Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска, н. сов., с.р.**
**Проф. д-р Катица Топлиска-Евроска, н. сов., с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

Кандидат: **Андријана Драги Павлова** (име, татково име и презиме)
Институција: **ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје** (назив на факултетот/институтот)
Научна област: **Лексикологија и лексикографија**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Македонски јазик | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,47<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик:англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање јазик<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 14.12.2021 | да |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛЕКСИКОЛОГИЈА И ЛЕКСИКОГРАФИЈА ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и Коха од 12.6.2025 година, за избор на асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-326/1, донесена и заведена на 14.7.2025 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Симон Саздов (Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје), проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, н. сов. (Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје) и проф. д-р Фани Стефановска-Ристеска, н. сов. (Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“– Скопје).

Како членови на Рецензентската комисија, се заблагодаруваме за укажаната доверба и по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за повторен избор на асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија, во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Антоанета Тримчевиќ.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката, м-р Антоанета Тримчевиќ е родена на 22.11.1986 година, во Гостивар. Средно образование завршила во УМЦ „Никола Штејн“ во Тетово. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје (2005/06 – 2009/10 година), на студиската програма Македонски јазик и јужнословенски јазици. Во 2010 година го одбранила дипломскиот труд на тема „Лексиката во делата на Кирил Пејчиновиќ“, под менторство на проф. д-р Људмил Спасов. Дипломирала во 2010 година со просечен успех 9,20 и се стекнала со стручен назив: *дипломиран професор по македонски јазик и литература*.

Во 2012 година го положила испитот за лектор, со што активно се вклучува во таа област и се јавува како лектор на многу трудови и книги од различни области.

Во академската 2012/2013 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, област: македонистика со комуникологија. Постдипломските студии ги завршила на 1.10.2015 година, со просечен успех 10,00. На 1.10.2015 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Интеркултурната комуникација во една мултиетничка средина (Гостивар и Гостиварско)“, под менторство на проф. д-р Снежана Веновска-Антевска. По завршувањето на магистерските студии се здобила со звањето *магистер по македонистика со комуникологија*.

Во 2022 година се запишала на докторски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на програмата Македонистика – македонски јазик и лингвистика, под менторство на проф. д-р Симон Саздов. Докторска дисертација пријавила на 22.4.2024 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, под наслов „Лексиката во творештвото на Владимир Костов“, под менторство на проф. д-р Симон Саздов.

На 30.11.2022 година, со Одлука на Советот бр. 02-347/1 е избрана во звањето асистент истражувач во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во моментот работи како асистент истражувач во научната област Лексикологија и лексикографија во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1272, од 15.11.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1272, од 15.11.2022 година, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**2. <u>Научноистражувачка дејност</u>**

М-р Антоанета Тримчевиќ има објавено неколку научни трудови од областа македонски јазик и лингвистика, во меѓународни научни списанија, во меѓународни научни публикации и трудови во зборници од научни собири.

Кандидатката учествувала како автор или како коавтор при изработка на следните научни и стручни трудови:

• „Начини на изразување благослови во македонскиот и албанскиот јазик (во Гостивар и Гостиварско)“, *меѓународен научен собир „Од збор до речник“*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 4 – 5 мај 2023 г. (во печат);

• „Анализа на лексиката во социјалните песни на Кочо Рацин од стихозбирката „Бели мугри“, низ призмата светлина – мрак“, *меѓународна научна конференција „Рацин меѓу Мисирков и Шопов“*, Велес, 12 јуни 2023 година. (коавторски труд со доц. д-р Александра Гецовска);

• „За сложенките со прва компонента „прв(о)“ во романот „Моби Дик“ во превод на Огнен Чемерски“, *VIII меѓународна научна конференција Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања*: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ 2024, Скопје, 125-132;

• „Именски групи со именката вода како центар во романот „Моби Дик“, *Ст. Македонски јазик*, LXXIV, 2023 година, 197-203;

• „Сложените зборови во делата на Владимир Костов“, *Меѓународен научен собир – Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања*, Делчево, 30 – 31 мај 2024 г. (во печат);

• „Лексиката во раскажувачката проза на Владимир Костов“, *51. Меѓународна научна конференција при УКИМ*, Охрид, 30 – 31 август 2024 г. (коавторски труд со проф. д-р Лилјана Макаријоска), (во печат);

• „Лексиката според потеклото во романот „Свадбата на Мара“ од Владимир Костов“, *IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“*, Скопје, 16 – 17 октомври 2024 г. (во печат);

• „Англизмите и турцизмите во комуникацијата на младите“, *меѓународен научен собир „Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи)“*, 15 – 16 мај 2025 г. (коавторски труд со проф. д-р Симон Саздов), (во печат);

• соработник во проектот од областа „Лексикологија и лексикографија“ со назив „Речник на хомоними во македонскиот јазик“, 2025 - .

### 3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Антоанета Тримчевиќ работното искуство го започнала во 2010 г., кога се вработила во ПСУ „Јахја Кемал“, како професор по македонски јазик. Во периодот додека работела како професор, како ментор учествувала на општински, регионални и државни натпревари по предметот Македонски јазик, како и на бројни литературни конкурси, научни и културни собири поврзани со јазикот и културата, каде што добива дипломи, пофалници и благодарници за менторство, и тоа: *Интернационалниот и културен саем* во Букурешт, Романија; *Литературен фестивал* во Мостар, Босна – награда за најдобра песна на македонски јазик, општински и регионални натпревари по Македонски јазик со освоени први места и др.

М-р Антоанета Тримчевиќ во 2022 година се запишала на трет циклус студии, на програмата Македонистика. Истражувањата во нејзината докторска дисертација се насочени кон областа лексикологија.

Досегашниот научен интерес на Тримчевиќ се препознава во повеќе области, меѓу кои: современ македонски јазик, проучувања од областа на лексиката на македонските автори итн.

**Членство во научни и во други асоцијации:**

• член на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература;

• учество во активностите на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература (рецитаторски натпревар);

• учество во Регионалниот натпревар по македонски јазик и литература во организација на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература (регион Кочани);

• учество во Државниот натпревар по македонски јазик и литература во организација на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература;

• член на пописната комисија за попис на основни средства и ситен инвентар во сите простории на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“;

• организација и координација на настан по повод одбележувањето на Денот на мајчиниот јазик (21 февруари) во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје;

• учество на панел-дискусија на тема „Македонскиот јазик во наставниот процес“, Народен театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ – Велес;

• член во Конкурсната комисија за распишување Конкурс за најдобар есеј за ученици од основните и средните училишта во Република Северна Македонија на тема: *Јазикот наш денешен*, ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2023, Скопје;

• член на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања – VIII меѓународна научна конференција* (2023);

• член на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција *Македонскиот јазик – извор на научни истражувања – IX меѓународна научна конференција* (2024);

• член на Организацискиот одбор на манифестацијата *5 Мај – Ден на македонскиот јазик (80-годишнина од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик)*;

• краток прилог за МТВ на тема: Денот на македонскиот јазик;

• учество во документарниот филм „Аз, буки, веди – развој на македонскиот јазик“, во соработка со ПСУ „Јахја Кемал“.

**Друго:**

• овластен лектор (2012 –);

• учество на меѓународниот научен собир *Од збор до речник* (2023), организиран во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Блаѓоја Корубин,* со научниот труд: ,,Начини на изразување благослови во македонскиот и албанскиот јазик (во Гостивар и Гостиварско)“;

• учество на Годишна конференција во рамките на *трет циклус студии* со реферат на тема „За сложенките со прва компонента „прв-“ во романот „Моби Дик“ во превод на Огнен Чемерски“;

• одржана работилница во рамките на трет циклус студии на тема „Лексиката според потеклото во романот Свадбата на Мара“;

• учество на меѓународниот научен собир *Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања*, Делчево, 30 – 31 мај 2024 г., со реферат на тема „Сложените зборови во делата на Владимир Костов“;

• учество на Годишна конференција во рамките на *трет циклус студии* со реферат на тема „Сложените зборови во делата на Владимир Костов“, мај 2024;

• учество на *51. меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид,* 30 – 31 август 2024 г., со реферат на тема „Лексиката во раскажувачката проза на Владимир Костов“ (коавторски труд со проф. д-р Лилјана Макаријоска);

• учество на IX меѓународна научна конференција *Македонскиот јазик – извор на научни истражувања*, Скопје, 16 – 17 октомври 2024 г., со реферат на тема *Лексиката според потеклото во романот „Свадбата на Мара“* од Владимир Костов“;

• учество на меѓународниот научен собир *Јазикот во медиумите (Денови на Блаѓоја Корубин),* со рефератот „Англизмите и турцизмите во комуникацијата на младите“ (мај 2025); (коавторски труд со проф. д-р Симон Саздов);

• учество на Годишна конференција во рамките на *трет циклус студии* со реферат на тема „Црковнословенизмите во творештвото на Владимир Костов“;

• учество во активностите на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература (рецитаторски, регионален и државен натпревар);

• соработник (препишување на текстот) на проектот „Словенизмите во балканските јазици од д-р Мито Аргироски“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2023.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната, како и дејноста од поширок интерес на м-р Антоанета Тримчевиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Антоанета Тримчевиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, Законот за научноистражувачката дејност и Правилникот за начинот и постапката за избор и за предвремен избор во научно/наставни и соработнички звања на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови и затоа ја препорачува м-р Антоанета Тримчевиќ повторно да биде избрана во звањето асистент истражувач во научната област лексикологија и лексикографија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Симон Саздов, с.р.**
**Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, н. сов., с.р.**
**Проф. д-р Фани Стефановска-Ристеска, н. сов., с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ПРЕИЗБОР НА СОРАБОТНИК ИСТРАЖУВАЧ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОБЛАСТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ на 12 јуни 2025 година за преизбор на соработник истражувач/ асистент истражувач во областа историја на македонскиот јазик, и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот од 10.7.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Веселинка Лаброска, ред. проф., д-р Катица Трајкова, ред. проф. и д-р Наталија Андријевска, ред. проф.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Душко Деспотовски е роден на 29.5.1988 година во Тетово. Основно образование има завршено во ООУ „Гоце Делчев“, а средно образование во „Моша Пијаде“ во Тетово.

Во академската 2007/2008 година се запишал на прв циклус студии на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово. Додипломските студии ги завршил со просечен успех 8,06. Во 2011 година го има одбрането дипломскиот труд на тема „Дијалектните особености на долнополошките говори врз примери од текстови и од микротопонимијата во село Сиричино – Тетовско“, под менторство на проф. д-р Убавка Гајдова. По завршувањето на додипломските студии се стекнал со звањето дипломиран професор по Македонски јазик и литература.

Во периодот од септември 2010 до јуни 2011 година, м-р Душко Деспотовски има успешно завршена практична настава во средното земјоделско училиште „Моша Пијаде“ – Тетово, во основното училиште „Братство-Миѓени“ – Тетово, како и во основното училиште „Андреа Савевски-Ќиќиш“ – Тетово.

Во академската 2011/2012 година, Душко Деспотовски се запишал на втор циклус студии во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, област: македонистика со комуникологија. Постдипломските студии ги има завршено со просечен успех 9,8. На 14.5.2014 година, тој го одбранил магистерскиот труд на тема „Говорот во село Сиричино – Тетовско“, под менторство на проф. д-р Веселинка Лаброска. По завршувањето на магистерските студии се здобил со титулата магистер по македонистика со комуникологија. Целта на магистерскиот труд е сеопфатна анализа на говорот во село Сиричино – Тетовско на синхрониско и на дијахрониско рамниште, како и споредба со соседните дијалекти.

Магистерскиот труд со наслов: *Говорош на село Сиричино – Тешовско* претставува комплетна анализа на говорот на селото Сиричино како говор кој е дел од вратничко-полошките говори и кој, според класификацијата на Божидар Видоески, претставува дел од северните македонски говори. Овој магистерски труд е базиран врз анализа на нов теренски материјал и со користење на соодветни пишани извори за говорот, но и материјали што овозможуваат споредба со соседните и со други македонски говори за да се види простирањето на одделни дијалектни црти.

Селото Сиричино, чијшто говор е предмет на анализа во овој труд, се наоѓа во областа Долни Полог, попрецизно во областа Поселје, која ги опфаќа рамничарските села покрај реката Вардар, од селото Палатица на југозапад до селото Јегуновце на североисток.

Говорот на ова село со поголем дел од своите особености претставува типичен северозападен говор, но со дел од особеностите се разликува од градскиот тетовски говор, а уште повеќе од вратничките говори, така што опишувањето на овој говор ни дава покомплетна слика за распространетоста на јазичните особености на територијата на Долни Полог, односно за правецот на изоглосите на одделни дијалектни црти.

Магистерската теза *Говорот на село Сиричино – Тетовско* содржи 8 главни делови според следниов редослед: *Вовед, Фонетика, Морфологија, Синтакса*, *Лексика, Ономастика, Заклучок; Текстови* и *Литература.* Од прегледот на насловите се гледа дека м-р Душко Деспотовски имал обемна задача да го претстави целиот фонетски и граматички систем на еден говор, сето тоа збогатено со краток осврт и на лексичкиот систем и на микротопонимијата на говорот. Во делот за гласовите, Д. Деспотовски дава историски извод на гласовите во говорот на Сиричино, од кој се гледа и неговото познавање на историската фонологија на македонскиот јазик, што е основа за работа во областа историја на македонскиот јазик.

Сета оваа сеопфатна обработка на магистерскиот труд е добар показател дека се опфатени сите фази потребни за едно истражување, а тоа се: теренско истражување, фонетска обработка на снимениот материјал, селекција и класификација на материјалот и соодветно користење на сите лингвистички термини кои се потребни за ваков јазичен опис.

Во периодот од 2011 година, Душко Деспотовски бил во повеќе наврати ангажиран како соработник во Институтот за различни проекти или активности.

Во 2012 година, м-р Душко Деспотовски бил вклучен на проектот *Дигитализација на дијалектен материјал од Картотеката на одделението за дијалектологија на македонскиот јазик; 1. Занаети*, со внесување и средување на материјал, под раководство на проф. д-р Веселинка Лаброска, а финансиран од Министерството за култура.

Во 2014 година, м-р Душко Деспотовски има објавено научна статија под наслов „Говорот во село Сиричино − Тетовско“ во славистичкото списание „Филолошки студии“.

Во 2020 година, Деспотовски е ангажиран на проектот *Дигитализација на дијалектни материјали од областа на животинскиот свет (домашни и диви животни)*, финансиран од Министерство за култура, реализиран под раководство на проф. д-р Веселинка Лаброска и достапен на следниов линк: http://www.imj.ukim.edu.mk/Proekti.aspx?IdLanguage=1&IdRoot=7&Status=1&Id=13.

Од 1 декември 2022 година, м-р Душко Деспотовски е вработен во Институтот за македонски јазик како соработник истражувач/асистент истражувач во областа историја на македонскиот јазик.

За целиов изминат тригодишен период, м-р Душко Деспотовски со голем ентузијазам се остручува на полето на лексичката и семантичката анализа на лексиката што е дел од Картотеката на проектот *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, постојано следејќи ги насоките посочени во Методологијата за работата на овој речник за начинот на обработка на лексемите од оваа картотека, начинот на кои тие се претставени во томовите објавени досега и принципот според којшто треба да се анализира и да се пребарува материјал од сите црковнословенски споменици од македонска редакција што се предмет на обработка во областа историја на македонскиот јазик.

Темата на докторска дисертација на м-р Душко Деспотовски е со наслов: *Називите за релјеф и геолошки состав на земјата во македонскиот јазик – дијахронија и синхронија,* под менторство на проф. д-р Веселинка Лаброска. Се работи за комплексен приод на анализа на едно семантичко поле, при што кандидатот се осврнува на дадена

лексема од времето на историските потврди во нашите стари ракописи, преку подоцнежни наведувања на дадената лексема, сè до современата појава на дадениот збор и на дијалектно и на стандардно рамниште. Се дава семантиката на историски, но и на современ план, како и етимологијата, според достапната литература. Истражувачкиот проблем е идентификуван преку потребата да се опише дел од лексичкото богатство на македонскиот јазик низ историјата за да се види која лексика опстанала низ вековите, а која е исчезната комплетно или е заменета со нова македонска лексика или со позајмена лексика од различно потекло. Конкретна лексичка граѓа што треба да се обработи семантички и етимолошки се називите за релјеф и геолошки состав на земјата во македонскиот јазик. Во изработката на овој труд ќе биде опфатена дел од лексиката од македонските црковнословенски текстови, односно ќе бидат опфатени лексемите за релјеф и геолошкиот состав на земјата, лексеми во кои се изразени специфичностите на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик кои се пишувани во македонските црковнословенски препишувачки центри во ракописите од XII и XIII век и оние помлади ракописи од XIV до XVI во кои се среќаваат промените што се покарактеристични за македонскиот терен.

Црковнословенските текстови од македонска редакција се продолжение на писмената традиција на Охридската книжевна школа и тие текстови имаат поархаични лексички форми. Истражувајќи за изработка на овој труд преку ракописите што се предмет на проучување, се забележува тенденција за збогатување на лексичкиот фонд, кој укажува на развојот на лексичкиот систем на црковнословенскиот јазик од македонска редакција.

Проучувањето на лексиката од ова семантичко поле и на лексиката воопшто ќе придонесе за збогатување на сознанијата за историјата на македонскиот јазик и за културата на овие простори, како и за зајакнување на свеста за постоењето на националниот културен идентитет низ вековите.

Лексиката на македонскиот јазик претставува уникатен спој на словенското лексичко богатство и балканскиот несловенски слој којшто во некои сфери е повеќе изразен, некаде помалку, но без него не може да се направи комплетна анализа за дадено семантичко поле. Она што е предмет на интерес во овој докторски труд е лексиката со која се именува релјефот и површинскиот состав на земјата во македонскиот јазик како поле што не било комплетно истражувано на дијахрониско рамниште.

Појдовна точка се лексемите што се регистрирани во *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, односно во Картотеката на тој речник со контексти во библиските и во небиблиските текстови што се во таа Картотека.

Се користат текстови од библиска содржина, евангелија, апостоли, псалтири, паримејници, текстови од небиблиска содржина, како што се коментарот кон псалтирот, триоди, минеј, пролог, паренезис, како и дополнително ексцерпирани текстови од XV до XVIII век, текстови со документарна историска граѓа, грамоти, споменици, ерминии, записи коишто придонесуваат за збогатување на материјалот со нови лексеми непотврдени во другите текстови: *Мазуринската крмчија, Трескавечкиот еухологиум, Слоештичкиот патерик, Премчанскиот требник, Тиквешкиот зборник, Трескавичкиот кодик, Кодикот на манастирот Св. Богородица на Матка, Ерменијата на Мојсо Крстов* итн.

Семантиката на лексемата ќе биде извлечена од контекстите, се разбира доколку е различна од онаа во стандардниот македонски јазик.

Секоја од лексемите што постои и на современ план ќе биде опишана според параметрите на *Толковниот речник на македонскиот јазик*. Со тоа ќе се утврди разликата на семантиката доколку ја има. Потврда за формите и за семантиката на одделните лексеми ќе биде дадена и на дијалектно рамниште според *Картотеката на*

*македонскиот дијалектен атлас*. Во оваа картотека, лексиката од ова семантичко поле е распоредена во глава XXII според прашалникот за МДА, изработен од академик Божидар Видоески, а објавен од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во 2000 година. Основните лексеми се следниве: *планина, гора, страна, врв, брдо, тумба, височина, вис, рид, срт, било, слеме, чукар, преслап, подиште, плошт, поле, рамница, клисура, сатеска, пролука, вододелница, дупка, рупа, трап, јама, јазбина, дол, долина, падина, рудина, раздолци, драга, пештера, пропаст, процеп, рамен, стрм, голина, каменест, карпа, спила, камен, камењар, грамада, грагор, бигорлив, грохот, песок, песочен, белутрак, глина, црвеница, црница, слатина, мел, вегица, стипца, кремен.*

М-р Душко Деспотовски во рамките на докторските студии веќе ги има реализирано трите години со задолжителни активности, со што се стекна со 180 кредити. Беа реализирани три годишни семинари и конференции и три работилници. Во тие рамки, м-р Душко Деспотовски ги напиша и ги одбрани следниве рецензирани научни трудови: „Лексичко-семантичка класификација на придавките за психички особини кај човекот“, „Семантика и етимологија на лексемата *страна*“, „Лексемите *брдо* и *врв* во македонскиот јазик – дијахрониска анализа“, „Лексемите *планина, гора, тумба* во македонскиот јазик“.

Останува само да се финализира докторската дисертација и да се одбрани.

Покрај ангажманите на полето на истражувачката работа, м-р Душко Деспотовски е претседател на Синдикалната организација при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и активно е вклучен во сите организациски работи за конференции, промоции и друг тип настани во Институтот, што е показател за неговите организациски способности и умешност за комуникација и соработка со колегите. Д. Деспотовски поседува сертификат за основен тренинг за менаџирање на конфликти, сертификат за напреден тренинг за менаџирање на конфликти и сертификат за успешно учество како волонтер на семинар на тема: „Ајде да учиме англиски“. Тој, исто така, има диплома по успешно завршена обука на MSExcel 2010, спроведена од Семос едукација преку проектот: Директен грант: Поддршка на невработени млади луѓе, долгорочно невработени и жени (2), имплементиран од Агенција за вработување на Република Македонија, 12/2016–2/2017 година.

М-р Душко Деспотовски има уверение за познавање на англиски јазик, ниво Б2, според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

Во изминатиов тригодишен период, тој има учествувано на 9 научни конференции (Меѓународен научен собир во рамките на манифестацијата „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје; Меѓународна научна конференција во рамките на манифестацијата „Отворени денови на Институтот за македонски јазик“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје; Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Охрид; учество на други меѓународни научни конференции, тркалезни маси и трибини во земјата и во странство.

М-р Душко Деспотовски ги има објавено следниве научни трудови, сам или коавторски:

„Говорот во село Сиричино –Тетовско“, *Македонистика* 18/1, 2019, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

„Лексичко-семантичка класификација на придавките за психички особини кај човекот“, меѓународен научен собир „Од збор до речник“, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2023, (во печат).

„Фонетските карактеристики на говорот во село Сиричино – Тетовско“, *Македонски јазик,* LXXIV, 2023, стр. 123 –129.

„Семантиката на дел од глаголите кои значат движење во македонскиот јазик и споредба со другите јужнословенски јазици“ (во коавторство со м-р Сунчица Трифуновска-Јаниќ), по повод 50. Меѓународна научна конференција на МСМЈЛК при УКИМ во Скопје (Охрид, 1 – 3.9.2023), Скопје 2024, стр. 206 – 215.

„Лексемите ***планина, гора, тумба*** во македонскиот јазик – дијахрониска анализа“, 51. Меѓународна научна конференција во Охрид на МСМЈЛК при УКИМ, 30 – 31август, Охрид, 2024, Скопје 2025, стр. 401 – 417.

„Семантика на глаголите оди и иде – македонско-црногорски паралели“, Cetinski filološki dani IV (ur. Novica Vujović), Cetinje, 2025, 617–637 (коавторски со Сунчица Трифуновска Јаниќ и Веселинка Лаброска).

„Семантика и етимологија на лексемата *страна“, IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 2024 (во печат).

„Јазичните грешки во јавните медиуми“, *Меѓународен научен собир* „Јазикот во медиумите – состојби, предизвици и перспективи“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 2025 (коавторски со Македонка Додевска, Веселинка Лаброска), (во печат).

**Заклучок и предлог**

Од сето погоре изложено можеме да истакнеме дека **м-р Душко Деспотовски**, вработен на Проектот *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, докторанд по Македонистика од областа историја на македонскиот јазик, поточно дијахрониска анализа на дадено семантичко поле, ги поседува сите потребни научни и стручни квалификации за да биде преизбран во звањето **соработник истражувач/асистент истражувач** во областа историја на македонскиот јазик, па затоа со задоволство му предлагаме на Советот на Институтот да биде преизбран во ова звање.

Скопје, 8.8.2025 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Веселинка Лаброска, н. сов./ред. проф., с.р.**
**Д-р Катица Трајкова, н. сов./ред. проф., с.р.**
**Д-р Наталија Андријевска, н. сов./ред. проф., с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМУНИКОЛОГИЈА ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 12.6.2025 (четврток) година, за повторен избор за асистент истражувач од областа комуникологија, и врз основа на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, бр. 02-330/1, донесена и заверена на 14.7.2025 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елена Јованова-Грујовска, научен советник/редовен професор на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, д-р Весна Костовска, научен советник/редовен професор на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје и д-р Симон Саздов, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за повторен избор на асистент истражувач во научната област комуникологија, во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Марија Антевска-Рисафова.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Марија Антевска-Рисафова е родена на 6 октомври 1989 г. во Скопје. Основното и средното образование го завршила во родниот град. Потоа студирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката Политички науки, а паралелно се запишала и на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на Катедрата за македонски јазик и книжевност. Тригодишните студии на Правниот факултет ги завршила во 2011 година, додека Филолошкиот факултет го завршила во 2015 година со одбрана на магистерскиот труд „Метафората во поезијата на Катица Ќулавкова“.

Во 2014 година магистрирала на Правниот факултет на насоката Деловно право со просечна оценка 9,42, со одбрана на магистерскиот труд „Правна рамка на навредата и клеветата во медиумскиот простор со посебен осврт на Република Македонија“, а во 2021 година магистрирала и на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, на насоката Македонистика со комуникологија, со просечна оценка 10,00, со одбрана на магистерскиот труд насловен „Фитонимите како израз на богатството на македонската фразеологија“. Таа во моментов е докторанд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на насоката Македонистика, потпрограма: Македонски јазик и лингвистика. Во јуни 2024 година го пријавила предлог-проектот за изработка на докторска дисертација под наслов: „Македонскиот политички дискурс од јазично-стилски аспект: анализа на рекламите во предизборните кампањи“, под менторство на проф. д-р Симон Саздов.

Марија Антевска-Рисафова била ангажирана на повеќе работни места: наставник по предметот Македонски јазик и литература во ДУФК „Методи Митевски-Брицо“ – Скопје (2015 – 2016); наставник по предметот Македонски јазик во ООУ „Љубен Лапе“ – Скопје (2016); раководител во ДСУ „Спортска академија“ – Скопје (2016 – 2017); секретар во ДСУ „Спортска академија“ – Скопје (2017 – 2019); како правник во ПЗУ општа болница „Ре-Медика“ – Скопје (2019 – 2022).

Од 2022 година работи како асистент истражувач на областа комуникологија во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1268, од 15.9.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1268, од 15.9.2022 година, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **Научноистражувачка дејност**

М-р Марија Антевска-Рисафова има објавено вкупно 10 (десет) научни труда, од кои 1 (еден) труд во научно/стручно списание, 9 (девет) труда во зборници на трудови од научни собири со меѓународна редакција, како и 1 (една) хроника.

Кандидатката учествувала како автор или како коавтор при изработка на следните научни и стручни трудови:

- 2023: „Овошјето и овошните растенија во македонската фразеологија“, XLIX меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 4 и 5 септември 2022 година, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 140–155;
- 2023: „Етнонимите во македонската фразеологија“, Литературен збор 4–6, 2022, 67–78;
- Пандева М., Антевска, М., Павлова, А. 2024: „Мисирков, Рацин и Шопов во дигиталниот простор: состојби и перспективи“, 50. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје, Охрид, 1 – 3 септември 2023 година, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 48–60 (коавторски труд со м-р Марија Пандева и м-р Андријана Павлова);
- 2024: „Минатото неопределено време во ‘За македонцките работи’ од Крсте Мисирков“, Зборник на трудови од VIII меѓународна научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, Скопје 28 и 29 јуни 2023 година, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 25–33 (коавторски труд со проф. д-р Борче Арсов и м-р Андријана Павлова);
- 2024: „Осврт кон придонесот на руските слависти за македонистиката“, IV меѓународна научна конференција „Рускиот јазик, литература и култура: минато, сегашност, иднина“, Руски центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 27 – 29 септември 2023 година, Скопје (коавторски труд со м-р Андријана Павлова), (во печат);
- 2024: „Клетвите и благословите во изданието „Сто години македонска драма“, Лексиката во македонската народна проза, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 179–184 (коавторски труд со м-р Филип Белчев);
- 2024: “The news of part of the national television channels on the Macedonian National Holiday”, Transmedialne i multimodalne narracje i dyskursy w obliczu zagrożeń cywilizacyjnych. Wolność – odpowiedzialność – bezpieczeństwo w języku i postawach Polaków w XXI wieku, Polska akademia umiejętności, 7–8 ноември 2023 година, Краков (коавторски труд со проф. д-р Елена Јованова-Грујовска), (во печат);
- 2024: „Отворени денови на Институтот за македонски јазик (14 – 18 октомври 2024 г.), IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ (16 – 17 октомври 2024 г.)“, Македонски јазик, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје (коавторски труд со м-р Андријана Павлова), (во печат);
- 2024: „Фразеологизми со компонента трн во македонскиот јазик“, Меѓународен научен собир „Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања“ (30 – 31 мај 2024 година), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (коавторски труд со проф. д-р Борче Арсов), (во печат);

- 2024: „Концептуалните метафори во македонскиот политички дискурс“, IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ (16 – 17 октомври 2024 година), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (во печат).

М-р Марија Антевска-Рисафова учествувала на повеќе проекти: како соработник на проектот „Дигитализација на Картотеката на глаголите на македонскиот јазик“ (2011); како соработник на проектот „Речник на синоними во македонскиот јазик“ (2016 – 2017); како соработник на проектот „Семантичко-деривациски речник на деминутиви, хипокористици, аугментативи и пејоративи“ (2015 – 2018); на проектот „Дигитализација на лексичкиот материјал од Картотеката на македонската народна проза (изработка на индекс на зборови, Ѓ – И) (2021); како коректор во подготовката на електронското издание на Толковниот речник на македонскиот јазик (2021); како соработник на проектот „Лексиката во македонската народна проза“ (2021 – 2023), како соработник на проектот „Правописно-нормативен речник на македонскиот стандарден јазик“ (2024) и во моментов како соработник на проектот „Медиумскиот дискурс и македонскиот јазик“ (2025–).

М-р Антевска-Рисафова учествувала на повеќе меѓународни научни конференции во државата и во странство, меѓу кои:

- меѓународен научен собир ОД ЗБОР ДО РЕЧНИК, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 4 – 5 мај 2023 година, Скопје, со трудот „За потребата од колокациски речник на македонскиот јазик“ (коавторски со проф. д-р Борче Арсов и м-р Андријана Павлова);
- VIII меѓународна научна конференција КРСТЕ МИСИРКОВ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗБОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 29 – 30 јуни 2023 година, Скопје со трудот „Минатото неопределено време во „За македонцките работи“ од Крсте П. Мисирков“ (коавторски со проф. д-р Борче Арсов и м-р Андријана Павлова);
- Međunarodni simpozijum Cetinjski filološki dani IV, Fakultet za crnogorski jezik I književnost, 6 – 8 септември 2023 година, Цетиње, со трудот „Фразеолошкиот потенцијал на цвеќињата во македонскиот и во црногорскиот јазик“ (коавторски со проф. д-р Елена Јованова-Грујовска);
- IV меѓународна научна конференција „Рускиот јазик, литература и култура: минато, сегашност, иднина“, Руски центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 27 – 29 септември 2023 година, Скопје, со трудот „Осврт кон придонесот на руските слависти за македонистиката“ (коавторски со м-р Андријана Павлова);
- Transmedialne i multimodalne narracje i dyskursy w obliczu zagrożeń cywilizacyjnych. Wolność – odpowiedzialność – bezpieczeństwo w języku I postawach Polaków w XXI wieku, Polska akademia umiejętności, 7–8 ноември 2023 година, Краков со трудот „The news of part of the national television channels on the Macedonian National Holiday“ (коавторски со проф. д-р Елена Јованова-Грујовска);
- меѓународен научен собир „Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 30 – 31 мај 2024 година, Делчево, со трудот „Фразеологизми со компонента трн во македонскиот јазик“ (коавторски со проф. д-р Борче Арсов);
- IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 16 – 17 октомври 2024 година, Скопје, со трудот „Концептуалните метафори во македонскиот политички дискурс“;
- IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 16 – 17 октомври 2024 година, Скопје, со трудот „Развојот на видеоигри на македонски јазик како механизам за заштита и за промоција на македонскиот јазик“ (коавторски со Гораст Цветковски и м-р Андријана Павлова);

- меѓународен научен собир „Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи)“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 15 – 16 мај 2025 година, Скопје, со трудот „Слоганот во предизборните кампањи“.

3. **Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката м-р Марија Антевска-Рисафова држела настава по предметите Македонски јазик и литература (2015 – 2016 во ДУФК „Методи Митевски Брицо“ – Скопје) и Македонски јазик (2016 во ООУ „Љубен Лапе“ – Скопје).

М-р Антевска-Рисафова во февруари 2022 година се запишала на трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на програмата Македонистика. Како дел од докторските студии, учествувала на две годишни конференции. Со пријавата на предлог-проектот за изработка на докторска дисертација, „Македонскиот политички дискурс од јазично-стилски аспект: анализа на рекламите во предизборните кампањи“, истражувањата се насочени кон анализа на јазикот во македонскиот политички дискурс.

Досегашниот научен интерес на м-р Антевска-Рисафова се препознава во повеќе области: современ македонски јазик, проучувања од областа на лексикологијата, фразеологијата, комуникологијата, на когнитивната лингвистика итн.

**<u>Членство во научни и во други асоцијации:</u>**

- член на Конкурсната комисија за распишување Конкурс за најдобар есеј за студенти на РС Македонија на тема „Што направивме и што треба да направиме за македонскиот јазик“ (2023);
- секретар на Организацискиот одбор за јубилејот 70 години постоење на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, во рамките на манифестацијата „Отворени денови на Институтот за македонски јазик“, 26 – 30 јуни 2023 година;
- член на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција „Македонците и Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949): 75 години потоа“, по повод 75-годишнината од завршувањето на Граѓанската војна во Грција. Републичко здружение на децата бегалци „Т’га за југ“, Институт за национална историја, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје и Институт за литература, 29 март 2024 година, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје;
- секретар на Организацискиот одбор на манифестацијата „Отворени денови на Институтот за македонски јазик“, 14 – 18 октомври 2024 година, Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“;
- секретар и член на Извршниот одбор на Здружението на лектори на РС Македонија (2024 –);
- член на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (2025 –).

**<u>Друго:</u>**

- лектор по македонски јазик (2015–);
- учество во организација и координација на настан по повод одбележувањето на Денот на мајчиниот јазик (21 февруари) во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (21.2.2023 г.);
- техничка и организациска поддршка на Организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција во рамките на манифестацијата „Отворени денови на Институтот за македонски јазик“, 28 – 29 јуни 2023 година;
- учество во документарната емисија на МРТ 70 години Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, емитувана на 27.6.2023 г. (https://play.mrt.com.mk/play/63420. Пристапено на: 10.12.2023);
- предавања на ученици, студенти и др. посетители на спомен-собата на Крсте Мисирков во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје

(заедно со проф. д-р Лидија Тантуровска, доц. д-р Македонка Додевска и м-р Марија Пандева), (2022 – );

- соработник на проектот Споменица 70 години ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (2023);
- соработник (препишување на текстот) на проектот „Словенизмите во балканските јазици“ од д-р Мито Аргировски, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (2023)
- учество во организација и координација на настан по повод одбележувањето на Денот на мајчиниот јазик (21 февруари) во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (21.2.2024 г.);
- технички секретар на Зборникот „Лексиката во македонската народна проза“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, под раководство на проф. д-р Елена Јованова-Грујовска;
- технички секретар на списанието „Македонски јазик“ (2022 – 2024);
- учество во емисија посветена на 5 Мај – Денот на македонскиот јазик на МРТ (2024);
- презентација на рецензираниот труд „Преглед на истражувањата на македонскиот политички дискурс од јазичен аспект“ на Втората годишна конференција на Школата за докторски студии, 11.12.2024 г. (рецензенти: проф. д-р Симон Саздов, проф. д-р Искра Пановска-Димкова и проф. д-р Елена Јованова-Грујовска).

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната, како и дејноста од поширок интерес на м-р Марија Антевска-Рисафова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Марија Антевска-Рисафова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, Законот за научноистражувачката дејност и Правилникот за начинот и постапката за избор и за предвремен избор во научно/наставни и соработнички звања на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови и затоа ја препорачува м-р Марија Антевска-Рисафова повторно да биде избрана во звањето асистент истражувач во научната област комуникологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, н. сов., с.р.**
**Проф. д-р Весна Костовска, н. сов., с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР ЗА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ОД ОБЛАСТА ОНОМАСТИКА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 12.6.2025 (четврток) година, за повторен избор за асистент истражувач од областа ономастика, и врз основа на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, бр. 02-330/1, донесена и заверена на 14.7.2025 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Мери Јосифовска, научен советник/редовен професор на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, д-р Елка Јачева-Улчар, научен советник/редовен професор на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје и д-р Симон Саздов, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за повторен избор на асистент истражувач во научната област ономастика, во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Мирјана Вељаноска-Томовска.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Мирјана Вељаноска-Томовска е родена на 27 јули 1985 година во Тетово. Високото образование го завршила во 2009 г. на Филолошкиот факултет, Катедра за македонски јазик и литература, на Државниот универзитет во Тетово, со просечна оценка 9,37. Во 2012 година го положила испитот за лектор, со што активно се вклучува во таа област и се јавува како лектор на многу трудови и книги од различни области. Во 2017 година, во Институтот за македонски јазик магистрирала на програмата Македонистика со комуникологија, со одбрана на трудот „Говорот во село Рогачево“, под менторство на проф. д-р Веселинка Лаброска, со просечна оценка 10. Во 2022 година се запишала на докторски студии на Филолошкиот факулетет „Блаже Конески“, на програмата Македонистика – македонски јазик и лингвистика, под менторство на проф. д-р Симон Саздов. Истражувањата во нејзината докторска дисертација се насочени кон ономастиката, а темата за изработка на докторски труд со наслов: „Топонимијата на областа Подгор, Тетовско“, е одобрена за работа со одлука од ННС/НС на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на 22.4.2024 г.

Работното искуство го започнала во 2010 г., кога се вработила во ООУ „Коста Рацин“ во Брвеница, како наставник по македонски јазик и библиотекар. Во периодот додека работела како наставник, учествувала на општински, регионални и државни натпревари по предметот Македонски јазик, како и на бројни литературни конкурси, од каде што добила дипломи, пофалници и благодарници за менторство на учениците.

Од октомври 2019 до декември 2022 г. е директорка на ООУ „Коста Рацин“ во Брвеница. Од 2020 до 2023 г. е ангажирана и во приватното училиште „Maarif International School“ – Тетово, како професор по предметот Македонски јазик за заедниците.

Од декември 2022 г. работи како асистент истражувач во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, во Одделението за ономастика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1272, од 15.11.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1272,

од 15.11.2022 година, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Мирјана Вељаноска-Томовска има објавено вкупно 9 (девет) научни труда, од кои 4 (четири) труда во научно/стручно списание, 5 (пет) труда во зборници на трудови од научни собири со меѓународна редакција, како и 1 (една) хроника.

Кандидатката учествувала како автор или како коавтор при изработка на следните научни и стручни трудови:

- Убавка Гајдова, Мирјана Вељаноска, 2011, „За истражувањата на горанскиот говор“, *Литературен збор*, LIX, 4-6, s. 169-177.
- Мирјана Вељаноска-Томовска, 2017, *Говорот во село Рогачево*, магистерски труд, Македонистика, 21, 2022 г.
- Мирјана Вељаноска-Томовска, 2023, *„Прекарите во село Јегуновце, Тетовско“,* Македонски јазик LXXIV, 2023 г.
- „Од лексичкото богатство на горанскиот говор во Полог (во светло на важноста за изработка на дијалектни речници на македонските говори)“*, Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир – Од збор до речник*. 27. Денови на Благоја Корубин (4 и 5 мај 2023 г.) ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје (коавторство со Томовски Д.), (во печат).
- Вељаноска-Томовска, М. 2024: Хроника за 51. МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА – ЛИНГВИСТИЧКА СЕКЦИЈА Македонски јазик LXXV, ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје.
- Јосифовска, М. Вељаноска-Томовска, М. 2024: „Семантичката функција на суфиксот *-иште/-ишта* во топонимијата на Тетовско“, Македонски јазик LXXV, ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје.
- Вељаноска-Томовска, М. Томовски, Д. 2024: „Балканизмите во горанскиот говор“ Зборник од 51. Меѓународна научна конференција на МСМЈЛК при УКИМ (во печат).
- Јосифовска М. Вељаноска-Томовска М. 2025: „*Етници и ктетици од имињата на населените места во областа Подгор, Тетовско*“, Зборник на трудови од IX меѓународна научна конференција МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗВОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА 2024 г., Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (во печат).
- Вељаноска-Томовска М. Томовски Д. 2025: „Дијалектите и социолектите во електронските медиуми“, Зборник на трудови од меѓународниот научен собир *Јазикот во медиумите* (*состојби, предизвици, перспективи*), 2025 г., ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје (во печат).

М-р Мирјана Вељаноска-Томовска учествувала во неколку проекти:

- надворешен соработник на проектот *Македонски дијалектен атлас,* од 2010 до 2013 г.;
- соработник на проектот *Дигитализација на лексички материјали,* одобрен со Годишната програма на Министерството за култура за финансирање проекти од национален интерес во културата, 2011 г.;
- соработник на проектот *Говорите на исламизираните Македонци во Полошко* – проект од приоритетен карактер според Договорот за реализација на проекти од национален интерес во културата, Министерство за култура (Теренски

истражувања во областа Гора, Косово);

- учество во подготовки за печатење на книгата *Лексички, зборообразувачки и морфотактички особености на македонските дијалекти* – Маријана Киш (внес на материјал и техничка обработка).

М-р Вељаноска-Томовска учествувала на повеќе меѓународни научни конференции во државата и во странство, меѓу кои:

1. меѓународен научен собир *Од збор до речник*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 4 – 5 мај 2023 година, Скопје.

*Од лексичкото богатство на горанскиот говор во Полог (во светло на важноста за изработка на дијалектни речници на македонските говори),* (коавторски со м-р Дарко Томовски)

2. VIII меѓународна научна конференција *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 28 – 29 јуни 2023 година, Скопје.

*Микротопонимите во селото Рогачево*

3. Međunarodni simpozijum Cetinjski filološki dani IV, Fakultet za crnogorski jezik i književnost, 6–8 септември 2023 година, Цетиње.

*Членот во горанскиот говор* (коавторски со: м-р Дарко Томовски)

4. Трибина „Мисирков, отпосле“, тема: *Македонскиот јазик во наставата*. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје и НУ Јордан Х. К. Џинот – Велес.

5. Меѓународен научен собир *Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања,* Делчево, 2024 г., организиран во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Благоја Корубин,* со научниот труд: *Семантичката функција на суфиксот -иште/-ишта во топонимијата на Тетовско* (коавторство со проф. д-р Мери Јосифовска).

6. IX меѓународна научна конференција МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗВОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 16 – 17 октомври 2024 година, со научниот труд *Етници и ктетици од имињата на населените места во областа Подгор, Тетовско* (коавторство со проф. д-р Мери Јосифовска).

7. Учество на 51. Меѓународна научна конференција на МСМЈЛК при УКИМ, Охрид, 20 – 31 август 2024 г., со трудот „Балканизмите во горанскиот говор“

8. Учество на меѓународниот научен собир *Јазикот во медиумите* (*состојби, предизвици, перспективи*), во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Благоја Корубин 2025 г.*, со трудот „Дијалектите и социолектите во електронските медиуми“.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката м-р Мирјана Вељаноска-Томовска држела настава по предметите Македонски јазик и литература (2010 – 2019 во ООУ „Коста Рацин“ – Брвеница) и Македонски јазик за заедниците (2020 - 2023 во приватното училиште „Maarif International School“ во Тетово).

Со полагање на испитот за лектор во 2012 г., безрезервно е посветена на македонскиот правопис и се среќава како лектор на повеќе трудови од различни теми.

М-р Вељаноска-Томовска во ноември 2022 година се запишала на трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на програмата Македонистика. Како дел од докторските студии, учествувала на две годишни конференции во II и IV семестар и одржала една работилница.

Досегашниот научен интерес на м-р Вељаноска-Томовска се препознава во повеќе области: ономастика, дијалектологија, современ македонски јазик итн.

**Друго:**

- лектор по македонски јазик (2012 – );
- член на Конкурсната комисија за распишување Конкурс за најдобар есеј за студенти на РС Македонија на тема „Што направивме и што треба да направиме за македонскиот јазик“ (2023);
- техничка и организациска поддршка на Организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција во рамките на манифестацијата „Отворени денови на Институтот за македонски јазик“, 28 – 29 јуни 2023 година;
- соработник (препишување на текстот) на проектот „Словенизмите во балканските јазици“ од д-р Мито Аргировски, Институт македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (2023);
- учество во организација и координација на настан по повод одбележувањето на Денот на мајчиниот јазик (21 февруари) во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (21.2.2024 г.);
- учество во емисија посветена на 5 Мај – Денот на македонскиот јазик на МРТ (2024);
- промотор на монографијата „Турските морфолошко-лексички елементи во македонската топонимија“ од д-р Зоран Спасовски, на промоцијата на изданијата на ИМЈ „Крсте Мисирков“, организирана во рамките на Отворените денови на Институтот, октомври 2024 г.;
- учество во организација и координација на настан по повод одбележувањето на Денот на мајчиниот јазик (21 февруари) во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (21.2.2025 г.);
- модератор на настанот во ИМЈ „Крсте Мисирков“ во Скопје по повод 100 години од раѓањето на д-р Трајко Стаматоски, 6.5.2025 г.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната, како и дејноста од поширок интерес на м-р Мирјана Вељаноска-Томовска

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Мирјана Вељаноска-Томовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, Законот за научноистражувачката дејност и Правилникот за начинот и постапката за избор и за предвремен избор во научно/наставни и соработнички звања на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“– Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови и предлагаме да биде повторно избрана во звањето асистент истражувач во научната област ономастика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мери Јосифовска, н. сов., с.р.**
**Проф. д-р Елка Јачева-Улчар, н. сов., с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, с.р.**